УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Постдипломски студии по безбедност – Насока: Разузнавање

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО И НА КОНТРАРАЗУЗНАВАЧКИТЕ ПРОГРАМИ И СТРАТЕГИИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Кандидат:

Теодора Ѓорѓиевска

Бр. на индекс: 5425/22

Ментор:

Проф. д-р Тања Милошевска

Скопје, 2024

# СОДРЖИНА:

**1. ВОВЕД……………………………………………………………………………5**

Теориски пристап кон истражување

1.1. Истражувачки проблем……………………………………………………6

1.2. Дефинирање на предмет на истражување……………………………8

1.3. Дефинирање на клучни поими на истражување…………………10

1.4. Цел и задачи на истражување…………………………………………14

1.5. Истражувачки прашања……………………………………………………16

1.6. Хипотези…………………………………………………………………………16

1.7. Идентификација на варијабли…………………………………………18

1.8. Методи на истражување…………………………………………………21

2. РАЗУЗНАВАЊЕ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ

2.1. Поим и дефинирање на разузнавање…………………………………23

2.2. Историски развој на разузнавањето…………………………………25

2.3. Нивоа на разузнавање……………………………………………………28

2.4. Видови разузнавање………………………………………………………29

2.5. Разузнавачки служби………………………………………………………31

2.5.1. Организација во разузнавачките служби……………………33

2.5.2. Содржина на работата на разузнавачките служби…………34

2.6. Разузнавачки процес………………………………………………………36

2.7. Разузнавачки дисциплини………………………………………………40

2.8. Контраразузнавање…………………………………………………………41

2.8.1. Поим и дефинирање на контраразузнавање…………………42

2.8.2. Почетоци на контраразузнавање…………………………………43

2.8.3. Функции на контраразузнавање……………………………………44

2.8.4. Контраразузнавачки процес…………………………………………47

2.8.5. Контраразузнавачки служби…………………………………………48

## 3. ТЕРОРИЗАМ И САМОУБИСТВЕН ТЕРОРИЗАМ

3.1. Поим за тероризам..........52
3.2. Профил на терорист..........56
3.3. Терористичка мотивација..........57
3.4. Видови тероризам..........59
3.5. Видови и методи на терористички напади..........61
3.6. Самоубиствен тероризам..........63
3.6.1. Предности на самоубствениот тероризам..........65
3.6.2. Глобализација на самоубствените терористички напади..........66
3.6.3. Мотивација на терористи самоубијци..........69
3.6.4. Регрутација на терористи самоубијци..........73

## 4. УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ЗА ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ЗАКАНИТЕ ОД САМОУБИСТВЕН ТЕРОРИЗАМ

4.1. Разузнавачки информации..........77
4.1.1. Информации добиени од хјуминт-разузнавачи..........77
4.1.2. Други извори за добивање разузнавачки информации..........80
4.2 Обработка на разузнавачки информации, анализи и статистики за самоубствениот тероризам и самоубствените напади..........82
4.2.1. Соодност помеѓу самоубствените терористички напади и несамоубствените терористичките напади..........82
4.2.2. Регионална застапеност на самоубствениот тероризам..........86
4.2.3. Промоција на феминизмот и кршење на стереотипите..........89
4.3. Разузнавачки активности за справување со самоубствениот тероризам..........92

## 5. МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА НА ТЕРОРИЗМОТ И САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

5.1. Програми и стратегии за справување со самоубствениот тероризам..........96
5.1.1. Ефикасна стратегија за справување со нападите од „доброволците на смрт“..........96
5.1.2. Мерки за справување со самоубствениот тероризам..........98

5.2. САД и меѓународните организации во борба против тероризмот и самоубиствениот тероризам....................101

5.3. Дали стратегиите за борба против тероризмот доведуваат до негово намалување?....................103

5.4. Справување со новиот тероризам....................105

**6. ЗАКЛУЧОК....................107**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....................111**

# 1. ВОВЕД

Најважниот елемент во новото време на тероризмот е фактот дека самоубиствениот тероризам стана самото лице на тероризмот во светот. Покрај тоа, во современото време, самоубиствениот тероризам еволуираше на сопствен начин. Откако Либан во 1980-тите имаше големо влијание за самоубиствениот тероризам во светот, се чини дека нападите од 11 септември во Њујорк означија сосема нова ера на тероризмот во целина. Станува исклучително клучно да се разбере начинот на кој самоубиствениот тероризам еволуираше денес и видовите предизвици што ги поставува за безбедноста на глобално ниво. Самоубиствениот тероризам стана транснационална закана и разните инциденти ја симболизираа неговата еволуција во последно време[1].

Заканата од тероризам повеќето од земјите во светот ја сметаат за една од најсериозните закани за човештвото. По нападите на 11 септември 2001 година, САД спроведоа контраофанзива, започнаа војна против тероризмот, а заканата од тероризам ја рангираа на првото место на закани за државата. Последиците од терористичките напади не се споредуваат со последиците од класичните војни од минатото. Непредвидливоста е она што ги окарактеризира терористичките напади. Стравот кој тие го влеваат во населението е она што доведува до дополнителна параноја, а со тоа и нестабилност и немири во државите кои се цел на напад на терористите.

Државите во секој момент може да бидат погодени од напад на терористи. Не постои држава којашто е 100 % сигурна дека е безбедна и дека на нејзина територија не е можно да се случи терористички напад. Од големо значење за справување со овие закани се разузнавачките и безбедносните служби на државите. Истражувањето и прибирањето информации за терористичките организации е најтешката, но истовремено и најнеопходната задача на разузнавањето и разузнавачките служби со цел успешно менаџирање на заканата од тероризам.

Тероризмот постојано ги следи најновите софистицирани методи, а разузнавањето мора да биде чекор пред терористичките организации и да ги

[1] Radhika Halder, “*Understanding Suicide Terrorism*“, Routledge, Taylor and Francis, 2020.

открие тие методи пред овие организации да ги употребат. Справувањето со оваа закана би било уште посложено доколку нема соработка помеѓу разузнавачките служби. Особено би се олеснило доколку разузнавачките служби од државата се поврзат со разузнавачките служби од регионот. Глобалните терористички закани бараат глобално поврзување на разузнавањето и разузнавачките служби во светот.

Тероризмот денес зафати нови облици и форми. Класичниот тероризам веќе не е она од што државите најмногу стравуваат. Развојот на информатичката технологија овозможи полесен пристап на терористите до оружје, пари и регрутација на нови членови. Технологијата овозможи да се изведуваат напади од далечина врз критичната инфраструктура, како и напади на официјалните веб-страници на компаниите и владините институции.

Терористичките организации во 21 век развија нов метод на напад со кој самиот терорист „се разнесува“, односно се самоубива. Така самиот метод отвори ново поглавје во современиот тероризам наречено самоубиствен тероризам. Ова е еден од најбруталните начини за изведување напад. Улогата на разузнавањето во борбата против самоубиствениот тероризам е важна алатка. Собирањето информации и превенцијата од оваа закана може да доведат до намалување на бројот на нападите. Доколку успееме да го откриеме следниот чекор на терористот, ние имаме предност и можност за успешно одвраќање на нападот. Остварената предност ни овозможува да развиеме контраофанзивни мерки против овие самоубиствени напади, создавајќи контраразузнавачки програми и стратегии кои подоцна би овозможиле рано дијагностицирање на самоубиствениот тероризам.

# Теориски пристап кон истражување

## 1.1. Истражувачки проблем

Разузнавањето постои од многу одамна и се користи во секојдневниот живот на луѓето, но особено е битно кога е насочено кон зачувување на безбедноста на луѓето и државата. Разузнавачките информации влијаат врз националната, регионалната, па и меѓународната безбедност и може да доведат до промена во

политиките на државите. Разузнавачкото прибирање информации се труди да навлезе во она што е забрането за вообичаеното прибирање информации. Разузнавачкото прибирање е собирање информации без соработка и знаење на разузнаваната држава, терористичка организација, мрежи на глобални групи на организираниот криминал, односно можната цел[2]. Тоа најчесто се изведува со специјални, прикриени средства дизајнирани за продирање во тајната организираност на потенцијалните цели[3].

Контраразузнавањето постои за да се испречи пред разузнавањето и да го стопира процесот на добивање разузнавачки информации. Контраразузнавањето всушност претставува „активности за заштита од странски атентати, шпионажа, саботажа и напори за собирање разузнавачки информации“[4]. Поимите разузнавање и контраразузнавање и нивните активности ќе претставуваат појдовна точка за анализа на справувањето со тероризмот, а особено со самоубиствениот тероризам.

Тероризмот претставува незаконска употреба на сила и насилство против лица и објекти со цел да се заплаши, или да се принуди владата, населението или кој било сегмент на општеството, во остварувањето на своите крајни политички и општествени цели. Тероризмот го нарушува мирот на граѓаните и доведува до дестабилизација на државите и може да доведе до опасност во големи размери. Тероризмот во суштина претставува криминална повреда на скоро секој национален или меѓународен правен поредок[5]. Според Интерпол, тероризмот е криминал кој го карактеризира насилството или заплашувањето, најчесто против невини жртви, во настојувањата да оствари политички или општествени цели.

Самоубиствениот тероризам како дел од тероризмот ги поседува карактеристиките на тероризмот кои се надополнети со „саморазнесување“, односно самоубивање на терористот при изведувањето на терористичкиот напад. Самоубиствениот тероризам има за цел да ја принуди државата на непријателот да ги исполни барањата на терористите и да ги казни членовите на

---

[2] Котовчевски М., *„Основи на разузнавање“*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр. 33-34
[3] Исто, стр. 34
[4] Котовчевски М., Котовчевска Б., *„Англиско-македонски речник на разузнавачка и контраразузнавачка терминологија“*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр.73
[5] Котовчевски М., *„Современ тероризам“*, Македонска цивилизација, Скопје, 2003, стр. 24

државата – мета за секое зло кое е нанесено на нивната заедница[6]. Вистински самоубиствен напад е кога терористот знае многу добро дека нападот нема да биде извршен ако тој не загине во процесот[7]. Самоубиствените напади може да бидат употребени во воени операции (пр. целење на воен персонал, инфраструктура, итн.) или пак да бидат насочени кон цивилни цели.

Во овој труд вниманието е насочено кон самоубиствениот тероризам и улогата на разузнавањето и контраразузнавачките програми и стратегии во справување со него. Проблем во светски рамки претставува справувањето со тероризмот, но ние ќе се насочиме на справувањето со самоубиствениот тероризам. Како и дали може да се спречат самоубиствените напади, како да се намали нивниот разорен ефект? Ќе се обидеме да најдеме начини за откривање и справување со сите можни видови на самоубиствениот тероризам.

Ќе ги анализираме видовите и начините на разузнавањето и контраразузнавањето. Ќе откриеме како сето тоа може да влијае во борбата против самоубиствените терористички напади. Ќе ги анализираме општо тероризмот и видовите тероризам. Ќе направиме теоретски напори со кои ќе се обидеме подетално да ги анализираме современиот тероризам и предизвиците кои произлегуваат од него. Ќе биде направена компарација помеѓу самоубиствените терористички напади и несамоубиствените терористички напади, со кои ќе се прикаже нивниот сооднос и колкава е застапеноста на самоубиствените напади. Накрај ќе се обидеме да го објасниме разузнавањето против самоубиствените напади, како тоа влијае и може да помогне во разоткривање и спречување на самоубиствените терористички напади. Сето ова ќе биде надополнето со контраразузнавањето и контраразузнавачките програми за справување со  самоубиствениот тероризам.

## 1.2. Дефинирање на предмет на истражување

Предмет на истражување на магистерскиот труд претставува улогата на разузнавањето и контраразузнавачките програми и стратегии кои се преземаат за справување со самоубиствениот тероризам и терористите самоубијци. Се поставува прашањето како може да се намалат овие самоубиствени напади и

[6] Милошевска Т., *„Глобален тероризам“*, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр. 71
[7] Исто, стр. 73

нивните убиствени ефекти, бидејќи до целосно спречување речиси е невозможно да се дојде. Собирањето информации, истражувањето, постојаната соработка со разузнавачите и разузнавачките служби би ги откриле причините за мотивација на овие терористи. Овие причини може да бидат од најразлична природа и може да имаат најразлична цел која, доколку разузнавачите ја разоткријат, би имале одредена предност.

Терористите самоубијци немаат страв дека ќе бидат уапсени, заробени или испрашувани од страна на безбедносните сили и немаат потреба од планови за бегство. Тие не ни помислуваат за последиците кои може да ги сносат при откривање на нивните планови, бидејќи самото разоткривање и спречување се доста компликувани со оглед на фактот дека терористот кога ќе се насочи кон целта, дури и безбедносните сили да успеат да спречат да стигне тој до целта, сепак тој може да го активира експлозивниот апарат, да се „разнесе“ и да направи штета. Откривањето на самоубиствените напади претставува голем предизвик за државите и нивните разузнавачки служби.

Примарна цел на државите е заштита и безбедност на своите граѓани, бидејќи во спротивно би се разнишале мирот и стабилноста во државите. Затоа државите активно се вклучуваат во справување со ризици и спречување ескалација на настани кои може да донесат фатални последици. Често сето ова не може да биде транспарентно и целата јавност да биде информирана за случувањата и активностите во/на државите. Справувањето со терористичките организации, односно извршувањето на разузнавачките активности се проследени со огромна тајновитост. За да бидат успешни информациите и активностите кои се преземаат во борбата против тероризмот, мора да бидат строго доверливи.

Новите модели на изведување терористички напади се токму самоубиствените бомбашки напади како оној на Светскиот трговски центар во Њујорк на 11 септември 2001 г., со основна намера за повредување огромен број луѓе и згаснување на нивните животи, како и предизвикување милионски штети на имот или, како што често се напомнува, „самоубиствениот тероризам претставува најагресивна форма на современиот тероризам. Во суштина, тоа е

метод modus operandi, усвоен од страна на поголемиот број идеологии и се користи за постигнување широк спектар на цели…“[8].

Дел од овој труд се различните видови и методи на разузнавање кои помогаат да се навлезе во внатрешноста на терористичките организации и да се откријат нивните цели. Со помош на контраразузнавањето и контраразузнавачките програми ќе објасниме како државите се борат против тероризмот, а особено против самоубиствениот тероризам. Современиот тероризам и новитетите кои ги користат терористите во 21 век ги натера разузнавачките служби на поголема координација и соработка. Така Квигин Томас истражувајќи ги настаните кои се случија во САД утврдил дека слабата координација помеѓу разузнавачки служби и агенции ја намалува ефикасноста од разузнавањето[9].

Современите терористички напади максимално ги користат предностите на технологијата, особено на хемиската, фармацевтската технологија за производство на хемиско, но и биолошко-воени агенси. Развојот на овие технологии ја претставува мрачната страна на користењето на техниката и технологијата и, наместо за развој на човештвото, овозможува побрза негова деструкција и уништување. Развојот на информатичката технологија им отвори нови можности на терористите за извршување на нападите, па ќе се обидеме да ги проучиме поголем дел од современите начини за извршување на овие терористички напади. Особено ќе го истражиме и анализираме влијанието на развиената технологија потпомогната со брзиот процес на глобализација врз развојот на видовите самоубиствени терористички напади.

## 1.3. Дефинирање на клучни поими на истражување

Поим за разузнавање

Разузнавањето претставува процес во кој се собираат информации и се истражува за потенцијални ризици и закани кои би ги нарушиле мирот и благосостојбата на луѓето и би донеле нестабилност и немир во државата. Со

[8] Мандиќ М., „*Самоубилачки тероризам у савременом свету*“, Задужбина Андриевиќ, Београд, 2014, стр. 41

[9] Види повеќе: Томас Квигин, „*Да се види невидливото – Разузнавање за националната безбедност во несигурно време*“, Магор, 2006, стр.106

собраните информации се прават анализи и процени за веројатноста од ризиците.

Разузнавањето може да биде дефинирано како процесирана информација, или пак како знаење и анализа осмислени за да помогнат акција[10]. Според Random House Dictionary се подразбира „собирање тајни информации; информации за противникот или за потенцијален противник“[11]. Слично на тоа поимот „разузнавање“ се дефинира како „информација која е собрана, споредена и анализирана и од која е извлечен заклучок кој претставува одговор на претходните барања на крајните корисници“[12]. Постојат повеќе извори на информации кои може да имаат придонес во остварувањето на целта на разузнавачката активност и на сите треба да им се посвети доволно внимание бидејќи секој од нив има свои предности и недостатоци во работењето на разузнавачката служба[13].

Истражувањето, следењето, собирањето информации за непријателите би можело да доведе до одвраќање на нападите врз државата, луѓето и инфраструктурата и нивно спротивставување, а токму ова е всушност дејноста на разузнавањето. Информацијата за откривање можен терористички напад би овозможило реакција од државата мета на нападот.

Поим за контраразузнавање

Контраразузнавањето – „разузнавањето за странското разузнавање“ служи за обезбедување докази за процена на заканите, за одредено странско (продирање) во нечие разузнавање[14].

Лок Џонсон расправа дека „контраразузнавањето е составено од две поврзани половини: безбедност и контрашпионажа“[15], притоа безбедноста ја сметал како дефанзива, а контрашпионажата како офанзива на државата.

За синоним на контраразузнавањето ја сметаат контрашпионажата, која подразбира „откривање одредени странски шпионски напади и нивно

---

[10] Graeme R. Newman & Ronald V. Clarke, “*Outsmarting the Terrorists*“, Praeger Security International, 2006.
[11] Adams J. “*Exploring the Frontiers of Espionage*“, Pimliko, London, 1995.
[12] Polmer, N. & Allen. B.T, “*Enciclopedia of Espionage*“, Gramercy Books, New York, 1997.
[13] Котовчевски М, „*Современи разузнавачки служби*“, Македонска цивилизација, Скопје, 2001.
[14] Котовчевски М., *„Основи на разузнавање“*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр. 91
[15] Johnson, L.K., *“Essentials of Strategic Intelligence“*, Santa Barbara, CA, 2015, p.15

неутрализирање“[16]. Всушност активностите на контрашпионажата се да им се влезе во трага на странските офицери кои се занимаваат со разузнавањето и да се откријат нивните информации и податоци, што претставува доста долг и тежок процес.

Поим за тероризам

Тероризмот како закана постојано се менува, се приспособува и адаптира на промените коишто се случуваат со процесот на глобализацијата. Активностите на тероризмот кои постојано се зголемуваат и добиваат нови размери и форми се причината поради која тероризмот нема една и единствена дефиниција. Дефинициите во себе вклучуваат слични термини со кои се опишува овој поим. Повеќето од дефинициите се точни, но ниедна не го дефинира целосно поимот тероризам, а самото дефинирање на тероризмот е извор на големи несогласувања.

Дефиниција која поконкретно го опишува тероризмот е дефиницијата од Џорџ Роси во која за тероризмот се вели дека е „Употреба и/или повторено насилство за поддршка на или против некој авторитет каде што насилството се користи за да се произведе страв од сличен таков напад во кој како жртви ќе паднат многу невини луѓе за истите тие авторитети да бидат принудени да постапат во согласност со барањата на терористите“[17].

Тероризмот го опишуваат како употреба на насилно заплашување заради потчинување на луѓето или за постигнување на целта, односно под тероризам се подразбира каква било постапка која предизвикува терор меѓу одредена група луѓе.

Анализата на голем број дефиниции упатува на заклучокот дека тероризмот претставува закана за користење или реално користење насилство (терор) за постигнување политички цели. Не постои тероризам без терор, но, од друга страна, секој терор, секој чин на насилство не мора да значи и тероризам. За

[16] Котовчевски М, *„Основи на разузнавање“*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр. 94
[17] George Rosie, *“International terrorism: a new mode of conflict“*, Los Angeles, 1975, p. 4

одредена појава да се окарактеризира како тероризам, самиот чин на терор мора да има политичка цел[18].

Тероризмот претставува криминална активност, осудена и пропишана во сите национални и меѓународни правни кодекси.

Поим за самоубиствен тероризам

Самоубиствениот тероризам особено е застапен во 21 век. Терористичките организации почнаа да ги употребуваат овие самоубиствени напади за да ги присилат државите да отстапат нешто што е од голема важност за терористите. „Присилната логика на самоубиствениот тероризам се состои во тоа што стратегијата има цел да присили одредена влада да ја смени својата политика преку нанесување болка и казна на тоа општество до степен што ќе ја присили владата да ја промени својата политика или ќе го поттикне населението на бунт против владата. Принудната природа на самоубиствениот тероризам како стратегија на слаб актер се потпира на изнудување на идно очекување штета. Подготвеноста на самоубиствените бомбаши да погинат го зголемува ефектот на оваа казна и генерално нанесува поголема штета отколку другите типови на терористички напад“[19].

Самоубиствениот тероризам се разликува од „класичниот“ тероризам по тоа што терористот планира да се убие себеси при извршување на операцијата[20]. Самоубиствените напади се проследени со голема медиумска репортажа од светски размери, што доведува до страв и паника кај целото светско население. Со самоубиствените напади се свртува вниманието кон терористичките организации и се бара одговор за тоа која им била целта со ваквиот напад.

Самоубиствените напади се особено употребувани од страна на терористичките организации во Палестина, Либан и Израел. Во едно интервју, лидерот на Хамас, шеикот Хамед ал-Бетави изјавил дека неговиот народ нема авиони и тенкови, туку само човечки бомби. Со оваа изјава всушност се

[18] Schmid P. Alex; Jongman, J. Albert, *“Political Terrorism: A New Guide to Actors, Authors, Concepts, Data Bases, Theories and Literature“*, Amsterdam: North-Holland Publishing Company, 1998
[19] Милошевска Тања, *„Глобален тероризам“*, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр.85
[20] Исто, стр.75.

потврдува дека терористичките организации во голема мера се потпираат врз самоубиствените напади за полесно постигнување цел.

Стратегија

Стратегијата е теоретско и практично втемелена замисла во вид на пакет на мерки за зачувување или постигнување на интересите и целите во одделни области и дејности преку реализација на конкретни ставови и искази оформени во вид на правни начела и норми.

Стратегија претставува комбинација на теоретски видувања и практични решенија оформени во вид на програма или како множество на мерки со кои се очекува дека ќе се остварат суштествените цели во некоја област[21].

## 1.4. Цел и задачи на истражување

### 1.4.1. Општа цел на истражување

Општата цел на ова истражување е да се утврди улогата на разузнавањето и контраразузнавачките програми и стратегии кои се неопходни за успешно справување со заканата од самоубиствен тероризам. Исто така, целта е утврдување на различните аспекти на разузнавањето и добивање теоретски и емпириски сознанија, кои ќе се применат во откривање, спречување и сузбивање на овој современ безбедносен проблем – самоубиствен тероризам.

Главната цел ќе се надоврзе на нејзината суштина и ќе биде надополнета со утврдување на изворите на разузнавачки информации и проширена со анализата на терористите самоубијци. Дополнително ќе бидат наведени контраразузнавачки програми и стратегии кои ќе објаснат како државите се борат против самоубиствениот тероризам.

Со ова во трудот ќе претставиме колкави се ефикасноста и ефективноста на разузнавањето во спречувањето и намалувањето на нападите од терористите самоубијци.

[21] Нацев, З, Петрески Т. „*Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика*“, Европа 92, Кочани, 2013.

### 1.4.2. Задачи на истражувањето

Врз основа на поставените цели ќе произлезат следниве задачи:

- Да се анализираат причините и изворите за појавата на тероризмот, со посебен акцент на самоубиствениот тероризам;
- Да се утврдат новите видови тероризам и самоубиствен тероризам кои ќе доминираат во 21 век;
- Да се согледа улогата на глобализацијата и нејзиното влијание врз развојот на видовите тероризам, а особено на самоубиствениот тероризам;
- Да се утврдат новите видови средства и методи за остварување на тероризмот во 21 век;
- Да се утврди дали постои степен на корелација помеѓу дејствувањето на одредени терористички структури и определени држави – спонзори на тероризмот;
- Да се утврди улогата на развиената информатичка технологија во начините на војување на терористичките организации;
- Да се анализира преминот на терористичките организации од „класичните“ напади кон самоубиствените напади;
- Да се презентираат изворите на разузнавачки информации и нивното значење за успешно детектирање на заканите од терористите самоубијци;
- Да се утврди колку самоубиствените напади можат да ја уценуваат и променат политиката на државата цел на нападот;
- Да се анализираат контратерористичките мерки и операции на државите кои доживеале напад од терористите самоубијци;
- Да се објаснат контраразузнавачките програми кои државите ги спроведуваат во своите земји против тероризмот, со посебен акцент на самоубиствениот тероризам;
- Да се наведат кои се стратегиите и програмите кои ги воведуваат државите во борбата против самоубиствениот тероризам;
- Да се истражат плановите, целите, мотивацијата и слабите страни на терористите самоубијци;

- Да се презентираат мерките и акциите за превенција на државите со цел спречување и намалување на самоубиствените терористички напади;
- Да се утврди улогата на меѓународната соработка на разузнавањето во борба против самоубиствениот тероризам;
- Да се истражат и развијат предлози за зголемување на безбедноста низ соодветни мерки на домашен и меѓународен план;
- Да се утврди дека без организирано разузнавачко дејствување на територија на повеќе држави не може да се има успех во откривањето и спречувањето на самоубиствените терористички напади.

## 1.5. Истражувачки прашања

Истражувачките прашања во овој труд ќе бидат формулирани на следниот начин: Колку разузнавањето е поврзано со тероризмот, а особено со самоубиствениот тероризам? Како да ја дефинираме оваа смртоносна и заканувачка опасност наречена самоубиствен тероризам? На каков начин и со кои алатки разузнавањето може да помогне при справување со заканите од самоубиствениот тероризам? Кои се контраразузнавачките програми и стратегии кои се спроведуваат за борба против самоубиствениот тероризам? Дали разузнавањето е клучна алатка при менаџирањето на заканата од самоубиствен тероризам?

## 1.6. Хипотези

### Општа хипотеза

Улогите на разузнавањето и контраразузнавачките програми и стратегии се суштествени и претставуваат значајни алатки во борбата за успешно и ефикасно справување со самоубиствениот тероризам.

### Посебни хипотези

1. Разузнавањето фокусирано во контролирање и справување со терористичките активности многу потешко се спроведува за разлика од стратегиското и военото разузнавање.

2. Целосното конституирање и имплементација на новата научна дисциплина – разузнавање за терористичките акции во голема мера ќе ја зголеми ефикасноста во борбата против самоубиствените терористички напади.

3. Доколку соодветно не се следат и успешно не се менаџираат заканите од самоубиствените терористички напади, може да предизвикаат сериозни безбедносни последици на глобално и посебно на национално ниво.

4. Способноста да се воспостави солидна и правовремена соработка на разузнавачките служби и другите специјализирани агенции во значајна мера ќе ја зголеми ефикасноста во справување со самоубиствениот тероризам.

5. Способноста успешно да се експлоатираат прибраните разузнавачки информации и нивното рангирање според приоритетот претставува суштествена потреба за спроведување успешна и делотворна антитерористичка програма.

6. Правовремените и солидни контраразузнавачки програми и стратегии претставуваат еден од примарните услови за справување со самоубиствениот тероризам.

7. За успешно остварување на антитерористичките и контратерористичките активности потребни се навремени разузнавачки извори првенствено добиени од човечки извори (ХЈУМИНТ).

8. Во борбата против самоубиствениот тероризам информациите добиени од прислушкување, дешифрирање и откривање податоци со примена на најсовремени комуникациски и информациски средства претставуваат солидно дополнување на ХЈУМИНТ-информациите.

9. Научените лекции од државите кои претходно се соочиле со овие закани ќе претставуваат драгоцено искуство во борбата против самоубиствениот тероризам.

## Поединечни хипотези

1. Брзо откривање и интегрирање на информациите ќе резултира со разбирливо и логично досие и во опис на трендовите во развојот и начинот на дејствување на терористичките организации.

2. Конфликтите каде што се користат самоубиствени напади имаат тенденција да бидат поинтензивни. Овие конфликти обично предизвикуваат антитерористички напори кои водат до повисоки нивоа на насилство.

3. Брзото изготвување и проследување на процените за терористичките закани во голема мера може да спречат извршување на терористички акти.

4. Проектирањето на трендовите за планирање и распоредувањето на активности на разузнавачките служби и успешното имплементирање на соодветните програми и стратегии ќе биде една од примарните задачи за справување со самоубиствениот тероризам.

5. Самоубиствените напади го зголемуваат притисокот врз владите да ги заштитат цивилите од насилство, што доведува до повисоки нивоа на државна репресија.

6. Самоубиствените напади и другите форми на политичко насилство се користат како алатка за договарање за време на мировните преговори, со што потенцијално ги менуваат нивните исходи.

7. Самоубиствените напади врз странски воен персонал го зголемуваат притисокот врз странските влади да ги повлечат своите сили од спорната територија.

8. За успешно справување со самоубиствениот тероризам, неопходно е целосно да се користат и другите разузнавачки извори – СИГИНТ, ИМИНТ, ТЕКХИНТ, МАСИНТ и ОСИНТ.

## 1.7. Идентификација на варијаблите

### Независна варијабла

– Разузнавање – Информации и сознанија за непријателот што се добиени преку набљудување, истражување, анализирање или разбирање. Разузнавањето е активност која е од особено значење заради спречување и намалување на нападите од терористичките организации.

Разузнавањето претставува производот/резултатот кој произлегува од собирањето, обработката, интеграцијата, анализата, евалуацијата и толкувањето на расположливите информации кои се однесуваат на странските држави или области[22].

Разузнавањето исто така претставува и информација која е собрана во или надвор од една држава, која вклучува во себе закани за мирот, за нацијата, за нејзините луѓе, имот или интереси.

Разузнавањето може да се сфати како процес, односно серија од интерактивни чекори познати како „разузнавачки круг" или „разузнавачки циклус"[23]. Во разузнавањето, како и во секоја друга активност, за да може да се дојде до одредени веродостојни, точни и прецизни информации, мора да постои процес во кој секој детаљ е познат. Во суштина разузнавачкиот циклус опфаќа неколку основни фази: планирање и насочување, собирање податоци, обработка на податоци и нивно користење, анализа и производство и доставување (распределување на крајните корисници)[24].

Модерните држави и организации ги препознаваат значењето и предностите од добивањето правовремени, точни, употребливи податоци и информации, и во таа смисла повеќе или помалку организирано пристапуваат кон разузнавачките и безбедносните активности.

– Мерки против тероризмот – тоа се мерки кои ги преземаат државите со цел спречување, односно намалување на тероризмот. Во овој труд ќе бидат наведени особено стратегии и програми кои се преземаат за успешно справување со самоубиствениот тероризам, како што се проактивни мерки, набљудување, анализирање, менаџирање на последиците од самоубиствениот тероризам итн.

## Зависна варијабла

– Самоубиствен тероризам – Еден автор го дефинира самоубиствениот тероризам на следниот начин: „Политички мотивиран насилен напад изведен од самосвесна индивидуа (или индивидуалци) кои активно и намерно ја

---

[22] Котовчевски М.; Котовчевска Б., *„Англиско-македонски речник на разузнавачка и контраразузнавачка терминологија"*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр. 143
[23] Котовчевски М., *„Основи на разузнавање"*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр. 43
[24] Исто, стр. 64

предизвикуваат својата смрт дигајќи се себе во воздух заедно со одбраната мета. Сигурната мета на извршителот е предуслов за успех на неговата мисија“[25].

Терористите кои се самоубиваат при извршување на терористичкиот напад одлучуваат своеволно да го жртвуваат својот живот, да нанесат одредена штета, да предизвикаат паника и да промовираат одредена политичка цел. Терористите самоубијци или како што ги нарекуваат бомбаши самоубијци претставуваат нови камикази, односно нова, современа верзија на претставниците на современата секта позната како Асасини[26]. Важен мотив за еден Асасин било ветувањето дека ако загине при извршување на терористичкиот напад, веднаш ќе замине на величественото небо.

Самоубиствениот тероризам претставува нов метод на терористички напад кој е особено употребуван од терористичките организации во Блискиот Исток, но може да се сретнат случаи и во Турција, Индија, Чеченија, Мароко, Алжир, Јемен, САД итн.

## Индикатори

- Разузнавачки дисциплини
- Извори на разузнавачки податоци: ХЈУМИНТ, СИГИНТ, ИМИНТ, ТЕКХИНТ, МАСИНТ и ОСИНТ.
- Самоубиствени терористички напади
- Бомбаши самоубијци
    - мажи самоубијци
    - жени самоубијци
- Главни групи на бомбаши самоубијци
- Цели на напад на бомбаши самоубијци
    - Тешки цели на напад
    - Лесни цели на напад
- Психологија на терористите самоубијци
- Проактивни мерки
- Одговор на инциденти

[25] Schweitzer, Yoram, *„Suicide Terrorism: Development & Characteristics“*, International Institute for Counter-terrorism, 2000.
[26] Котовчевски М., *„Менаџирање на терористички закани“*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 94

- Контратерористички програми
    - Тактичко-оперативни
    - Стратегиски
- Стратегии за борба против тероризмот

## 1.8. Методи на истражување

Во текот на целиот истражувачки процес за добивање валидни и научно засновани одговори на сите поставени прашања и хипотези, ќе бидат користени научни методи со кои ќе се обезбеди единство на теоријата и методите.

Научните методи претставуваат начин за доаѓање до научно сознание, односно начин за теоретско-практично стекнување, проверување и развој на научното сознание.

Во истражување и обработка на темата ќе бидат употребени методи кои се применуваат во научни трудови. За изнаоѓање на потребните податоци ќе биде користена:

- Домашна и странска литература,
- Секундарни извори на податоци и
- Статистички показатели.

За истражување на комплексните феномени како што се терористичките напади, неопходна е примена на аналитичко-синтетичката метода за остварување на конечната цел на истражувањето.

Од основните облици и принципи на научното мислење истражувањето ќе биде заокружено со изведување дефиниции на поимите (дефинирање на разузнавањето, контраразузнавањето, тероризмот и самоубиствениот тероризам), и тоа: предметна дефиниција, дескриптивна и експликативна (суштинска) дефиниција.

Во истражувањето ќе бидат користени примарни извори на податоци: научна и стручна литература од области кои третираат вакви проблеми, нормативни и правни акти, извештаи од научни конференции, анализи итн. Ќе бидат користени и секундарни извори на податоци со цел потврдување на сознанијата.

При обработка на темата ќе бидат употребени и применети следните методи:

1. Метод на генерализација и специјализација – генерализацијата како метод на сознанието се заснова на единствена аналитичко-синтетичка и апстрактно-конкретизациска метода;
2. Метод на индукција – ќе се користи за анализа на поединечните случаи на тероризам и самоубиствен тероризам, за понатаму да се донесе генерален заклучок за оваа појава;
3. Метод на дедукција – ќе овозможи од општата теорија и анализите на терористичките, а особено самоубиствените напади, да се потврди влијанието на тероризмот и терористите самоубијци врз безбедноста на државите;
4. Историски метод – историски ќе бидат разработени и проучени разузнавањето и тероризмот, со посебен акцент на самоубиствениот тероризам од аспект на нивниот развој во минатото, па сè до денес;
5. Аналитички метод – ќе биде применет со цел да се анализираат теоретските содржини од домашна и странска литература, правни акти, научни трудови, публикации, веб-страници на официјални институции и организации сè со цел изнаоѓање поефикасен начин за справување со заканата од самоубиствениот тероризам;
6. Дескриптивен метод – ќе се примени за да се опише поимот тероризам, со посебен акцент на самоубиствениот тероризам, нивните видови и средства и методите кои се користат при нивната реализација. Исто така ќе се употреби за да се даде поширок опис за состојбите и перспективите за изнаоѓање поедноставни и поефикасни начини за успешно справување со самоубиствениот тероризам.
7. Синтеза – врз основа на добиените податоци од анализата ќе се направи обид да се соединат релевантните информации од состојбите и појавите кои се предмет на истражување и проучување.

# 2. РАЗУЗНАВАЊЕ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ

Заканите по безбедноста како што се тероризмот, организираниот криминал, компјутерскиот криминал и слично се појавуваат како дел од пошироки општествени и политички феномени и околности што може да претставуваат закана за националната безбедност. Во борбата против заканите, државните органи користат широк спектар на различни инструменти (воени, полициски, дипломатски, економски, образовни, информативни, итн.).

Карактеристиките на современите закани нужно го менуваат пристапот кон нивното сузбивање. Новите, проактивни приоди за борба против заканите ги заматуваат овие граници, создавајќи притоа нови стратегии кои комбинираат насочени превентивни и репресивни мерки со текот на времето. Едни од поновите стратегии во борбата против заканите се **разузнавањето и контраразузнавањето**. Модерните држави и организации ги препознаваат значењето и предностите од добивањето правовремени, точни, употребливи податоци и информации, и во таа смисла повеќе или помалку организирано пристапуваат кон разузнавачки и контраразузнавачки безбедносни активности.

Во оваа Глава ќе бидат разгледани повеќе дефиниции за поимот разузнавање, ќе го проследиме неговиот историски развој, ќе ги наведеме нивоата и видовите разузнавање, ќе објасниме како функционираат разузнавачките служби, како се одвива разузнавачкиот циклус и кои се изворите на разузнавачки информации. На крајот на оваа Глава ќе посветиме внимание на поимот контраразузнавање, неговите функции, процес и секако контраразузнавачките служби.

## 2.1. Поим и дефинирање на разузнавањето

Во научната и стручната литература може да се сретнат различни размислувања, сфаќања и дефиниции за поимот разузнавањето со кои се отсликуваат неговата комплексност и сложеност. Разузнавањето поминало низ многу фази на развој и од една неорганизирана структура преминало во специфична организирана категорија.

За да го разбереме разузнавањето, првично треба да се направи дистинкција помеѓу шпионажа и разузнавање, бидејќи доста често овие два поими ги поистоветуваат и ги употребуваат како термини со синонимно значење. Шпионажата се дефинира како „собирање доверливи податоци за други земји со тајни и недозволени средства и методи, заради остварување на политиката и целите на државата која ја организира таквата дејност, заради заштита на безбедноста на својата земја и нанесување штети на интересите, политиката и безбедноста на другите држави“[27]. Додека пак разузнавањето е поширока верзија на шпионажата, односно разузнавањето денес претставува дејност на државен орган кој користи специјални средства и методи што се преземаат со цел да се добијат податоци и информации за противникот, кој потенцијално или реално ја загрозува безбедноста на објектите на заштита (државата, институциите, организациите).

Разузнавањето може да се дефинира како „производ или резултат кој произлегува од собирањето, обработката, интеграцијата, анализата, евалуацијата и толкувањето на расположливите информации кои се однесуваат на странските држави или области“[28].

Разузнавањето може да се сфати како процес, односно „серија од интерактивни чекори познати како „разузнавачки круг“ или „разузнавачки циклус“[29].

Марк Ловентал од Националниот совет за разузнавање на САД (NIC) го толкува „разузнавањето“ како процес на барање специфични видови информации кои се важни за националната безбедност; кои се собираат, анализираат и користат по налог на легитимната влада и ги штитат сопствените информации и разузнавачки производи од странски контраразузнавачки активности[30]. Марк Ловентал исто така го претставува разузнавањето како

---

[27] Котовчевски Митко, *„Тајни Служби“*, Македонска Цивилизација, Скопје, 1999, стр. 30
[28] Котовчевски Митко, Благица Котовчевска, *„Англиско-Македонски Речник на Разузнавачка Терминологија“*, Филозофски Факултет, Скопје, 2013, стр. 143
[29] Котовчевски Митко, *„Македонско-англиски речник на разузнавачка терминологија“*, Бомат графикс, Скопје, 2009, стр.128
[30] Kessler, R., *“Inside the CIA“*, Simon and Schuster, 1994, стр. 127

организација, односно „единици или организации кои планираат и реализираат различни функции“[31].

Разузнавањето истовремено може да претставува и производ, и процес, и дејност, односно активност, а и организација.

Сите дефиниции наведуваат на еден заеднички поим, а тоа е информацијата која е во функција на креирање на политиката на државата. Вернон Волтерс, поранешен заменик-директор на CIA, ги дефинира разузнавачките информации како информации што не се секогаш достапни за јавноста, а се однесуваат на силните страни, ресурсите, можностите и намерите на странска земја, што може да влијае на животот на граѓаните и безбедноста на матичната земја[32].

Разузнавачката служба ја врши разузнавачка дејност, односно таа „претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање, анализа и процена на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на други држави, за научните открития, за посредување помеѓу државите (и тајната дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата“[33].

Разузнавањето е составен дел од човековата активност и има исклучителна важност за политичарите и државните институции, бидејќи, без разузнавачките информации, правилните одлуки на државните органи би биле многу несигурни. Благодарение на навремените и точни разузнавачки информации, државата која донесува одлука би била во одредена предност во однос на државата непријател, односно субјектот на разузнавање.

## 2.2. Историски развој на разузнавањето

Низ историјата постојаните закани условувале создавање и развој на безбедносни разузнавачки системи со цел заштита од закани и опасности. Секоја

---

[31] Central Intelligence Agency, “*A Consumers Guide to Intelligence*“, Office of Public Affairs, 1999, стр. 7

[32] Ranelagh, J., *“CIA: A History“*, BBC Books, 1992, стр. 42

[33] Котовчевски М., *„Современи разузнавачки служби“*, Македонска цивилизација, Скопје, 2002, стр. 41

држава се обидува да се спротивстави на постојните закани од опасностите и да изгради разузнавачки и безбедносни системи кои заедно со другите социјални фактори успешно ќе одговорат на сите закани. Од самиот почеток, разузнавањето било насочено кон воените операции. Некои од првите примери на разузнавање се наоѓаат дури и во Библијата во врска со израелското освојување на Палестина, додека одредени записи за разузнавање се наоѓаат во Египет, Сирија, античка Грција и Рим, како и во широко познатото дело на Сун Цу, „Умешноста на војувањето“.

Првата трага за разузнавачка дејност била пишана глинена плоча од 2000 години пр. н. е., пронајдена покрај реката Еуфрат во денешна Сирија, на која постои запис (шпионски извештај) од некое лице по име Банум, кој го известил својот суверен за состојбата во противничката средина и му предложил што да презема за одбрана од неочекуван напад[34].

Кинескиот теоретичар за војна – Сун Цу, во своето дело „Умешноста на војувањето“ од околу 400 години пр. н. е., пишува за употребата на тајни агенти, важноста на процената на непријателските сили, сопствените сили, конфигурацијата на почвата, климатските услови и други фактори. Големите империи низ историјата својата моќ ја базирале на собирање стратегиски важни информации, потребни територијални освојувања на други земји, воени, географски, економски, картографски и други истражувања за нив.

Разузнавачката дејност била столб на која се потпирале сите држави и владетели, почнувајќи од најстарите времиња, па сѐ до денес. Со текот на времето се менувале методите и тактиките на разузнавачката активност, како и изворите и средствата за собирање информации и организацијата на разузнавачките служби.

Колонијалната геополитика на европските сили во XVIII и XIX век не би била можна без разузнавачка поддршка. Патувањата и теренските истражувања од неколку европски научни разузнавачки групи и поединци биле неопходни за стекнување и ширење на влијанието во Африка и Азија. Развојот на разузнавачките служби се забрзал за време и по завршување на Првата светска

[34] Батковски Т., *„Разузнавачка и безбедносно - контраразузнавачка тактика“*, Јофи скен, Скопје, 2008, стр. 15

војна. Технолошкиот напредок овозможил побрза и поразновидна комуникација и извидување и нивно следење, што ја олеснило работата на разузнавањето.

Основањето на некои од најпознатите светски разузнавачки служби се одвивало на следниот начин:[35]

- САД ја основале Канцеларијата за истраги за контраразузнавање и други безбедносни работи во 1908 година (од 1935 година FBI);
- денешните водечки британски разузнавачки служби се создадени во 1909 година (тие имаат ознака MI, кратенка за воено разузнавање; контраразузнавање MI5 и разузнавање MI6);
- безбедносните и разузнавачките активности во болшевичката Русија од 1917 година ги спроведувала ČЕКА (подоцна НКВД, КГБ и ФСБ);
- во 1921 година, Германија основала воена разузнавачка служба (Abwehr).

За време на Втората светска војна, разузнавачките служби на завојуваните страни преземале и саботажи, пропаганди и други субверзивни операции. Разузнавањето особено се развило за време на т.н. Студена војна, каде што САД и СССР се натпреварувале да обезбедат разузнавачка надмоќ, односно од клучно значење било да се обезбедат доверливи информации за плановите на непријателот. Во Студената војна, безбедносните закани биле директно поврзани со воените можности и заканите од нуклеарна војна, со што се дефинирала разузнавачката акција.

Крајот на Студената војна, геополитичките промени и особено почетокот на информатичката револуција преку развој на технолошки иновации, потоа соочувањето со буџетските и политичките притисоци ја условиле разузнавачката заедница да се соочи со проблемот на работење во сè похаотичното и побрзо менување на глобалното опкружување. Големиот технолошки напредок го сменил начинот на работа на разузнавачките служби заради подобрите можности за собирање и обработка на информации, особено преку примената на информатичката и телекомуникациската технологија. Со оглед на глобализацијата и современите форми на криминал, современото

[35] Keegan, J., “*Intelligence In War*“, Random House, 2010, стр. 172

разузнавање, покрај стандардните области на интерес, сѐ повеќе е насочено кон борба против тероризмот, организираниот криминал и корупцијата.

## 2.3. Нивоа на разузнавање

Во разузнавачките операции, постојат три нивоа на разузнавање, и тоа стратегиско, оперативно и тактичко ниво на разузнавање. Нив можеме да ги дефинираме на следните начини:

- **Стратегиското ниво на разузнавање** се користи за развој на национална безбедносна стратегија и политика, следење на меѓународната ситуација, подготвување на воените планови за ангажирање, одредување на стратегиските вооружени системи и барања на воените структури, како и водењето стратегиски операции[36]. Ова разузнавање е наменето за највисокото државно и воено раководство и има за цел да ја претстави реалната слика за политичката и воената положба во светот, односно за „светот околу нас“. Со стратегиското ниво на разузнавање се претставува „Големата слика“ (остра и прецизна) и се даваат долгорочни прогнози за понатамошно формирање на политиката на државата, како и планирање на идните дејства и постапки.
- **Оперативното разузнавање** претставува „разузнавање што е потребно заради планирање и изведување на кампањи и поголеми операции со цел да се остварат стратегиските цели во рамките на оперативните зони“[37]. „Оперативното ниво на разузнавање се фокусира на воените способности и цели на непријателот како и неговиот потенцијал. Се интересира за непријателските случувања на простори на операциите, со одредување кога, каде и со колкава опасност непријателот ќе спроведе кампања“[38]. Вообичаено се употребува од високото воено раководство и командантите на здружените и другите воени единици на оперативно ниво за кои и е наменето.

---

[36] Дојчиновски Методија, Фердинанд Оџаков, *„Разузнавачки операции и асиметрични закани“*, Соларис Принт, Скопје, 2010, стр. 55

[37] Котовчевски Митко, *„Македонско-англиски речник на разузнавачка терминологија“*, Бомат графикс, Скопје, 2009, стр. 155

[38] Дојчиновски Методија, Фердинанд Оџаков, *„Разузнавачки операции и асиметрични закани“*, Соларис Принт, Скопје, 2010, стр. 56

- **Тактичко разузнавање** е продолжување на оперативното разузнавање со фокус на факторите кои можат да влијаат на тактиката на бојното поле. Тактичкото ниво на разузнавање е потребно за планирање и изведување на тактичките операции и е повеќе наменето за краткорочни одлуки отколку за долгорочни. Тоа претставува типично собирање информации од страна на командирите на бојното поле додека операциите се изведуваат[39]. Ова е најзначајното ниво на разузнавање, бидејќи се реализира во директен допир со силите на потенцијалниот непријател. На глобално ниво, тактичкото разузнавање се фокусира кон процена на резултатите од определени борби и битки, односно на сегментот што воените команданти го нарекуваат „светост за ситуацијата“[40]. Цели на тактичкото разузнавање може да бидат: локациите на непријателските сили и вооружените системи; тактичката способност за совладување на бојните полиња со маневри; идентификување и проценување на непријателските способности, цели и осетливост и колку тоа може да се користи на теренот; идентификување кога, каде и колкава закана противникот ќе искаже на тактичкото рамниште на операции; идентификување и процена на непријателските способности, намери и осетливост толку добро колку што се познава средината во која се војува; утврдување на заканите кои се очекуваат во зоната на изведување на борбените дејства, различни од воените операции[41].

## 2.4. Видови разузнавање

На стратегиското разузнавање се надоврзуваат неколку видови разузнавање кои овозможуваат поедноставно проценување на состојбите и полесно донесување правилни одлуки од највисокото раководство на државата. Разузнавањето може да се одвива во повеќе сфери од кои потоа произлегуваат и повеќе видови разузнавање, и тоа:

[39] Исто, стр. 56-57
[40] Котовчевски Митко, *„Основи на разузнавање“*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр. 61
[41] Дојчиновски Методија, Фердинанд Оџаков, *„Разузнавачки операции и асиметрични закани“*, Соларис Принт, Скопје, 2010, стр. 57

- **Биографско разузнавање** – дефинирано е во „Речникот на војската и поврзани термини“ на Министерството за одбрана на САД од 2005 година како „компонента на разузнавањето која се занимава со индивидуални странски личности со реална или потенцијална важноста.“ Се собираат разузнавачки податоци кои вклучуваат информации за погледите, особините, навиките, вештините и односите на субјектот. Овие податоци може да бидат собрани од написи во весници, списанија, биографии, веб-страници и од податоците што се чуваат во кое било официјално досие. Овој тип на разузнавање често се користи од оние што истражуваат сериозен организиран криминал, а се разликува од другите разузнавачки видови по тоа што се работи за разузнавање на личност.
- **Економско разузнавање** – претставува разузнавачка активност која подразбира процес на легално собирање јавно достапни податоци со етички средства, нивна анализа и претворање во готови економско-разузнавачки анализи (знаење) со цел потпора на раководителите на економските дејности за да донесат и реализираат квалитетни бизнис-одлуки насочени кон сочувување на постојните позиции на субјектите во работното опкружување, избегнување на заканите и квалитетен напредок[42]. Ова разузнавање всушност подразбира разузнавање за економиите на странските држави, како и за меѓународната трговија и финансии.
- **Политичко разузнавање** – разбирањето на процесот на донесување одлуки е клучно за да се сфати и да се предвиди некоја идна политичка одлука. Затоа во политичкото разузнавање битно е да се следат неколку елементи, а тоа се: принципите на владеење, анализа на владините операции, надворешната политика, политичките партии, лоби-групите, изборните процедури итн.
- **Научно и техничко разузнавање** – е проучување на научните и техничките капацитети и активности на сите земји. Како што вооружените системи стануваат сè пософистицирани, така е сè поважно да се знае за активностите на странските воени научници, нивните

[42] Javorovie B., Milandzic M., „*Poslovne informacije i business intelligence*“, Golden marketing-Technicka knjiga, Zagreb, 2007

истражувања и развојни програми, па дури и за нивната цивилна научна поставеност во странските земји, како и деталите поврзани со нивното финансирање, откритија и изуми[43].

- **Бизнис-разузнавање** – уште наречено како деловно разузнавање, претставува процес преку кој се собираат расположливите внатрешни и соодветните надворешни податоци и преку нивно претворање во корисни информации може да им се помогне на бизнис-корисниците при донесување на одлуките.
- **Социолошко разузнавање** – претставува разузнавање насочено кон начинот на кој луѓето ги организираат животите, групите во општеството, нивниот состав, организациите, целите и навиките, како основа за добивање разузнавачки продукти коишто потоа се користат при планирање, креирање политика и воени операции.
- **Разузнавање за транспорт и телекомуникации** – се фокусира на институциите и операциите на странските транспортни системи, вклучувајќи ги и железницата, автопатите, водните рути, цевководите (особено нафтоводите и гасоводите), пристаништата, трговската морнарица и авијацијата[44].
- **Разузнавање за вооружените сили** – подразбира проучување на копнените, поморските и воздухопловните сили на другите нации.

## 2.5. Разузнавачки служби

Разузнавачките служби на една држава се дел од нејзиниот систем за национална безбедност и учествуваат во донесувањето на политичките одлуки. Тие директно не учествуваат, но помагаат да се пренесе вистинската слика на донесувачите на одлуки за тие да можат да ја проценат реално ситуацијата и поедноставно и побрзо да донесат правилни одлуки. Работата на разузнавачките служби е одредена со закон и таа се одвива со голема тајновитост, специфичност и сложеност. Дејноста на разузнавачките служби особено кога се одвива на

[43] Котовчевски М., *„Основи на разузнавање"*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр. 222
[44] Исто, стр. 227

област на друга (странска) држава е особено специфична бидејќи таму законите се сосема други и се применуваат различни способности, средства и техники отколку во сопствената земја. Персоналот којшто е вработен во разузнавачките служби треба да поседува посебни вештини и способности кои треба да се стекнат низ долг и сложен процес на обука.

Александар Македонски, најпознатиот војсководец на сите времиња, ги користел токму тајните разузнавачки средства и методи со цел да ги осознае силата и идните планови на непријателот за полесно да може да се справи со него. Првите разузнавачки служби се институционализирани во Англија за време на Буржоаската револуција, па англискиот Парламент во 1647 година го изгласува формирањето на првиот државен орган од таков вид. Забрзаниот процес на глобализацијата особено во XX век и развојот на информатичката технологија придонесоа разузнавачките служби да добијат поголемо значење во светски рамки и да го зголемат нивното влијае врз високото раководство на современите држави.

Според професорот Митко Котовчевски, „разузнавачката служба претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање, анализа и процена на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните откритија, за посредување помеѓу државите (и тајната дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата“[45].

Според Батковски, „разузнавачката служба претставува специјализиран дел од државната управа, којашто прибира, класифицира, анализира, проценува и презентира пред државниот врв податоци, оцени и предлози од политички, воен, економски, културен и друг карактер, во врска со виталните државни интереси и цели, се ангажира на извршување други задачи добиени од

[45] Митко Котовчевски, *„Современи разузнавачки служби“*, Македонска цивилизација, Скопје, 2002, стр. 41

државниот врв кои се однесуваат на остварување на стратегиските национални цели и ги заштитуваат сопствените национални интереси од противникот“[46].

Според Центарот за управување со безбедносниот сектор од Женева (DCAF), разузнавачките служби се дефинираат како „специјализирани државни агенции одговорни за производство на разузнавачки информации заради безбедност на државата и нејзините граѓани“[47].

Современите држави вообичаено имаат повеќе разузнавачки служби кои се специјализирани за посебни области на истражување, па така се формирани воени разузнавачки служби, криминалистички разузнавачки служби итн. Исто така може да се заклучи дека во глобала разузнавачките служби се занимаваат со истражување на минатото и сегашноста со цел да се предвидат и да се превенираат идните закани и опасности. Разузнавачките служби ги остваруваат превенирањето на опасностите и одржувањето безбедност во државата со употреба на неколку дејности на службите.

Разузнавачките служби може да бидат насочени кон справување со домашните или странските закани, односно со разузнавање на територијата или надвор од територијата на сопствената држава. Исто така нивната дејност може да биде насочена кон откривање на странските разузнавачки служби и справување со нив.

### 2.5.1. Организација во разузнавачките служби

Разузнавачките служби се придржуваат кон одредени начела при извршувањето на својата дејност, кои се специфични за нив во однос на начелата на работа на другите државни организации и институции. Начела на работа на разузнавачките служби се: сеопфатност на работата, непрекинатост на работата, целта ги оправдува средствата, инфилтрација, објективност и проверка,

---

[46] Баткоски Т. *„Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (Тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање)“*, Јофи скен, Скопје, 2008, стр.17

[47] Официјална веб-страница на Женевскиот центар за управување со безбедносен сектор, достапно на: https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/DCAF_BG_12_Intelligence%20Services.pdf, посетено на: 01.07.2023

правовременост, тајност во работата, планирање на задачите, централизација на работата и раководење и специјализација во работата.

Ако се направи анализа на разузнавачките служби на сите држави, ќе се дојде до заклучок дека сите имаат идентична, односно слична организациска структура, а воспоставените организациски единици и распоредот на работата се реализираат по хоризонтален и вертикален принцип на организација.

Со **хоризонталниот принцип во организацијата** се врши поделба на сите служби во безбедносниот систем на: разузнавачки, контраразузнавачки и субверзивни, а внатре во нив според проблемската целина на сектори, дирекции, одделенија, управи и слично. Проблемските целини во одредена мера се комбинираат со територијалниот принцип, а потоа се делат на целини по линиски принцип на работа.

Со **вертикалната организација** во разузнавачките служби се обезбедуваат координација и разграничување на надлежностите. Според овој вертикален систем на организација, разузнавачките служби ги имаат следните нивоа: центар за разузнавачка служба, потцентар на разузнавачка служба, пункт за разузнавачка служба, деташиран или вграден разузнавач и агентури и специјални сили.

Ваквата организациска структура на разузнавачките служби, и покрај тоа што оптимално одговара на сите разузнавачки потреби, не може да се заокружи, бидејќи на нејзината организација влијае објективната оперативна потреба и ситуацијата на која влијаат модернизацијата и развојот на разузнавачките служби и проширувањето на сферите на интерес на разузнавачките служби.

### 2.5.2. Содржина на работата на разузнавачките служби

Работата на разузнавачките служби е сочинета од:

- Разузнавачка дејност,
- Контраразузнавачка дејност и
- Субверзивна дејност – уште наречена како превратничка дејност.

**Разузнавачката дејност** претставува збир на плански, организирани и непрекинати, односно континуирани мерки и постапки што се преземаат со цел да се оствари увид на состојбата, можностите и намерите на поединечни држави и појави кои се објект на разузнавачко истражување, а сѐ од големо значење за преземањето соодветни мерки и активности на политички, воен и економски план.

Разузнавачката дејност ги опфаќа следниве постапки: утврдување на задачите и планирање на разузнавачката дејност; собирање податоци, преку ангажирање извидувачки сили и употреба на средства со разузнавачко-извидничка намена; изучување, проверување и анализирање на собраните податоци и утврдување на нивната вредност и вистинитост; проценување на разузнавачките податоци и одвојување на главното од споредното; и доставување податоци на заинтересираните страни[48].

**Контраразузнавачката дејност** е насочена кон разоткривање на странските разузнавачки служби кои работат против државата. Оваа дејност има дефанзивен, односно заштитен карактер и вообичаено се спроведува на територијата на сопствената држава. Разузнавачките служби кои се занимаваат со откривање и оневозможување на работата на странските разузнавачки служби во сопствената земја и другите структури кои тајно се занимаваат со активностите за уривање на уставниот поредок или нарушување или напад на виталните вредности на сопствената држава најчесто се нарекуваат контраразузнавачки служби.

Контраразузнавачката дејност ги заштитува виталните тајни на државата од дејствувањето на странските разузнавачки служби, ја спречува шпионажата, ги открива и оневозможува сите облици на тајни превратнички дејности.

**Субверзивната дејност** е насочена кон менување на состојбите во другите држави и е употребувана само од оние земји кои сакаат да доминираат во меѓународните односи, наметнувајќи им го својот авторитет преку разни облици на манипулација и договори. Моќните држави кои се способни да спроведат

[48] Котовчевски Митко, *„Основи на разузнавање“*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр. 115

доминација ги употребуваат разузнавачките служби со цел да ја наметнат својата политика и други позиции во земјите за кои се заинтересирани.

За да го зајакнат влијанието во другите земји, тие применуваат два начина: давање разновидна поддршка на загрозените режими чија политика не им одговара и тајно организирање преврат заради доаѓање на власт на политички привrзаници или истомисленици (пр. руското влијание во изборите за претседател во Украина). Оваа дејност доминирала по Втората светска војна односно во периодот на Студената војна, каде што САД и СССР се натпреварувале во наметнувањето на својата политика и влијание врз другите земји од светот.

Превратничката дејност се состои од: создавање и обезбедување политички и други позиции во други држави со тенденција тоа да се пренесе и на трети држави; собирање и организирање политичка и друга емиграција од странски земји, нејзино насочување и поттикнување на непријателско дејствување и други дејства против сопствената земја; спроведување разновидни диверзии и саботажи насочени кон нанесување немир и несигурност кај граѓаните, слабеење на одбранбениот и на другиот потенцијал; и формирање, организирање, опремување и обука на одредени сили наменети за субверзивна дејност на територијата на други земји и нивна припрема за дејствување во услов на војна или мир[49].

Кога една држава има добро организирани, опремени и обучени разузнавачки служби кои истовремено добро ја организираат и ја вршат разузнавачката, контраразузнавачката и субверзивната дејност, ќе ѝ се овозможи на таа држава да има големо влијае врз политиките на другите државите и да се зголеми нејзиното влијае во меѓународните односи.

## 2.6. Разузнавачки процес

За да може да се дојде до одредени веродостојни, точни и прецизни информации во разузнавањето, постои процес преку кој се осознава секој детаљ кој потоа се обработува и пренасочува до високото раководство (највисокото

[49] Божиновски Владимир, *„Организацијата и улогата на современите разузнавачки служби во справувањето со новите безбедносни закани“*, Магистерски труд, Скопје, 2021, стр. 25

државно раководство, највисокото воено раководство, команданти на здружени оперативни команди, команданти на оперативни и стратегиски единици итн.).

Според Централната разузнавачка агенција на САД (CIA), разузнавачкиот циклус претставува процес на обработка на суровите информации и нивно претворање во готови разузнавачки производи потребни за донесување одлуки и дејствување од страна на највисокото државно раководство.




Сл. Приказ на разузнавачки процес

Процесот на разузнавање е поделен на пет централни активности: планирање и насочување; собирање информации; обработка на информации; производство и анализа; и дисеминација и повратен одговор[50].

**Прва фаза** – Процесот на планирање и насочување се состои од идентификација на барањата за разузнавањето, приоритет и потврдување на истите. Следствено, барањата се преточени во планови за собирање. Потоа за нив се издаваат барања за прибирање информации, се произведуваат, анализираат информациите и се дистрибуираат до крајните корисници. Во ваква фаза,

[50] Tesi di Laurea, "*The Role of Intelligence in the Fight Against International Terrorism: Legal Profiles*", Ca`Foscati University of Venice, 2011/2012

потребни разузнавачки задачи се: способности за собирање, подложност на целната активност на различни видови активности за собирање и достапност на средства за наплата[51]. Процесот вклучува таргетирање на поединец или група како субверзивен или потенцијален терорист (во секој случај постои идентификација на субјектот како закана за националната безбедност). Всушност првиот чекор, планирање и насочување започнува со доставување на потребите за соодветни разузнавачки информации од страна на креаторите на државната политика и воените команданти заради успешно извршување на нивната мисија. Во овој чекор се вклучени предметни координатори кои се во постојан контакт со креаторите на државната политика и командантите на воените единици, заради утврдување на суштинските проблеми.

**Втора фаза** - Собирањето разузнавачки информации развива упатства со цел да се обезбеди оптимална експлоатација на разузнавачките ресурси. Оние кои се ангажирани да собираат информации подлежат на посебни и конкретни задачи. Задачите кои ги добиваат се битни да се реализираат и имаат за цел да ја намалат маргината на загуба или неуспех во процесот[52]. Оваа фаза се состои од собирање информации од отворени и затворени извори за луѓе, места, настани и активности. Отворени извори се сите извори на информации кои легално ѝ се достапни на јавноста. Денес се проценува дека од 70 до 80 проценти од информациите доаѓаат токму од отворените извори. Впрочем тоа е и главната причина поради која во услови на развиено информатичко општество сè повеќе ѝ се дава предност токму на оваа разузнавачка дисциплина. За разлика од отворените извори, затворени се оние кои не ѝ се достапни на јавноста. Како резултат на големиот напредок и достапноста на развиената технологија, разликата помеѓу двата вида извори речиси и да не може прецизно да се дефинира. На пример, сателитските снимки кои порано беа достапни само на современите разузнавачки служби денес се широко достапни преку интернет.

**Трета фаза** – Обработката на податоците и нивно користење подразбира преработка на голема количина информации и податоци до форма која се

[51] Diaz Gustavo, Alfonso Merlos -Research Paper- “*The role of Intelligence in the Battle against Terrorism on the Internet: Revisiting 3/11”* – Research paper No.117, January 2008
[52] Tesi di Laurea, “*The Role of Intelligence in the Fight Against International Terrorism: Legal Profiles“*, Ca`Foscati University of Venice, 2011/2012

проследува до аналитичарите за производство на квалитетни разузнавачки информации. Обработката на собраните информации вклучува превод и транскрипција на пресретнати информации, обработка на видео и фотографии и корекција на информациите собрани од платформите за техничко разузнавање.

**Четврта фаза** – Во текот на процесот на анализа и производство, аналитичарот мора да ги елиминира вишокот и неприменливите делови од информациите и да ги спои со други веќе анализирани информации. Аналитичарите имаат можност при изготвувањето на извештаите да предупредат доколку проценат дека има можност од евентуални случувања кои би ја загрозиле безбедноста на државата. При анализата аналитичарите можат да вклучат други лица – експерти од одредена област за дополнителна помош и нивно стручно мислење. Финалниот производ кој ќе се добие потребно е да одговара со потребите и барањата на корисникот. Откако информацијата ќе биде обработена, анализирана и споредена со информацијата достапна од другите независни извори, тогаш таа добива статус на „финален разузнавачки производ".

**Петта фаза** – Двата завршни чекори од разузнавачкиот процес се дисеминацијата и повратниот одговор. Дисеминацијата може да вклучи активна размена на произведените информации или едноставно нивно складирање во организациската меморија. Повратниот одговор го вклучува процесот на донесување одлуки и спроведување на усвоените контрамерки. Надзорот може да се смета и за техника која се користи за собирање информации и за техника на спротивставување. Информациите може да се обезбедат во различни формати, на пример: вербални или писмени извештаи, слики, разузнавачки бази на податоци и слично. Финалните информации може да се шират и преку физичка размена на податоци и преку комуникациски мрежи. Финалниот разузнавачки производ се доставува до донесувачите на одлуки на национално, стратегиско, оперативно или тактичко ниво.

## 2.7. Разузнавачки дисциплини

Научно гледано зборот дисциплина во англиската конотација „discipline“ се користи како гранка во науката, стручно гледиште, насочување во истражувањето, специфичен начин на добивање резултати, професија, струка итн. Постојат голем број разузнавачки дисциплини кои се користат како начини преку кои би се собрале информациите кои потоа ќе поминат низ одредена процедура и ќе се трансформираат во разузнавачки производ. Па така постојат повеќе видови разузнавачки дисциплини, како што се:

- HUMINT – Човечко разузнавање,
- SIGINT – Сигнално разузнавање,
- IMINT – Разузнавање обезбедено преку сликовно/визуелно претставување,
- OSINT – Разузнавање од отворени извори,
- MASINT – Разузнавање обезбедено преку мерење и обележување,
- TECHINT – Техничко разузнавање,
- TOPINT – Техничко-оперативно разузнавање,
- TELINT – Телеметриско разузнавање,
- RINT – Разузнавање добиено од ненамерна/случајна радијација,
- ACINT – Акустично разузнавање,
- COMINT – Комуникациско разузнавање,
- ELINT – Електро-оптичко разузнавање,
- LASINT – Ласерско разузнавање,
- NUCINT – Нуклеарно разузнавање,
- OPINTEL – Оперативно разузнавање,
- PHOTINT – Фотографско разузнавање,
- RADINT – Радарско разузнавање,
- FISINT – Разузнавање со помош на сигнали од странски уреди,
- MEDINT – Медицинско разузнавање,
- GEOINT – Географско разузнавање,
- EKOINT – Економско разузнавање,
- ARMINT – Армиско разузнавање,

- MATINT – Материјално разузнавање,
- BIOMINT – Биолошко разузнавање,
- SOCINT – Социолошко разузнавање,
- FININT – Финансиско разузнавање.

Големиот број разузнавачки дисциплини го олеснува целиот процес на собирање потребни информации и податоци и брзо добивање финален разузнавачки производ. Не секоја разузнавачка дисциплина е присутна во секоја разузнавачка служба, но едни од најчесто употребуваните разузнавачки дисциплини се: ХЈУМИНТ, СИГИНТ, МАСИНТ, ОСИНТ, ИМИНТ и ТЕКХИНТ. Овие извори за разузнавачки информации во понатамошното истражување ќе помогнат да објасниме дали и како може да се справиме со тероризмот како една од најголемите закани за човештвото, но и со самоубиствениот тероризам и терористите самоубијци кои ја претставуваат главната теза на овој труд.

## 2.8. Контраразузнавање

Поимот контраразузнавање го следел чекорот на развивање на поимот разузнавање. Со создавањето, развојот и усовршувањето на разузнавањето последователно заради заштита од странското разузнавање било неопходно создавање контраразузнавање, познато и како контрашпионажа.

Во минатото се употребувале разни облици на контраразузнавање, а тоа особено почнало да се развива кон крајот на XIX век и почетокот на XX век, при што дошло до израз за време на Студената војна кога се формирале и поголемиот број од контраразузнавачките служби.

Разузнавачките дисциплини имаат свои „непријатели“. Односно како што во разузнавањето се хјуминт, сигинт, иминт, осинт, масинт итн., така во контраразузнавањето постојат контрахјуминт, контрасигинт, контраиминт, контраосинт, контрамасинт итн. Секоја разузнавачка дисциплина има свој противник, контраразузнавачка дисциплини. Но, и на секоја контраразузнавачка дисциплина предизвик ѝ е откривање на активноста на соодветната разузнавачка дисциплина.

Всушност разузнавањето и контраразузнавањето, иако имаат спротивставени активности и дејности, претставуваат заемно, испреплетени и зависни поими.

### 2.8.1. Поим и дефинирање на контраразузнавање

Ако разузнавањето претставува дејност која со специјални средства и методи презема активности за да се добијат податоци и информации за противникот кој можеби ја загрозува безбедноста на државата, контраразузнавањето всушност претставува откривање на разузнавањето, односно откривање на разузнавачките активности на земјата противник.

Според професорот Котовчевски, контраразузнавањето опфаќа собрани информации и активности извршени за заштита од шпионажа и други разузнавачки активности, саботажа или атентати извршени за или во име на странски сили, организации или лица, или интернационални терористички активности, но без вклучување персонални, административни, комуникациски или други безбедносни програми[53].

Контраразузнавањето според ДЦАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор се дефинира како изведување операции заради идентификување, измама, искористување, нарушување или заштита од шпионажа, саботажа или атентати извршени од странски сили, организации или лица, или нивни агенти. Едноставно кажано, контраразузнавањето вклучува операции што имаат за цел да ги заштитат интересите на државата од оние кои сакаат да ѝ наштетат[54].

Според Џонсон, контраразузнавањето претставува активност која е насочена против разузнавањето, односно против активности на непријателско разузнавање и непријателските шпиони[55].

---

[53] Котовчевски М., Котовчевска Б., „Англиско-македонски речник на разузнавачка и контраразузнавачка терминологија“, Филозофски факултет, Скопје, 2013г., стр.73

[54] ДЦАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор, *ТЕМАТСКО РЕЗИМЕ | Функции на контраразузнавањето и прогонот во разузнавачкиот сектор*, 2020 год., достапно на: https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/CI_LAW_Enforcement_MKD_Feb2021.pdf

[55] Johnson, William R., "*Thwarting Enemies at Home and Abroad: How to Be a Counterintelligence Officer*", Bethesda, MD: Stone Trail Press, 1987.

Многу од размислувањата за контраразузнавањето се чини дека го третираат овој поим само како да се однесува на надворешно-политичкото разузнавање или на прашањата поврзани со националната безбедност. Меѓутоа, искуството покажало дека кога еден народ се занимава, на пример, со недржавен актер или некоја транснационална криминална организација, многу е тешко да се направи дистинкција помеѓу тоа дали претставува проблем за националната безбедност или е можеби проблем со спроведувањето на законот.

### 2.8.2. Почетоци на контраразузнавање

Крајот на XIX и почетокот на XX век е обележан со создавање голем број контраразузнавачки институции, организации, комитети и агенции, владини и невладини, државни и недржавни. Големите сили почнале да посветуваат поголемо внимание на контраразузнавањето, односно на откривањето на непријателските разузнавачки информации и нивните разузнавачи. САД, Франција, Индија, Русија и Британија премиерно во светот ја посочиле и почувствувале силата на контраразузнавањето и контраразузнавачките активности.

Контраразузнавањето за првпат доаѓа до израз во 1776 година кога бил спречен планираниот атентат врз Џорџ Вашингтон во организација на британските шпиони. Атентатот го разоткрил Џон Џеј, кој по овој настан во САД ја добива титулата „татко на контраразузнавањето“. Голем број од елитните телохранители на Џорџ Вашингтон, познати како неговата „Животна гарда“, се здружиле со Британците и планирале да го предадат или да извршат атентат врз својот командант. Комитетот за откривање и поразување на заговори предводен од Џеј претставувал прва институција во САД која извршувала контраразузнавачки активности и која успеала да го разоткрие планот на Животната гарда, спасувајќи го животот на Вашингтон и изведувајќи ги предавниците пред лицето на правдата.

Руската Империја во 1880 година формирала своја агенција позната во меѓународната терминологија како Окрана чијашто задача било да се спротивстави на непријателската шпионажа.

Контраразузнавањето масовно започнува да се развива крајот на XIX век. Па така за време на „Големата игра“[56], односно ривалството и конфликтот помеѓу Британската и Руската Империја на територија на Централна Азија помеѓу 1830 и 1895 година, Индија развива државна служба чијшто систем требало да врши надзор, разузнавање и контраразузнавање.

Во Франција, по аферата Драјфус[57] одговорноста за воената контрашпионажа во 1899 година била доделена на „Sûreté générale“ – агенција којашто дотогаш била одговорна само за спроведување на јавната безбедност и која била под надлежност на француското Министерство за внатрешни работи.

Директно од Владата на Британија било формирано Бирото за тајни служби во 1909 година чијашто должност било да ги контролира сите владини контраразузнавачки активности. Во 1910 година ова биро било поделено на странска и домашна контраразузнавачка служба.

Државите на големо започнале да употребуваат контраразузнавачки активности и да формираат контраразузнавачки служби. Па така Велика Британија ја формира МИ5, Русија за време на Студената војна ја формира КГБ, а САД формираат повеќе офанзивни и дефанзивни контраразузнавачки служби.

### 2.8.3. Функции на контраразузнавање

Брзиот тек на глобализацијата, технолошкиот развој и зголемениот број на транснационалните закани доведе до промена на фокусот на државите во поглед на одржувањето на безбедноста. Поимот контраразузнавање од самиот почеток до денешното поимање доживеа големи промени. Ако во минатото контраразузнавањето подразбираше заштита од странските разузнавачки служби и се одвиваше под контрола на националните држави, денес новите закани го наведоа контраразузнавањето да ги прошири своите активности во различни сфери. Па така, денес контраразузнавањето, покрај заштитата од заканите од странските разузнавачки служби, се занимава и со заканите од

[56] Во познатата шпионска книга „Ким“ (1901 г.) авторот Киплинг, Големата игра ја опишува како шпионски и разузнавачки конфликт што „никогаш не престанува, ни дење ни ноќе“.
[57] Францускиот капетан Алфред Драјфус бил обвинет за предавство и осуден на доживотен затвор за соопштување на француските воени тајни на германската амбасада во Париз.

ненационалните или транснационалните групи, вклучувајќи ги внатрешните бунтовници и организираните криминални групи, како и против заканите од терористите.

Теоријата на контраразузнавањето вели дека постојат четири принципи – да се одвратат, да се откријат, да се измамат и да се неутрализираат напорите на опозицијата за собирање информации, без оглед на тоа зошто се собираат овие податоци – разузнавање, субверзија, саботажа, тероризам, ширење оружје, конкурентска предност итн.[58].




Од четирите принципи произлегуваат двете функции на контраразузнавањето, па така разликуваме дефанзивно и офанзивно контраразузнавање.

Најопшто кажано, **дефанзивното контраразузнавање** ги спречува напорите и обидите на непријателските разузнавачки служби да навлезат во нашата служба. Па така принципот на одвраќање овозможува да се спречи противникот да добие пристап до информации. Одвраќањето всушност се заснова на три премиси:

[58] Prunckun H., *A Grounded Theory of Counterintelligence*", American Intelligence Journal, Vol. 29, No. 2, 2011, p.8, Достапно на: https://www.jstor.org/stable/26201945?searchText=counterintelligence&seq=3

- Да се нанесе неприфатлива штета на противникот со цел тој да воочи дека штетата ја надминува неговата цел. Организацијата мора да биде способна да нанесе таква штета за да може противникот да биде одвратен;
- Заканата треба да биде перципирана од противникот. Пример, ако некоја агенција сака да престане опозицијата неетички и незаконски да собира податоци, тогаш на опозицијата треба да ѝ се овозможи да ја увиди заканата, односно штетата. Нема никаква вредност доколку заканата не е соопштена и перципирана;
- Заканата треба да биде веродостојна за да претставува закана.

Одвраќањето го претставува најголемиот дел од одбранбеното контраразузнавање и тоа во глобала опфаќа физичка безбедност, безбедност на информации, безбедност на персоналот и безбедност на комуникациите.

Другиот дел од одбранбеното контраразузнавање го сочинува принципот на откривање, односно забележување на некој настан кој се случил или е можеби некако поврзан со прекршување или потенцијално прекршување некои доверливи информации. Постојат неколку премиси на кои се заснова овој принцип:

- Идентификување на загрижувачки настан. Пример, тоа може да биде привремено отстранување на документи од канцеларија за нивно копирање или пак неовластено набљудување доверливи информации и нивно пренесување од вработен до непријателската организација. Без добри воспоставени системи (аларми, дигитални снимки), контраразузнавачот тешко би можел да забележи ваков настан;
- Идентификување на лицата вклучени во настанот, за да може да се открие целта којашто сакале да ја остварат;
- Идентификување на организацијата (опозицијата) со којашто е поврзано инволвираното лице. Вообичаено разузнавачите собираат информации за одредена организација и иако делуваат самостојно собраните информации ги пренесуваат на разузнавачките аналитичари во седиштата каде што потоа се обработуваат;

- Идентификување на поврзаноста на лицето со други лица, за да може контраразузнавачот да овозможи полесно откривање на нивната мотивација и цел; и
- Собирање факти кои ќе докажат дека лицето било инволвирано во настанот, со што контраразузнавачот ја има целосната слика за настанот – кој, што, како, кога и зошто.

Принципите на одвраќање и откривање се првиот бран на борбата против непријателските разузнавачи кои се остваруваат преку дефанзивното контраразузнавање. Наспроти дефанзивното се наоѓа **офанзивното контраразузнавање** кое се бори да ги придобие непријателските разузнавачи и да ги претвори во двојни агенти, односно се обидува да ги изманипулира презентирајќи им лажни информации.

Принципот на измама им овозможува на контраразузнавачите да ги измамат и да ги доведат до заблуда донесувачите на одлуките на разузнавачката организација во врска со операциите, способностите или пак намерите на агенција или на некој нејзин клиент којшто е мета на разузнавачката дејност.

Принципот на неутрализација овозможува да се блокира операцијата на разузнавачите, а еден од најпознатите методи за ова е контрашпионажата. Контрашпионажата презема мерки за откривање на непријателската шпионажа или физички напади врз непријателските разузнавачки служби, спречување оштетувања или губење информации, и доколку е можно да се врати нападот назад до неговиот иницијатор. Таа се обидува да ја поткопа непријателската разузнавачка служба преку регрутирање агенти во странската служба.

За разлика од криминалните истраги, крајната цел на собирањето докази во контраразузнавачката истрага вообичаено не е гонење пред суд, туку организирање контраоперација со цел да се замати, збуни или измами опозицијата.

### 2.8.4. Контраразузнавачки процес

Професорот Питер Дувенејџ дава свое гледиште за контраразузнавачкиот процес и според него процесот треба да се одвива низ следниве чекори:

1. Идентификувајте ги информацииите и средствата што го гарантираат трошењето на контраразузнавањето ресурси;
2. Проценете ги ранливостите што го зголемуваат ризикот од компромитирање на информациите;
3. Скенирајте ја околината и идентификувајте ги актуелните или потенцијални закани од агенти;
4. Соберете информации за заканата од агенти и проценете ги ризиците;
5. Повторно проценете ги сопствените ранливости и разгледајте ги начините за одбрана;
6. Развијте сет од контраразузнавачки мерки и проекти (офанзивни и дефанзивни);
7. Спроведете ги препорачаните контрамерки и проекти;
8. Постојано оценувајте и приспособувајте ги имплементираните контрамерки за да се пресмета промената во средината[59].

И покрај сите напори, сè уште не е пронајден универзален процес за справување со странските разузнавачи кој би бил пошироко прифатен. Процесот на контраразузнавање е различен во секоја од контраразузнавачките служби, но во основа процесите се држат до погоренаведените чекори.

### 2.8.5. Контраразузнавачки служби

Општо кажано контраразузнавачките служби претставуваат организации и агенции кои се обидуваат да ги спречат странските разузнавачки организации успешно да соберат разузнавачки информации за владите на кои тие им служат. Државите во својот состав имаат по неколку служби кои се занимаваат со контраразузнавачката дејност, но една од земјите во која контраразузнавачките служби се најразвиени и ги има во најголем број е САД, а како такви можеме да ги спомeнеме: Агенција за дефанзивно контраразузнавање и безбедност (DCSA), Дивизијата за контраразузнавање на ФБИ, Контраразузнавање на Армијата на САД (ACI), Центар за одбранбено контраразузнавање и човечко разузнавање (DCHC), Контраразузнавање на маринскиот корпус на САД и други субјекти во

[59] Duvenage P., Hough M., “The conceptual structuring of the intelligence and the counterintelligence processes: Enduring holy grails or crumbling axioms–quo vadis?”, *Strategic Review for Southern Africa*, University of Pretoria, Pretoria, 2011

кои се наоѓаат оддели за контраразузнавање. Во Велика Британија добро ни се познати МИ5 и МИ6, а Русија ја има Федералната служба за безбедност (FSB) наследничката на КГБ од Советскиот Сојуз. Во Македонија таква служба беше Управата за безбедност и контраразузнавање којашто во 2019 година е преименувана во Агенција за национална безбедност.

Агенцијата за дефанзивно контраразузнавање и безбедност (The Defense Counterintelligence and Security Agency – DCSA) на САД со помош на контраразузнавање и програми за справување со инсајдерските закани овозможува да се откријат, одвратат и да се попречат заканите на нивниот народ. Агенцијата спроведува овластени активности во тесна координација со американските колеги од разузнавањето, безбедноста и спроведувањето на законот за да ги идентификува, процени и да ги попречи заканите од странските разузнавачки ентитети[60].

ФБИ претставува водечка агенција за разоткривање, спречување и истражување на разузнавачките активности во САД. Целите на контраразузнавачката работа на ФБИ се: да се заштитат тајните на разузнавачката заедница на САД; да се заштитат критичните средства на нацијата, како што се напредните технологии и чувствителните информации во секторите на одбраната, разузнавањето, економскиот и финансискиот сектор, јавното здравство и науката и технологијата; да се спротивстави на активностите на странските шпиони; и да се чува оружјето за масовно уништување да не падне во погрешни раце[61]. Една од целите на ФБИ е справување со тероризмот и спроведување контратерористички програми и стратегии, односно со помош на истражувачки и разузнавачки капацитети да се неутрализираат домашните екстремисти и да се помогне во разбивањето на светските терористички мрежи.

Во борбата против тероризмот особено се истакнуваат поголемите држави кои имаат најразвиени служби и најсофистицирани методи за справување со сите видови тероризам и можат да вложат повеќе средства за да може да се делува во што е можно поголем регион. Разузнавањето и контраразузнавањето

[60] Види повеќе на официјалната страна на Американската агенција за дефанзивно контраразузнавање и безбедност (DCSA): https://www.dcsa.mil/
[61] Официјална веб-страна на Федералното биро за истражување (ФБИ), достапно на: https://www.fbi.gov/investigate/counterintelligence

може да влијаат во спречување на извршувањето на терористичките напади доколку се успее да се влезе во трага на терористите пред тие да го извршат нападот.

Контраразузнавачките агенции со помош на разни техники можат да се инфилтрираат во терористички групи со цел да ги осознаат нивните цели за постоење, нивните клучни таргети и начините со кои би успеале да го остварат тоа. Доколку успеат да навлезат подлабоко во терористичките групи, тие имаат можност да извршат еродирање во организацијата, односно да направат поделби помеѓу членовите со што ќе се поткопаат односите помеѓу нив и ќе започне одредена дестабилизација во групата којашто би била предвесник на крајот на животниот век на терористичката организација.

# 3. ТЕРОРИЗАМ И САМОУБИСТВЕН ТЕРОРИЗАМ

Настаните од 11-ти септември доведоа до големи промени во светски рамки. Политиката на многу држави започна да се преориентира и да посветува поголемо внимание на поимот тероризам и справувањето со него. Тероризмот во современи услови станува замена за војните на Клаузевиц. Постмодерното војување веќе нема да ги вклучува класичните армии, а територијата и учесниците нема да бидат ограничени. САД разви своја контратерористичка програма со која беше планирана офанзива против тероризмот, односно САД почна да ја спроведува својата војна против тероризмот.

Неопходноста за меѓународен договор за дефинирање на поимот тероризам беше на повидок. Создавањето контратерористички начела и принципи би било олеснато доколку јасно би бил дефиниран тероризмот. Поимот бараше свое дефинирање со цел државите да можат да го спроведат кривичното право против извршителите на терористичките напади.

Некаде терористите претставуваат херои, некаде се жртви на системот. Многу од терористите се сметаат себеси за борци, ослободители и поборници за права и слобода. Токму поради овие епитети, тие во поново време несомнено се одлучуваат да го жртвуваат својот живот за слободата на другите. Извршувањето самоубиствени напади е доста популарна појава кај денешниот современ тероризам.

Истражувањето за тероризмот ни овозможува да се доближиме до терористите и нивната идеологија, да разбереме како функционираат нивните глави, што ги мотивира да ги извршуваат терористичките акти. Со ова ние би биле поблиску до полесно спроведување на контратерористички програми и стратегии со цел да ги одвратиме или спречиме терористите да извршат напади кои ќе го загрозат или целосно уништат животот на невините луѓе.

## 3.1. Поим за тероризам

Постоењето на тероризмот, исто како и војната го следи развојот на човековото постоење. Се користеле методи коишто и денес се сè уште популарни, па како такви ќе ги спомeнеме атентатите, киднапирањата и земањето и држењето заложници.

Тероризмот бил често употребуван пред Христовото раѓање кога извршениот атентат против непријателот бил сметан за спасоносен чин, а атентаторот бил пофалуван, почитуван и омилен кај народот. Во времето на Персија и Асирија тероризмот се употребувал за да се шират страв и терор кај Исламската Држава. Потоа следува периодот на Француската буржоаска револуција каде што зборот терор (фр. terreur) добива свое значење – систем, односно режим на страв. За време на американската граѓанска војна биле користени разни форми на терор од страна на организирани терористички групи. Современиот тероризам како поим првпат се споменува во делата на руските поети и филозофи во втората половина од XIX век.

Денес тероризмот особено се употребува од страна на организираните групи насочени кон „стабилизација на земјата“ во Блискиот Исток, како и од организираните криминални групи во светот кои користат терористички тактики со цел да ги заплашат власта и непријателските криминални групи.

Во вековите наназад се користеле разни форми и видови тероризам од страна на извршителите на тероризмот, а денес тој е збогатен со уште посериозни форми кои може да нанесат опасни и масовни последици. Ова бара постојано следење на овој комплексен феномен заради попрецизно дефинирање и водење успешна битка против него.

Алек Шмит во 1984 година[62] издвоил 22 елемента кои биле најзастапени во 109 дефиниции за тероризмот и одредил колкав е нивниот процент на застапеност. Истите елементи денес се анализирани во други случајно селектирани дефиниции и забележани се нови процентуални зачестености.

---

[62] Alex P. Schmid, *„Political Terrorism: A Research Guide to Concepts, Theories, Data Bases and Literature“*, Amsterdam: North-Holland, 1984, p. 76-77

| Ред. бр. | Елемент | Зачестеност (%) | Зачестеност- ново (%) |
|---|---|---|---|
| 1. | Насилство, сила | 83,5 | 87 |
| 2. | Политички | 65 | 62 |
| 3. | Страв, зголемен терор | 51 | 48,1 |
| 4. | Закана | 47,5 | 20,6 |
| 5. | Ефекти и очекувани реакции (психолошки) | 41,5 | 22,9 |
| 6. | Диференција: жртва – цел | 37,5 | 62,3 |
| 7. | Намерно планирана, систематска организирана акција | 32 | 20 |
| 8. | Метод на борба, стратегија, тактика | 30,5 | 24 |
| 9. | Аномалии во кршењето на прифатените правила без хуманитарни ограничувања | 30 | 20 |
| 10. | Присила, изнудување на прифаќање | 28 | 13,5 |
| 11. | Публицитет | 21,5 | 13,7 |
| 12. | Самоволие: безличен, карактер, неразликување | 21 | / |
| 13. | Цивили, неутралци, аутсајдери како жртви | 17,5 | 20 |
| 14. | Застрашување | 17 | 18 |
| 15. | Нагласена невиност на жртвите | 15,5 | 18 |
| 16. | Група, движење, организација како извршител | 14 | 25 |
| 17. | Симболичен аспект, демонстрација на другите | 13,5 | 11,5 |
| 18. | Непресметливост, непредвидливост, неочекуваност на случувањето на насилството | 9 | 20 |
| 19. | Тајна, прикриена природа | 9 | 5,53 |
| 20. | Повторливост, сериски или кампањски карактер на насилството | 7 | 11 |
| 21. | Криминал | 6 | 8 |
| 22. | Барања поставени (упатени) од трети страни | 4 | 5,5 |

Според овие анализи, согледано е дека особено се намалила заканата од тероризмот и ефектите од него, а се зголемил елементот жртвата како цел.

Несогласувањата околу дефинирањето на тероризмот го комплицираат кривичното гонење на терористите и го ограничуваат правосудството. Сепак постојат попрецизни дефиниции кои донекаде сеопфатно го дефинираат.

Интерпол за тероризмот вели дека е „криминал кој го карактеризира насилството или заплашувањето, најчесто против невини жртви, во

настојувањата да остварат политички или општествени цели.“ Идентична, но малку поширока и посеопфатна од оваа дефиниција е дефиницијата дадена од Федералното истражно биро на САД, при што за тероризам се смета „незаконска употреба на сила и насилство против лица и објекти со цел да се заплашат, или да се принуди власта, населението или кој било сегмент од општеството, во остварувањето на своите крајни политички и општествени цели.“

Според Брајан Џенкинс (Ренд Корпореишн), тероризмот се состои од нелегитимна употреба на сила за постигнување политичка цел кога невини луѓе служат како мета.

За одредена појава да се окарактеризира како тероризам, самиот чин на терор мора да има политичка цел. Тероризмот претставува спој на политика и насилство со тенденција да се добие моќ. Насилството е основен предуслов на тероризмот и на неговите актери кои мислат дека само преку насилство во општеството можат да ги постигнат своите долгорочни политички цели[63].

Тероризмот претставува кривично дело и како такво има неколку толкувања:

- тероризмот претставува кривично дело што е насочено против одреден државен поредок и против легитимно избраната власт на конкретната држава;
- тероризмот претставува кривично дело што во описот на своето битие ги содржи следните елементи: насилство, терор, застрашување, уцени, земање заложници, киднапирање, закани итн.;
- тероризмот претставува кривично дело што е насочено кон граѓаните и кон претставниците на воено-безбедносните формации на државата;
- тероризмот претставува кривично дело што е тесно поврзано со политиката;
- тероризмот претставува кривично дело што се финансира и е тесно поврзано со блиските и сродни инкриминални дела, кои, во суштина, ги претставуваат и основните извори за нивно финансирање: трговија со дрога, трговија со оружје, нуклеарна, хемиска и биолошка пролиферација, трговија со луѓе, поврзаност со феномените на

[63] Hoffman, Bruce, “*Inside Terrorism*“, New York: Columbia University Press, 2006.

транснационалниот организиран криминал, а посебно со финансискиот криминал и со рекетирањето;

- мотивацијата на терористичкиот чин може да има социјална, политичка, филозофска, идеолошка, религиозна, културна и етничка основа; и
- тероризмот претставува сосема идентичен облик на криминалитет со воените злосторства (честопати е тешко да се направи разлика помеѓу тероризмот и воениот криминал)[64].

Според анализата на големиот број дефиниции, можеме да согледаме одредени карактеристики на тероризмот, а тоа се:

- Степен на страв и заплашување;
- Загрозување и повредување на вредностите: животот, имотот, безбедноста, здравјето;
- Постоење на посебен мотив за извршување на актот на тероризам;
- Го спроведува поднационална или недржавна целина;
- По правило се стреми кон смрт во извршување на нивните акции;
- Терористичките напади се покриени со голема медиумска популарност;
- Драматичноста на терористичките случувања ја опфаќа целата светска јавност;
- Тероризмот го карактеризираат добра организација, припременост и брзина во извршувањето на акциите;
- Тајноста во делувањето на терористите претставува основен принцип; итн.

Цел на еден терористички напад не е само убивањето луѓе – жртви, туку мета се и владите, јавните места и институциите од кои терористите се надеваат дека ќе предизвикаат некаква реакција: страв, паника, заплашување или дестабилизација. И покрај илјадниците дефиниции, тероризмот претставува предмет на перцепција на оној кој се обидува да го формулира и дефинира.

---

[64] Котовчевски М., *„Современ тероризам“*, Македонска цивилизација, Скопје, 2003, 82-83.

## 3.2. Профил на терорист

Карактеристиките и профилот на терористите се од суштинско значење во борбата против тероризмот. Доколку би можело да се определи конкретна листа за профилирање на терористите, спречувањето на терористичките напади би било олеснато. Но, истражувачките студии покажале дека не може да се наслика еден профил кој би одговарал за секој типичен терорист, односно не може да се утврди одреден профил со посебни физички атрибути и психолошка состојба на еден универзален терорист.

Вообичаено за терористите се смета дека се малоумни, психички нестабилни, неразумни, необразовани, лесни за манипулирање, агресивни, нетолерантни на критики и слично. Но, сето тоа е стереотип, а вистината е обратна. Тие се доста интелигентни личности кои се спремни за извршување акција од висок ризик, кои немаат страв, имаат голема храброст и спремни се да се жртвуваат и себеси за успешноста на терористичкиот напад. Терористички организации при самата регрутација на новите членови особено обрнуваат внимание на погореспоменатите атрибути со што не би дозволиле одредена саботажа и шпионажа во организацијата или дополнителни проблеми кои би го спречиле успешното извршување на планираните терористички напади.

Според истражувањата во однос на нивниот социјален статус (фамилијата, религиозноста, поддршката), не би можело да се идентификува одредена личност како потенцијален терорист. Исто така образованието не претставува карактеристика според која би можело да се идентификуваат терористите.

Високо образованите регрути вообичаено заземаат високи позиции во терористичките организации. Постарите членови и лидери во организациите се идентификувани како (поранешни) професионалци, односно доктори, банкари, адвокати, инженери, новинари, универзитетски професори, итн.

Терористите всушност физички добро изгледаат, пристојно се облекуваат и се однесуваат како нормални личности, може да се пронајдат во секоја сфера во општеството, сѐ додека не се решат да ја извршат терористичката мисија.

Согледувајќи дека физичкиот и карактерниот опис на терористот може да се совпаднат со изгледот на некој нормален млад човек, можеме да заклучиме дека

личниот, физичкиот и социјалниот статус на кој се потпира профилирањето на терористите нема да бидат многу корисни при откривање на терористите и спречување на терористичките напади.

## 3.3. Терористичка мотивација

Што е она што ги тера луѓето да станат терористи? Зошто стануваат терористи? Се поставува прашањето каква е нивната психологија и што ги мотивира да посегнат по насилство, терор и убиства.

Терористите може да бидат инспирирани од различни мотиви кои може да се класифицираат на неколку начини. Една од класификациите ги дели мотивите на три категории, и тоа: рационална, психолошка и културна мотивација[65]. Друга класификација според независна истражувачка студија[66] ги дели мотивите зависно од: перцепцијата (жртва на социјална неправда), религијата, идентитетот, припадноста, политичката репресија (активност), хероизмот и автономијата. Трета класификација спроведена од Силке[67], терористичката мотивација ја согледува и дели во согласност со: биолошките фактори, социјална идентификација и маргинализација во општеството, психологијата за одмазда (пр. 11.9 – САД) и лична сатисфакција, односно награда.

Мотивацијата можеби е различна кај терористите, но едно е сигурно, дека таа мора да биде на највисоко ниво заради успешно извршување на терористичките активности.

Според истражувањата на Глобалниот терористички индекс 2023, направена е споредба на терористичките напади на „Западот“ во однос на нивната мотивација за секоја година во периодот од  2007 до 2022 година.

---

[65] Котовчевски М., *„Менаџирање со терористички закани“*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 40.
[66] Subramanyam M., *“Motivation leading to radicalization in terrorists*“, Research Article: Forensic Research & Criminology International Journal, Volume 6: issue 4, 2008, достапно на: 10.15406/frcij.2018.06.00221
[67] Andrew Silke, “*Terrorists, Victims and Society – Psychological Perspectives on Terrorism and its Consequences*”, Wilke, England, 2003, p.35-46.

Проценето е дека година со најмногу терористички напади е 2017 година, а со најмалку 2013 година.




[68]

Може да се согледа дека на Западот најмногу од терористички напади кои биле базирани на идеолошка, религиозна или националистичка, односно сепаратистичка основа се случиле во 2017 година, а најмалку во 2012 и 2013 година. Терористички напади чијашто мотивација е неодредена, односно сè уште неоткриена најмногу имало во 2010,2012 и 2017 година.

Исто така направена е споредба во однос на различната мотивираност на терористичките напади и бројот на убиени во периодот од 2007 до 2022 година на Западот. Воочливо е дека најмногу убиства при терористичките напади извршуваат терористите чијашто мотивација е религијата, а најмал е бројот на убиени во нападите од страна на терористите кои се националистички, односно сепаратистички мотивирани.

[68] Global Terrorism Index 2023, Institute for Economics and Peace, Sydney, достапен на: https://reliefweb.int/attachments/91c7f4ee-9db7-47c4-a487-0d166b3d4274/GTI-2023-web.pdf




Source: Dragonfly Terrorism Tracker, IEP calculations

69

Терористите кои се религиски мотивирани се оние кои причинуваат најмногу штета во однос на убиствата, односно „религиските" терористи во периодот од 2007 до 2023 година извршиле речиси 500 убиства. Идеолошките терористи се малку понеопасни во однос на религиските терористи и во однос на анализата во дадениот период бројот на убиства од нивните напади е нешто под 300. Веднаш под идеолошките терористи во однос на убиствата се наоѓаат терористичките напади кои се извршени од нерасчистени, односно неоткриени мотиви и нивниот број на убиства е малку повеќе од 100.

## 3.4. Видови тероризам

Тероризмот претставува екстремно комплексен феномен кој целосно не може да се расветли. Денес тој вклучува висок степен на насилство и се користи како заканувачко средство во најразлични сфери во општеството. Развиени се голем број видови тероризам, а тие можат да се поделат во зависност од:[70] актерите кои се вклучени, мерките и методите кои се користат, мотивите, како и од географскиот опсег.

[69] Извештај на Global Terrorism Index 2023, Institute for Economics and Peace, Sydney, достапен на: https://reliefweb.int/attachments/91c7f4ee-9db7-47c4-a487-0d166b3d4274/GTI-2023-web.pdf
[70] Alex P. Schmid, "*The Routledge Handbook of Terrorism Research*", New York, 2011, p.173


ТЕРОРИЗАМ
Според инволвираните актери
Државен тероризам
Тероризам спонзориран од држава
Револуционерен тероризам
Според мерките и методите кои се користат
Самоубиствен тероризам
Сајбер тероризам
НХБ тероризам
Биолошки тероризам
Нуклеарен тероризам
Хемиски тероризам
Според мотивите
Религиски тероризам
Наркотероризам
Политички тероризам
Тероризам за еден спор
Левичарски тероризам
Десничарски тероризам
Според географскиот опсег
Домашен тероризам
Меѓународен тероризам

Други видови тероризам кои може да ги сретнеме во меѓународната литература се: супертероризам,, социотероризам, анархотероризам, миттетероризам, емигрантски тероризам, исламистички и етнонационалистички-сепаратистички тероризам, превратнички/идеолошки тероризам, психотичен, криминален и мистичен тероризам, мегатероризам, репресивен и воен тероризам итн.

## 3.5. Видови и методи на терористички напади

Терористите во зависност од целта којашто сакаат да ја остварат внимателно го избираат начинот за терористички напад. Бомбашките напади се најчесто употребувани од страна на терористите, бидејќи можат да направат огромна штета врз јавните објекти и институции. Тие лесно се поставуваат, одземаат многу жртви и истовремено предизвикуваат голема медиумска фама. Класификацијата на терористичките напади може да се прави според разни критериуми, а во зависност од методите и оружјето кое е употребено при терористичкиот акт може да се поделат на:

- Бомбашки напади,
- Напади од бомбаши самоубијци,
- Киднапирање на авиони и авионски напади,
- Терористички напади со киднапирања,
- Терористички напади со хемиско оружје,
- Терористички напади со биолошко оружје,
- Терористички напади извршени преку компјутерски криминал и хакирање компјутерски мрежи,
- Терористички напади извршени со помош на дронови[71].

Во новиот век се покажа дека терористичките организации повеќе се склони кон нападите со бомбаши самоубијци и киднапирањата на авиони. Исто така во последниве години сајбертероризмот особено се разви, односно терористичките напади се во чекор со брзиот развој на компјутерската технологија, па

[71]Todd Sandier, “*Terrorism: what everyone needs to know*”, Oxford University Press, New York, 2018, p. 108

терористичките напади извршени со употреба на компјутерските мрежи станаа посебно актуелни.

Класификацијата на терористичките напади според методите кои ги употребуваат може да се подели на:

- Атентат,
- Подметнување бомби,
- Грабнување,
- Киднапирање,
- Земање заложници,
- Вооружени напади[72].

Атентатите важат за едни од најстарите и најупотребувани терористички методи, а најмногу се користи од страна на ЕТА во Шпанија, Црвените бригади во Италија и ИРА во Северна Ирска. Целите при атентатите се предвидени, следени и планирани, а вообичаено цел претставуваат владини претставници, здружени извршители, полицајци, односно терористичките организации дејствуваат против владините тела.

Грабнувањето возила кои превезуваат стока било особено популарно во 60-тите и 70-тите години од XX век. Денес овој метод не е често употребуван од проста причина што се развија многу поатрактивни терористички методи за напад.

Киднапирањето претставува ситуација во која терористите држат заробени лица против нивна волја на непозната локација и ги користат заробениците како средство за спогодување вообичаено со владините органи.

Заробувањето заложници се употребува за да може да се искористат како делови за спогодување и целата акција вообичаено е проследена со голем публицитет, а резултатот од акцијата е неизвесен.

Вооружените напади кои најчесто се употребуваат од терористите се пробивање (на објекти и материјали) и заседа (на луѓе), а кој метод ќе се употреби зависи од целта којашто треба да се оствари.

[72] Котовчевски М., *„Современ тероризам“*, Македонска цивилизација, Скопје, 2003, стр. 309

Според истражувањата спроведени од страна на Глобалниот терористички индекс 2023 во периодот од 2007 до 2022 година, најмногу од терористичките напади на светско ниво биле извршени со напади со експлозиви и огнени оружја.

Бомбите се лесни за составување и нивните материјали се првично лесно достапни, не се скапи и лесно се склопуваат, а често ги нарекуваат „импровизирани експлозивни направи“. Тие му овозможуваат на терористот да ја оствари целта без притоа да го стави во ризик својот живот, бидејќи тие може да се активираат од далечина или пак да експлодираат по одреден временски период. Бомбите може да се поставaт со рака, може да се испорачаат по возило, во писмо или пакет, да се испратат преку пошта или друга служба за испорака, да се поставaт во авион, но исто така тука се вбројува и денешниот широко распространет терористички метод за напад со луѓе – бомби.

## 3.6. Самоубиствен тероризам

Еден од најсовремените методи на тероризам кој станува омилен кај терористите е самоубиствениот тероризам чијашто цел вообичаено е да изврши притисок врз владите на оние држави кои се главна мета и сè од голема важност за терористичките организации.

Поимот самоубиствен тероризам претставува сериозна загриженост во борбата против транснационалниот тероризам и е форма на психолошко војување кое е насочено не само кон убивање и нанесување штета, туку и кон деморализирање на народот во таргетираната земја. Бомбашите самоубијци претставуваат комплексни и иновативни „оружја“ и се најекстремните примери на асиметричното војување. Тие се доста драматични, борбени и многу ефективни за терористичките групи кои ги употребуваат.

Самоубиствениот тероризам претставува релативно нов феномен, а неговото дефинирање претставува сериозен проблем на светско ниво со оглед на големата проблематика којашто ја опфаќа. Тешко е да се избере една единствена универзална дефиниција, особено поради фактот што сè уште поимот тероризам е предмет на различни интерпретации.

Се смета дека самоубиствениот тероризам е воден од две премиси: желбата да убива и желбата да умре. Тој по некоја дефиниција претставува „подготвеност за жртвување нечиј живот во процесот на уништување или во обидот да се уништи одредена цел во името на промовирање некоја политичка цел“[73]. А бомбашите самоубијци, односно терористи самоубијци се сметаат за бомбите со очи и мозок и претставуваат главни актери кои го спроведуваат самоубиствениот тероризам.

Универзитетскиот професор Ејми Педахзур (Ami Pedahzur) го дефинирал самоубиствениот тероризам како „насилни дејства извршени од луѓе кои се свесни дека шансите да се вратат живи се блиску до нула.“

„Самоубиствениот тероризам како метод е стратегиски, рационален избор на лидерите на терористичката организација, поради постигнување одредена политичка цел – не е посебно поврзан со вера или идеологија“[74].

Според Роберт Пејп, терорист самоубиец е „напаѓач кој не очекува да ја преживее мисијата и често ги користи методите за напад (како што се: автомобил-бомба, самоубиствен елек или уривање авиони во зграда) и го одзема неговиот или нејзиниот живот за успехот на мисијата. Во суштина, терористот самоубиец убива други во исто време кога и тој се убива“[75].

Најсмртоносната форма на тероризмот е самоубиствениот тероризам кој претставува едноставна и евтина операција која нема потреба од планирање мисија за спасување. Бомбашот самоубиец може да ги избере времето, локацијата и последиците од нападот причинувајќи што повеќе штета и жртви. Поради „огромното чувство на беспомошност“, самоубиствените напади имаат големо влијание врз јавноста и медиумите.

Според Швајзер, самоубиствениот терористички напад е „политички мотивиран насилен напад извршен од самосвесен поединец или поединци кои активно или намерно ја предизвикуваат својата смрт кревајќи се во воздух

[73] Gunaratna R., “*Suicide Terrorism: A Global Threat*”, Senior Research Associate, Centre for the Study of Terrorism and Prevention of Political Violence, University of St. Andrews, 2000.
[74] *Војно дело*, Министерство за одбрана на Република Србија, издание 3/2017, стр.387
[75] Исто.

заедно со избраната цел. Смртта на терористот е предуслов за успешноста на мисијата“[76].

### 3.6.1. Предности на самоубиствениот тероризам

Се поставува прашањето зошто сè повеќе терористичките организации го практикуваат самоубиствениот тероризам како начин за достигнување и исполнување на своите цели. Како една од главните причини за преминот на овој начин на извршување терор се смета неговата разорна моќ, односно самоубиствениот тероризам зема со себе многу повеќе човечки жртви отколку кој било друг вид тероризам.

Предностите кои ги има самоубиствениот тероризам во однос на другите форми на тероризам се:

- Терористичката организација под чијашто завеса се води самоубиствениот напад не троши многу финансиски средства за организирање и спроведување на нападот. Трошоците на организацијата се мали, а штетата и жртвите од самоубиствениот тероризам се големи.
- Рационално убивање, односно во просек терорист самоубиец може да нанесе многу повеќе штета и да одземе многу повеќе жртви отколку при напад со некој друг вид тероризам.
- Терористите-самоубијци – паметни бомби. Овие терористи можат да влезат и да се прошетаат и во најбезбедните зони, лесно да се пробијат низ гужви, да направат последни проверки на плановите и да изберат точно време за детонација, со што би се постигнале најдобри резултати, односно најмногу штета.
- „Уредот“ е успешно доставен до целта. Терористот самоубиец носејќи го експлозивниот уред на себе може да допре директно до целта.
- Најтешките и најнедостапните цели може да бидат нападнати.
- Бомбашите самоубијци носејќи бомба на себе се далеку поопасни од кој било уред експлозив оставен да експлодира на некое место и тешко дека

[76] Ami Pedanzur, “*ROOT CAUSES OF SUICIDE TERRORISM: The globalization of martyrdom*”, Routledge, New York, 2006, p. 13, достапно на: https://www.defence.lk/upload/ebooks/Ami%20Pedahzur%20Root%20Causes%20of%20Suicide%20Terrorism_%20The%20Globalization%20of%20Martyrdom%20.pdf#page=34

може да бидат спречени во нивната намера (можат да ја активираат бомбата на себе во секој момент).

- Бомбашите самоубијци немаат потреба од план за спасување во случај да бидат откриени.
- Мртвите бомбаши самоубијци не можат да изнесат информации кои вообичаено се добиваат при испрашувања од страна на безбедносните служби на приведените терористи по извршен терористички напад.
- Безбедна терористичка организација. Терористичката организација со самоубиствените напади е сигурна дека нема да биде издадена, односно изневерена од страна на извршителот на теророт.
- Самоубиствениот напад привлекува голема медиумска репортажа и со тоа влијае да се наметне саможртвувањето врз терористите и новите регрути.

### 3.6.2. Глобализација на самоубиствените терористички напади

Големиот број предности кои ги имаат самоубиствените терористички напади ги наведоа терористичките организации да се осврнат повеќе на постигнување на своите цели со помош на самоубиствените терористички напади. Големата смртност и штета која ја нанесуваат проследена со медиумската фама доведоа до запоставување на класичните терористички напади и зголемена употреба на тероризмот спроведен преку самоубиствени бомбашки напади. Можеме да забележиме дека самоубиствениот тероризам особено почна да се употребува по нападите од 11.9 (види графикон подолу).

Самоубиствените терористички напади може да се забележат во разни форми зависно од целта и штетата коишто треба да се постигнат. Познати ни се современите самоубиствени напади извршени со бомбашки елек (експлозивен елек), возило бомба (автомобил, автобус, камион), како и авион бомба (нападите на 11.9). Иако самоубиствените терористички напади станаа доста актуелни во последните децении, нивното постоење се споменува уште многу одамна.



[77]

Се смета дека првите самоубиствени напади се случиле во првиот век од нашата ера кога еврејската секта Сикари (Sicarii) извршила самоубиствени напади против хеленизираните Евреи поради тоа што ги сметала за неморални соработници[78]. Начинот на кој ги извршувале овие самоубиствени напади било со употреба на нож (кама), при што ги убивале таргетираните личности, а планот за бегство не им бил потребен бидејќи се самоубивале.

Како специфичен начин за извршување самоубиствен напад се споменува нападот во 1780 година извршен од страна на првата жена бомбаш самоубиец во Индија по име Кујили (Kuyili) којашто врз себе истурила запаллива материја, се самозапалила и влегла во оружарницата на Источноиндиската компанија и предизвикала експлозија. Со овој напад таа ѝ овозможила на својата кралица Вели Начијар (Velu Nachiyar) да извојува победа. Сличен начин на самоубиствени напади бил извршен и во Шпанско-мороскиот конфликт од XVI до XIX век, при што Моронците ги убивале непријателите со специфични ножеви и секири, а потоа се самоубивале.

Крајот на Втората светска војна во однос на самоубиствените напади бил обележан со нападите на јапонските камикази од страна на Јапонската Империја

[77] Преземено од: https://en.wikipedia.org/wiki/File:Suicide-attacks-cpost-bigger-font.JPG, ова истражување е изработено од страна на Chicago Project on Security and Terrorism.
[78] Riaz Hassan, "*Suicide bombing*", Routledge, New York, 2011, p.8; достапно на: https://books.google.mk/books?id=DgQ_opkHdJ0C&printsec=frontcover

врз американската и кралската морнарица и нивните бродови носачи на авиони. Јапонските камикази всушност претставувале авиони кои биле натоварени со експлозиви и се уривале во противничките воени бродови. Со овој чин на саможртвување јапонските камикази извршиле околу 3 000 напади и потонале повеќе од 50 бродови.

Луѓето бомби почнале да се употребуваат во времето на Корејската војна и Суецката криза (средината на XX век). Модерните самоубиствени напади допреа до светската јавност и го привлекоа меѓународното внимание во почетокот на осумдесеттите години од XX век, кога се случил нападот со автомобил бомба врз иранската амбасада во Бејрут, а следувале и неколку самоубиствени напади на припадниците на Хезболах врз објектите каде што биле сместени американските маринци. По овие напади, самоубиствената тактика масовно започнала да се употребува од организациите кои делувале во регионот на Авганистан, Ирак, Израел, Палестина, Сирија, Иран, а до 1999 година имало околу 50 самоубиствени бомбашки напади. Хезболах повеќе се насочила кон употребата на возилата бомби, а палестинските организации ги фаворизирале терористите самоубијци со експлозивен елек. Тамилските тигри (LTTE) за време на Граѓанската војна (1983 – 2009 година) во Шри Ланка како тактика започнале да ги употребуваат самоубиствените напади преку користење појаси бомби и жени бомбаши. Според истражувањата на Проектот за безбедност и тероризам од Чикаго[79], се смета дека Тамилските тигри извршиле 83 самоубиствени напади, а убиле вкупно 981.

Самоубиствените терористички напади за првпат го допреа целиот свет кога излегоа од регионот на Африка и Азија. Настаните од 11.9 особено го привлекоа вниманието на опасноста од тероризам и самоубиствени терористички напади и донесоа големи промени во однос на светските политики. Тероризмот во многу земји почна да се искачува на врвот на скалилото каде што се рангирани закани за човештвото.

---

[79] Официјална веб-страна на Chicago Project on Security and Terrorism Suicide Attack Database: https://web.archive.org/web/20160124010022/http://cpostdata.uchicago.edu/search_new.php

### 3.6.3. Мотивација на терористи самоубијци

Терористите самоубијци знаат дека ќе бидат „разнесени“ во текот на извршување на терористичкиот напад, но има некои терористи кои не се свесни за последиците од нападот кои ги нанесуваат врз општеството, терористичката група, како и врз фамилијата. Тешко е да се разбере како овие терористи се решаваат да ги искористат својот живот и тело како оружје за убивање други луѓе.

Процесот на регрутирање и станување терорист самоубиец се состои од многу компоненти, но како почетна и завршна компонента без која не би можело да се изврши еден терористички самоубиствен напад е мотивација на терористот да го изврши делото, односно саморазнесувањето и убивањето што е можно повеќе лица. Мотивацијата на терористот самоубиец треба да биде постојано на највисоко ниво со цел да не дојде до колебање во врска со извршувањето на самоубиствениот напад.

Во САД за причини на терористите за самоубиствените напади се сметаат: сиромаштијата, недостатокот на образование и менталната болест[80]. Но, многупати се докажало дека терористите самоубијци се всушност многу паметни, интелигентни и образовани индивидуи. Во суштина, на одлуката да се изврши напад во кој ќе се загуби сопствениот животот влијаат повеќе фактори.

Се смета дека мотивацијата на терористите самоубијци може да биде поделена на индивидуална и организациска. Како индивидуални фактори се сметаат: особините на личноста и влијанието на околината во која поединецот израснал, односно семејството, училиштето, другарите, верската заедница итн. Индивидуалните мотиви кои го наведуваат терористот на самоубиствен напад се: желбата за бенефити во задгробниот живот и желбата да се одмазди за штетата или смртта на своите најблиски (членови на семејството, пријателите). Организациските фактори ја опфаќаат директната активност на структурите на организацијата во остварување на нејзините цели. Ова вклучува индоктринација, обуки, задавање различни задачи и учество во конфликти,

[80] Momayezi, Nasser and Momayezi, Michael Lewis, *"Suicide Terrorism: Motivations beyond Religion and the Role of Collectivism*", The Journal of Public and Professional Sociology: Vol. 9 : Iss. 1 , Article 4.,2017, p.3 Available at: https://digitalcommons.kennesaw.edu/jpps/vol9/iss1/4

односно активности кои го туркаат терористот конкретно кон самоубиствена цел. Организациската основа за самоубиствениот терористички напад се карактеризира со голема политичка оправданост, односно да постигне политички цели. Мотивацијата е претставена со специфична комбинација на религиозни, персонални, националистички, економски, социолошки и психолошки мотиви кои го наведуваат терористот на самоубиствени напади.




Облачињата погоре ни ги претставуваат главните мотиви кои го движат самоубиствениот тероризам. Многу високи функционери веруваат дека политиката е улога број еден во мотивите на терористот самоубиец, но други веруваат дека религијата е поголем фактор.

Во основа денешните терористички напади се водат заради постигнување политички цели. Терористите самоубијци под влијание на терористичките организации извршуваат напади со цел да ги принудат владите на нападнатите држави да ги исполнат барањата на терористичката организација чијшто член е терористот самоубиец кој го врши нападот.

Она во што веруваат религиозни терористи самоубијци е фактот дека по нападот личноста ќе биде наградена во задгробниот живот. Иако самоубиството според Куранот е строго забрането, овие терористи самоубијци не се сметаат за предавници, туку напротив тие се гордо отпоздравени и се сметаат за примери кои треба да се следат, односно се смета дека овие терористи самоубијци се херои и го жртвуваат својот живот за подобар живот на другите. На ова се надоврзува

прашањето дали самоубиствениот тероризам всушност има инцикации на самоубиство? Според Елен Таусенд од Универзитетот во Нотингем, терористите самоубијци не се самоубиствени врз основа на следните факти:

1. Самоубиството е поврзано со психопатологијата, а терористите самоубијци не покажуваат отворена психопатологија;

2. Не може да станат регрутери доколку се ментално болни (се прават проверки пред регрутација);

3. Самоубиството има насилни методи и е импулсивен чин додека самоубиствениот тероризам е прецизно планиран;

4. Самоубиствениот тероризам има убиствена намера, а убиственоста е ретка при самоубиство; и

5. Многу терористи самоубијци се религиозни, но религијата ги штити од самоубиство[81].

Бидејќи самоубиствата во исламската религија се забранети, исламските терористи кои вршат самоубиствени терористички напади се класифицираат како маченици или наречени Шахид (Shahid), а самоубиствените напади кои ги спроведуваат се познати под името Истишхад (Istishhad).

Економскиот мотив се смета како спореден мотив во однос на мотивираноста за спроведување самоубиствен тероризам, поради фактот што единствено лошата економска и финансиска состојба не наведува кон одземање на својот живот. Лошата економска состојба вообичаено надополнета со идеолошки, односно религиозни мотиви наведува на поголема мотивација за одземање на животот заради исполнување одредени идеали, вредности, како и ослободување од сиромаштијата и можен финансиски прилив за подобар живот на своите блиски. Голема улога играат материјалните стимулации, како готовина, бесплатни станови, меѓу кои може да се вброи и гаранцијата за место во рајот.

Во лични мотиви се вбројуваат погоренаведените индивидуални мотиви (желбата за одмазда и за подобар задгробен живот) надополнети со мотивот за

[81] Townsend E. “Suicide terrorists: are they suicidal?”, Suicide LifeThreat Vol.37 ISS.1,*Official Journal of the American Assocation Suicidology*, 2007, p.35–49, достапно на: https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1521/suli.2007.37.1.35

враќање на сопственото достоинство и чувството на гордост, кои биле поткопани поради понижувачки искуства во минатото на самите терористи или на нивните најблиски. Очајот, понижувањата, неправдата и загубите се едни од најчестите причини кои ги наведуваат терористите самоубијци на одмазда.

Мажите и децата не се единствените луѓе кои избираат да вршат самоубиствени терористички настани. Познато е дека и нападите извршени од жени стануваат актуелни. На пример, во Чеченија има жени кои се решаваат да извршат самоубиствен терористички напад поради тоа што нивниот сопруг бил убиен од бунтовничките сили. Жените кои ги извршуваат нападите со ваков мотив се наречени „Црните вдовици“. Жените терористи самоубијци вообичаено се мотивирани поради тага, омраза или одмазда, но исто така тие се решаваат да се вклучат активно или пасивно (преку логистичка помош, регрутирање) заради докажување, почитување, рушење на стереотипите, промовирање на родовата еднаквост, одбрана на честа итн. Бројките на терористички самоубиствени напади извршени од жени ескалираа драматично во Африка по Арапската пролет. Нигерија заедно со Сомалија и Мали се најзагрозените области во Северна Африка денес. На 11 февруари 2016 година во североисточна Нигерија, две жени терористи самоубијци се разнеле себеси во бегалски камп убивајќи најмалку 58 луѓе и повредувајќи 78[82].

Интересен е податокот за самоубиствениот терористички напад во Индонезија во 2018 година, којшто бил извршен од една фамилија, односно маж и жена кои заедно со своите 4 деца направиле план и со бомби околу своите тела влегле во 3 цркви каде што се саморазнеле. Во првиот напад на црквите учествувале двајцата синови (16 и 18 години) кои влегле во црквата со мотор и ги активирале бомбите на себе, додека пак 5 минути по овој напад се случил самоубиствениот напад во втората црква каде што мајката заедно со своите две ќерки (9 и 11 години) влегле и се саморазнеле. За нападот на третата црква бил задолжен сопругот и таткото на овие 4 деца којшто го извршил нападот со возило бомба. Овие терористи самоубијци носеле на себе експлозивни појаси. Се смета дека овој напад бил спонзориран од ИСИС, а христијанското население во

[82] Momayezi, Nasser and Momayezi, Michael Lewis (2017) "Suicide Terrorism: Motivations beyond Religion and the Role of Collectivism," *The Journal of Public and Professional Sociology*: Vol. 9 : Iss. 1 , Article 4, p.2, достапно на: https://digitalcommons.kennesaw.edu/jpps/vol9/iss1/4

овој регион особено стравува бидејќи сè повеќе луѓе се регрутираат во редовите на ИСИС и учествуваат во нападите мотивирани на религиска основа.

### 3.6.4. Регрутација на терористи самоубијци

Терористичкото самоубивање можеби за нас претставува несфатлив поим, но многу луѓе во светот своеволно се приклучуваат во терористичките организации кои ги фаворизираат самоубиствените терористички напади. Се поставува прашањето зошто овие луѓе се спремни да го згаснат својот живот и прифаќаат да направат екстремен чекор со убивање и згаснување туѓи животи.

Познати ни се самоубиствените терористички напади кои се случија во Белгија во 2016 година. Нападите ги извршија тројца бомбаши самоубијци од кои двајца браќа, а зад нив застана Исламската Држава. Едниот од браќата се детонираше во аеродром, а другиот во метро, при што беа убиени повеќе од 32 лица, а над 300 беа повредени. Како овие браќа биле регрутирани кога пред нападот само што излегле од затвор? Вклучувањето во терористичката организација, односно регрутирањето, тренирањето и планирањето на нападите се случувале додека тие биле во затвор.

**Процес на извршување самоубиствен напад**




[83]

Можеме да забележиме дека луѓето кои се мотивирани на индивидуално и организациско ниво, со желба за умирање и убивање, можат да пристапат во

[83] Radoslaw Fiedler, "*Suicide Terrorism in the Strategy of Hamas and al-Qaeda*", Institute of Political Science and Journalism, Adam Mickiewicz University, Poznañ, p.95, достапно на: http://studiastrategiczne.amu.edu.pl/wp-content/uploads/2010/10/02-fiedler.pdf

фазата за регрутирање, а потоа со тренинг и индоктринација се спремни да го извршат својот самоубиствен терористички/бомбашки напад.

Во терористи самоубијци најчесто се регрутираат луѓе:

- кои се наоѓаат во тешка состојба,
- криминогени ликови,
- асоцијални луѓе,
- со девијантно однесување,
- кои користат недозволени супстанции,
- биле сведоци на семејно насилство,
- членови на криминална група (банда) итн.

Терористичките организации при регрутирањето не ја земаат предвид едукацијата на терористите, но високообразованите лица имаат предност и се сметаат за поинтелигентни и поспособни за извршување на терористичките напади. Џаред Еџгертон[84] при Институтот за модерни војни анализирал оригинални документи на речиси три илјади индивидуални формулари за влез во ИСИС кои биле откриени во 2016 година од западните медиуми и разузнавачките агенции од поранешен припадник на ИСИС. Во овие формулари кои ги пополнува секој нов волонтер при влез во организацијата има 23 прашања, од типот на кои се нивниот роден град и држава, имиња на членовите во фамилијата, дали некој им препорачал да се приклучат и кој е тој, кога влегле во организацијата, а последното прашање гласело што сакаат да направат за ИСИС. На ова прашање тие можеле да заокружат едно од трите понудени одговори: војник, бомбаш самоубиец или административен работник. Според истражувањата од формуларите било заклучено дека новопријавените лица кои во својата фамилија или нивни блиски пријатели и роднини веќе се борци припадници на ИСИС имаат поголема веројатност да се пријават и да бидат избрани за бомбаши самоубијци.

---

[84] Jared Edgerton, "*WHO REALLY CHOOSES TO BECOME A SUICIDE BOMBER?*", Institute of Wodern War at West Point, 2021, достапно на: https://mwi.westpoint.edu/who-really-chooses-to-become-a-suicide-bomber/

# 4. УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ЗА ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ЗАКАНИТЕ ОД САМОУБИСТВЕН ТЕРОРИЗАМ

Самоубиствените терористички напади се неколку пати поефективни и пофатални од другите форми на терористички напади. Се смета дека самоубиствениот тероризам во просек убива и повредува повеќе луѓе од кој било друг вид напад кој го извршува еден терорист. Зголемената употреба на ваквиот начин за изведување терористички напад во однос на другите начини донесе дополнителна загриженост во однос на глобалната безбедност и глобалните актери. Справувањето и намалувањето на бројот на самоубиствените терористички напади денес претставуваат голем предизвик за разузнавачките служби.

Откривањето на терористите самоубијци и докажувањето на нивниот план за самоубиствен терористички напад е тешка задача за безбедносните служби.

Демографските карактеристики на бомбашите самоубијци се менуваат во зависност од времето, земјите и терористичката организација. Во оваа рамка, забележано е дека просечната возраст на бомбашите самоубијци варира помеѓу 20 и 25 години, повеќето од нив не се необразовани, имаат добро образование, бројот на жени бомбаши самоубијци се зголемува со текот на годините, а надворешното занимање е важен фактор[85]. Разузнавачите и разузнавачките служби работат на оваа проблематика, собираат податоци, ги анализираат и донесуваат заклучоци за тоа каде треба да се превенира за да не ескалира одредена состојба. Но, кога веќе имаме ситуација каде што самоубиствениот напад е извршен, разузнавачите се тие кои излегуваат на терен, собираат информации, ги обработуваат и учат нови лекции со цел да може да се спречи иден ваков терористички напад.

Разузнавачите пробуваат да навлезат во длабочината на терористички организации за да разберат како функционира „мозокот“ на терористичката

[85] Fahri Erenel, Nuriye N. Happani, “*The Human Body Becoming a Terrorist's Weapon: The Phenomen of Suicide Terrorism*”, 2021, p. 189, достапно на: https://dergipark.org.tr/tr/download/article-file/1785274

организација и кои се нејзините цели за потоа да можат да изнајдат начини за да застанат на своите крвави патишта.

Терористите пак имаат свои „разузнавачи" и некаков вид „разузнавачки служби" во своите организации кои им помагаат да соберат информации за целите на напад, но и за да ги спречат продирањата на безбедносните разузнавачки служби во својата организација и за да ги проверат лојалноста и верноста на членовите во своите редови. Контраразузнавачките служби работат да ги спречат „разузнавачките служби" на терористите да допрат до информациите на праведните разузнавачи и борците за подобар свет.

Разузнавањето може да биде корисно во борбата против тероризмот на различни начини: за почеток може да ги идентификува инволвираните лица и нивното ниво на вклученост; може да гради база на податоци која ќе помага во постапката на одлучување; може да ги идентификува групите на поединци и имотите кои се најзагрозени; може да организира контранапади, односно тајни акции; може да ги утврдува патиштата за снабдување, безбедните куќи каде што ќе се сместат осомничените за испрашување, оружје и средства; може да врши пресретнување на инволвираните лица или да им се заканува со пресретнување; може да управува со информации, испраќајќи ги до други сојузници или за да ги одврати непријателските сили; разменува информации со други разузнавачки агенции или служби; или помага во управување со кризни ситуации[86].

Низ призмата на анализа на многубројните статистики за тероризмот и самоубистениот тероризам направени врз основа на собраните информации од разузнавачките извори (хјуминт, масинт, иминт, сигинт, текхинт, осинт) ќе се обидеме да ги детектираме заканите од можни напади на тероризмот и самоубистениот тероризам во XXI век. Разузнавањето може да ни помогне да осознаеме што подготвуваат терористите, а врз основа на тоа да изградиме одбранбен систем и побезбеден свет.

[86] Mariusz Antoni Kaminski, *"Intelligence Sources in the Process of Collection of Information by the U.S. Intelligence Community"* – Security Dimensions No.32, December 2019.

## 4.1. Разузнавачки информации

Она што е потребно за спречување на самоубиствените терористички напади е да се открие планот за напад и неговите извршители пред сето тоа да се оствари. Дали може разузнавањето и разузнавачите да помогнат во спречувањето на овие напади и како?

За да може разузнавањето и разузнавачите да навлезат во оваа проблематика, за почеток им се потребни информации, кои секако мора да бидат проверени, точни и веродостојни. Вообичаено, поголемиот дел од разузнавачките агенции собираат информации преку хјуминт, бидејќи иминт, сигинт и масинт се ефективни само во зависност од степенот на технолошки напредок на агенцијата што ги користи[87].

### 4.1.1. Информации добиени од хјуминт-разузнавачи

Постојат голем број хјуминт-разузнавачи кои може да се претставаат сликовито во една пирамида каде што на врвот се наоѓаат оние од најголемо значење за хјуминт-разузнавањето, односно агентите информатори на самото место.



[88]

---

[87] Robert W. Taylor; Charles R.Swanson – “*Terrorism, Intelligence and Homeland Security*” – Second edition – Copyright 2019, 2016 by Pearson Education
[88] Herman Michael, „*Intelligence Power in Peace and War*“, Cambridge University Press, United Kingdom, 2006, p. 63

За да може хјуминтот да ни овозможи веродостојни информации кои ни се потребни за откривање на бомбашите самоубијци и нивните планови, најповолно би било доколку разузнавачот се инфилтрира во терористичката организација и има директен контакт со терористите, а со тоа и директен пристап до плановите и целите на терористите самоубијци.

Предности на хјуминт-разузнавањето:

- Обезбедување на потребните информации за потребите и барањата на крајниот нарачател,
- Брзо и ефикасно доставување информации за целите и плановите на непријателот и сл.,
- Документирање на разузнавачките податоци,
- Независно користење потребни ресурси,
- Евтина разузнавачка дисциплина[89].

Недостатоци на хјуминт се:

- Информациите директно зависат од изворите,
- Ограничување на оперативните можности и вршење на мисијата во различни услови,
- Влијание на човечки и други фактори,
- Ненавремени информации,
- Отежнато воспоставување контакт[90].

Би било идеално доколку би можело да се регрутира разузнавач во терористичка организација, бидејќи би било важно да се добијат вистинитe информации и информации од „прва рака“. Информации кои се од голема важност за разузнавачките служби во однос на спречувањето на самоубиствените терористички напади, а може да се добијат од регрутерот се:

- Кои се члeновите на терористичката организација,
- Кои се „пријатели“ и „непријатели“ на организацијата,

---

[89] Дојчиновски М., Оџаков Ф., „*Разузнавачки операции и асиметрични закани*“, Соларис Принт, Скопје, 2010, стр. 64
[90] Исто, стр. 109.

- Кои се целите на организацијата,
- Каде се сместени регрутите,
- Каде и што вежбаат,
- Какви експлозиви и направи имаат, итн.

Доколку би можело да се добијат овие податоци, справувањето со бомбашите самоубијци и нивните напади би било многу едноставно. Но, регрутирањето разузнавач во терористичка организација не е лесна работа, од неколку причини:

- Тешко се наоѓа разузнавач кој би прифатил задача за инфилтрација во терористичка организација;
- Терористичките организации имаат изградено „појас на одбрана“ од безбедносните служби и вообичаено во регрутирањето нови членови првенствено се регрутираат луѓе со блиски фамилијарни, роднински врски. Родителските и роднинските односи се покажуваат како многу силен кохезивен фактор што во голема мера ја оневозможува инфилтрацијата на безбедносните служби во нивните редови[91];
- Терористичките организации имаат свои разузнавачи и контраразузнавачи кои ги следат своите членови, нивните активности, комуникацијата, односно им вршат проверки за нивната лојалност;
- Информациите за терористичката група може да бидат прикривани со години, сè додека инфилтрираниот агент не го „положи испитот“ и ја стекне нивната целосна доверба[92]. За да може да дојде до информација од голема важност за разузнавачката служба, на регрутерот разузнавач може да му се потребни години;
- Тоа е пат од каде што можеби нема враќање.

---

[91] Котовчевски Митко, „*Менаџирање на терористички закани*“, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.106
[92]Исто, стр. 216

### 4.1.2. Други извори за добивање разузнавачки информации

Сигналното разузнавање (СИГИНТ) собира сигнали пресретнати од други важни извори, вклучително и комуникациско разузнавање (КОМИНТ), електронското разузнавање (ЕЛИНТ) и разузнавање на сигнали од инструменти (ФИСИНТ)[93]. Информациите собрани од воздушните бранови, кабли и радарските преноси, како и информации собрани од перформансите на оружјето што се тестира. Сигинт не е од големо значење за разузнавачите кои се борат за намалување и превенирање на самоубиствените терористички напади, бидејќи денес се користи софистицирана информатичка технологија, како и комуникација преку транскрипција.

Разузнавањето од отворен тип (осинт) особено се истакна со зголемувањето на достапноста на јавните ресурси и најновите вести преку интернетот. Со развојот на технологијата, сајберпросторот се претвори во идеална рамка за развивање и организирање на терористичките и самоубиствените напади.

Преку внимателно читање вести, терористичка пропаганда и други публикации, можно е да се создаде точна слика за терористичка организација. Користејќи го растечкиот број на бази на податоци преку интернет, истражувачите на осинт можат да пребаруваат и пристапуваат до илјадници локални, национални и меѓународни весници, списанија и технички списанија од нивните компјутерски терминали. Интернет-страниците, сепак, можат најбрзо да ги дадат информациите за терористичките групи. Овие страници обично содржат пропаганда и информации за терористички операции, техники и водачи[94].

Со развојот на информатичката технологија и интернетот на терористите им се олесниja регрутацијата и комуникацијата, пристапот до информации за владините тела и јавните институции, истовремено се едуцираат и добиваат нови идеи за жртвување и „саможртвување“. Сајберџихад е термин измислен за да се опише користењето на интернетот од страна на исламските

[93] Официјален веб-сајт на Националната безбедносна агенција на САД, достапно на: https://www.nsa.gov/Signals-Intelligence/Overview/

[94] Donald Pearson, "Tracking Terrorists Throught Open Sources", *Journal of Counterterrorism & Security International* Vol: 6 Iss: 1, 1999, достапно на: https://www.ojp.gov/ncjrs/virtual-library/abstracts/tracking-terrorists-through-open-sources

екстремистички терористи како алатка за комуникација, собирање средства, регрутирање, обука и планирање во нивната битка против непријателот[95].

Терористите самоубијци кои комуницираат на интернет-простор тоа го прават со тајни шифри и кодови, односно со шифрирани пораки вообичаено преку приватни електронски пошти или преку веб-форуми преку Дарк веб-мрежата при која не може да се одредува локацијата на корисниците. Ги користат социјалните мрежи како што се: „Facebook“, „Instagram“, „Twitter“ и „TikTok“ за да го промовираат тероризмот и регрутираат нови членови и споделуваат видеа со вознемирувачка содржина на кои ги промовираат операциите на психолошката војна, нивните напади, како и бенефитите од саможртвувањето. Она што може исто така да се најде на социјалните мрежи се објави за иден самоубиствен напад, за негова локација, време на извршување, целта на нападот и сл.

Еден од најкомплетните терористички прирачници за обука што циркулира по мрежата е познат како „Енциклопедија на ал-Каеда“ за подготовка за џихад, која ги собира искуството и образованието добиено од герилската војна против советските трупи лоцирани во Авганистан од 1979 до 1989 година[96]. Може да се пронајдат лекции за тоа како се изработуваат експлозивни апарати и како се управува со нив.

Преку отворени извори и без прибегнување кон незаконски средства, како што признава и Министерството за одбрана на САД, може да се соберат до 80 % од потребните информации, од квалитативна и квантитативна гледна точка, за ефикасно да се нападне непријателот[97]. За терористите самоубијци од голема помош се мапите од објекти на критичната инфраструктура, видеа за правење импровизирани експлозиви и направи, како и следење во живо за моменталната раздвиженост на голем дел од јавните места.

За разлика од терористичките напади кои може да се извршуваат и во новата 5 димензија, т. е. сајберпросторот, социјалните мрежи може да бидат само

[95]Benjamin R. Davis, “*Ending the Cyber Jihad: Combating Terrorist Exploitation of the Internet with the Rule of Law and Improved Tools for Cyber Governance”* Vol.15 COMMLAW CONSPECTUS 119, 2006. достапно на: https://scholarship.law.edu/commlaw/vol15/iss1/7
[96] Mobley W. Blake, “*Terrorism and Counter-Intelligence*”, Columbia University Press, August 2012.
[97] Bolz, Frank, Kenneth J Dudonis, and David P Schulz. *“The Counterterrorism Handbook : Tactics, Procedures, and Techniques”*. 3rd ed. Boca Raton (Fla.): CRC press, 2005.

индикатори за можни самоубиствени напади. Разузнавачите со внимателното следење и собирање информации преку интернет-просторот би можеле да им влезат во трага на терористите самоубијци, за потоа да ги претпостават нивните непријатели и мети за можни терористичките напади.

## 4.2. Обработка на разузнавачки информации, анализи и статистики за самоубиствениот тероризам и самоубиствените напади

Терористите самоубијци напаѓаат таму каде што можат да нанесат најмногу штета и да одземат што повеќе животи, вклучувајќи го и сопствениот. За да може да се превенираат овие напади, се собираат разузнавачки информации за нивните активности. Така собраните информации подлежат на процес на обработка, за потоа да може да се направат анализи и статистики со цел да се следи развојот на самоубиствениот тероризам и нападите од терористите самоубијци, како и нивната застапеност по региони.

Врз основа на анализите и статистики може да се процени кои региони се најмногу погодени од самоубиствените напади и кои региони може да претставуваат очекувачки региони за идни вакви напади.

### 4.2.1. Сооднос помеѓу самоубиствените терористички напади и несамоубиствените терористичките напади

Се поставува прашањето колку самоубиствениот тероризам и самоубиствените напади се употребуваат од страна на терористите и нивните организации. Колкава е застапеноста на овој нов феномен и во кои региони, кои се целите на напад? Тоа се прашања на кои особено треба да се обрне внимание доколку сакаме да ја зајакнеме светската безбедност.

| | Number of Events (Explosives) | Number of Fatal Injuries | Mean Fatal Injuries | Number of Non-Fatal Injuries | Mean Non-Fatal Injuries |
|---|---|---|---|---|---|
| Suicide Bombing | 5,416 (6.59%) | 52,317 (38.52%) | 9.66 | 107,062 (30.37%) | 19.77 |
| Non-Suicide Bombing/Explosion | 76,801 (93.41%) | 83,490 (61.48%) | 1.09 | 245,438 (69.63%) | 3.20 |
| Total Bombing/Explosion | 82,217 | 135,807 | 1.65 | 352,500 | 4.29 |

Tin © 2021 Prehospital and Disaster Medicine

**Table 1.** Fatal Injuries and Non-Fatal Injuries by Bombing/Explosion

[98] Стн- Нестн за периодот од 1970-2019 година

Од табелата можеме да воочиме дека, иако бројката на самоубиствени напади (5 416) е мала во споредба со бројката на другите несамоубиствени бомбашки напади (76 801), фаталноста е многу голема. Во просек при самоубиствените терористички напади фаталноста е 10 пати поголема во однос на несамоубиствените бомбашки напади. Додека пак бројот на повредени при самоубиствените напади е нешто околу 6 пати поголем во однос на бројот на повредените при несамоубиствените напади (овие статистики подобро можеме да ги воочиме во графиконот подолу). Овие бројки ни ја прикажуваат сликата за големата убиствена моќ на самоубиствениот тероризам и ни ја укажуваат вистинската причина зошто терористичките организации сè повеќе се насочуваат кон самоубиствениот тероризам.




Самоубиствени и несамоубиствени бомбашки напади: фатално повредени (убиени) и не-фатално повредени (ранети). [99]

Во однос на целите на напад според истражувањето направено за периодот од 1970 до 2019 година објавено од Универзитетот „Кембриџ“ во 2021 година,

[98]Derrick Tin, Jordan Galehan, Vesna Markovic and Gregory R. Ciottone, “*Suicide Bombing Terrorism”,* Published online by Cambridge University Press, October 2021, достапно на: https://doi.org/10.1017/S1049023X21001151

[99] Derrick Tin, Jordan Galehan, Vesna Markovic and Gregory R. Ciottone, “*Suicide Bombing Terrorism”,* Published online by Cambridge University Press, October 2021, достапно на: https://doi.org/10.1017/S1049023X21001151

издвоени се топ 10 таргети за самоубиствените бомбашки напади и за несамоубиствените напади.

| Target Types in Non-Suicide Bombings | Number of Events | Non-Suicide Attack Fatalities | Non-Suicide Attack Non-Fatal Injuries | Mean Fatalities | Mean Non-Fatal Injuries |
|---|---|---|---|---|---|
| Private Citizens and Property | 20581 | 15044 | 29637 | 0.73 | 1.44 |
| Business | 11605 | 5287 | 10727 | 0.46 | 0.92 |
| Police | 9413 | 9252 | 17127 | 0.98 | 1.82 |
| Government (General) | 7698 | 5540 | 13250 | 0.72 | 1.72 |
| Unknown | 5678 | 937 | 352 | 0.17 | 0.06 |
| Utilities | 5515 | 226 | 86 | 0.04 | 0.02 |
| Transportation | 4204 | 1289 | 4215 | 0.30 | 1.00 |
| Military | 2292 | 5723 | 8936 | 2.50 | 3.90 |
| Educational Institution | 2200 | 492 | 1060 | 0.22 | 0.48 |
| Religious Figures/Institutions | 1828 | 4925 | 10287 | 2.69 | 5.63 |

Tin © 2021 Prehospital and Disaster Medicine

Table 2. Top 10 Target Types in Non-Suicide Bombing Attacks [100]

Воочливо е дека најмногу несамоубиствените бомбашки напади се извршени врз приватни лица и имот, потоа врз бизниси, полиција, влада итн. Интересен е фактот дека религиските институции и фигури се наоѓаат на последното место од топ 10 заканите од нападите на несамоубиствени бомбаши. Но, уште поинтересно е тоа што, иако се наоѓаат на последното место, фаталноста при нивното таргетирање е највисока.

| Target Types in Suicide Bombings | Number of Suicide Attacks | Suicide Attack Fatalities | Suicide Attack Non-Fatal Injuries | Mean Fatalities | Mean Non-Fatal Injuries |
|---|---|---|---|---|---|
| Police | 1188 | 10865 | 28506 | 9.15 | 24.00 |
| Private Citizens and Property | 1117 | 35172 | 102114 | 31.49 | 91.42 |
| Military | 662 | 3994 | 8766 | 6.03 | 13.24 |
| Government (General) | 589 | 4514 | 15964 | 7.66 | 27.10 |
| Unknown | 485 | 2270 | 2498 | 4.68 | 5.15 |
| Business | 406 | 8079 | 36596 | 19.90 | 90.14 |
| Religious Figures/Institutions | 317 | 3785 | 11696 | 11.94 | 36.90 |
| Terrorists/Non-State Militia | 199 | 1497 | 2308 | 7.52 | 11.60 |
| Transportation | 145 | 7111 | 24158 | 49.04 | 166.61 |
| Government (Diplomatic) | 113 | 427 | 1618 | 3.78 | 14.32 |

Tin © 2021 Prehospital and Disaster Medicine

Table 3. Top 10 Target Types in Suicide Bombing Attacks [101]

На највисокото место на пиедесталот на топ 10 закани од самоубиствените бомбашки напади се наоѓаат полицијата и приватните лица и имоти. Фаталноста од овие напади е најголема при самоубиствените напади извршени во/врз транспортните објекти (иако не се на врвот за приоритети на напад) и приватните лица и имоти.

Можеме да заклучиме дека при нападите врз полиција, иако бројот на извршени самоубиствени бомбашки напади во однос на вкупниот број на несамоубиствените бомбашки напади е речиси 9 пати помал (1 188 – 9 413 напади), фаталноста е речиси идентична (10 865 – 9 252).

[100] Исто
[101] Исто

Особено треба да нѐ загрижи фактот што, при нападите врз приватните лица и имот, бројот на самоубиствените бомбашки напади, иако е 20 пати помал во однос на вкупниот број на несамоубиствените напади врз истиот субјект (1 117 – 20 581 напад), фаталноста е двојно поголема при самоубиствените напади (35 172 – 15 044 убиени).

Во однос на регионалната застапеност на бомбашките самоубиствени и несамоубиствените напади во анализа спроведена за период од 1970 до 2019 година, можеме да забележиме дека земјите во Блискиот Исток и Северна Африка (регион МЕНА[102]) и земјите од Јужна Азија се земји во кои најмногу се извршуваат терористичките напади.

Истражувањата за погоренаведените региони спроведени во 2023 година за Глобалниот терористички индекс за периодот од 2007 до 2022 година покажале дека нападите од тероризам денес полека опаѓаат.



103

Од табелите подолу забележливо е дека речиси 10 % од вкупните терористички напади во МЕНА се извршени со самоубиствени бомбашки напади (НСН 26 128 : 2 858 СН). Најпогодени три региони од самоубиствените напади се: МЕНА, Јужна Азија и Потсахарска Африка.

---

[102] Од англискиот збор MENA - Middle East and North Africa или во превод „Блискиот Исток и Северна Африка“.
[103] Global Terrorism Index 2023, Institute for Economics and Peace, Sydney, достапен на: https://reliefweb.int/report/world/global-terrorism-index-2023.

| Region | Number of Events |
|---|---|
| Middle East and North Africa | 26128 |
| South Asia | 18996 |
| South America | 8542 |
| Western Europe | 7645 |
| Southeast Asia | 4379 |
| Sub-Saharan Africa | 4283 |
| Central America and Caribbean | 2843 |
| Eastern Europe | 2071 |
| North America | 1380 |
| East Asia | 269 |
| Central Asia | 201 |
| Australasia and Oceania | 64 |
| **Grand Total** | **76,801** |

Tin © 2021 Prehospital and Disaster Medicine

**Table 4.** Regional Breakdown of Non-Suicide Bombing Attacks

| Region | Number of Events |
|---|---|
| Middle East and North Africa | 2859 |
| South Asia | 1643 |
| Sub-Saharan Africa | 747 |
| Eastern Europe | 77 |
| Southeast Asia | 39 |
| Western Europe | 17 |
| East Asia | 15 |
| Central Asia | 10 |
| South America | 5 |
| North America | 2 |
| Australasia and Oceania | 1 |
| Central America and Caribbean | 1 |
| **Grand Total** | **5,416** |

Tin © 2021 Prehospital and Disaster Medicine

**Table 5.** Regional Breakdown of Suicide Bombing Attacks [104]

## 4.2.2. Регионална застапеност на самоубиствениот тероризам

Регионот на Блискиот Исток и Северна Африка е регион во кој најмногу е застапен тероризмот, а следствено на тоа и самоубиствениот тероризам. Во Глобалниот терористички индекс 2023 е направена споредба на убиени од терористички напади во регионот на МЕНА во соодност со убиените од тероризам спроведен во останатиот дел од светот, во период од 2012 до 2022 година. Забележано е дека во 2016 година убиените од тероризам во регионот на МЕНА надминале 50 % од глобалното ниво.



[105]

---

104 Derrick Tin, Jordan Galehan, Vesna Markovic and Gregory R. Ciottone, "*Suicide Bombing Terrorism*", Published online by Cambridge University Press, October 2021, Available on: https://doi.org/10.1017/S1049023X21001151

105 Global Terrorism Index 2023, p.50. Institute for Economics and Peace, Sydney, достапен на:: https://reliefweb.int/report/world/global-terrorism-index-2023

Професорот Роберт Пејп спровел анализа за застапеноста на самоубиствениот тероризам во Блискиот Исток и Централна/Јужна Азија и прикажан е нивниот соднос со самоубиствените терористички напади во останатиот дел од светот за периодот од 2000 – 2022 година.

FIGURE 1. MIDDLE EAST SUICIDE ATTACKS IN CONTEXT, 2000-2022




Note: Middle East includes Algeria, Djibouti, Egypt, Iran, Iraq, Israel, Jordan, Kuwait, Lebanon, Libya, Morocco, Palestine, Qatar, Saudi Arabia, Syria, Tunisia, Turkey, and Yemen. Central/South Asia includes Afghanistan, Bangladesh, India, Kazakhstan, Kyrgyzstan, Pakistan, Sri Lanka, Tajikistan, and Uzbekistan.
Source: CPOST Database on Suicide Attacks [106]

Можеме да забележиме дека бројот на самоубиствените напади во светски рамки, како и во регионот на Блискиот Исток бил највисок во 2015 година. Самоубиствените напади во регионот на Централна и Јужна Азија го доживеале својот врв во 2006 – 2007 година, потоа следувал мал пад сè до 2014 година кога повторно самоубиствените напади во овој регион ја доживеале својата кулминација. Во регионот на Блискиот Исток самоубиствените напади особено биле застапени во периодот од 2004 до 2008 година, потоа следувал мал пад на употребата на овие напади. Заедно со зголемувањето на бројот на членови во Исламската Држава во 2014 година забележана е и ескалацијата на самоубиствените напади, која токму во оваа година го достигнала својот рекорд на извршени напади во времетраење од една година во Блискиот Исток со вкупно 390 напади. Во 2018 година забележано е намалување на трендот на самоубиствени терористички напади на светско ниво.

Веќе е јасно дека регионот на Блискиот Исток и Северна Африка е најмногу погоден од тероризам и самоубиствен тероризам, па последователно на тоа јасно

[106] Robert A. Pape, *"U.S. RESTRAINT AND THE SHARP DECLINE OF SUICIDE ATTACKS AROUND THE WORLD"*, Chicago Project on Security and Threats, Chicago, March 2023, p.6, достапно на: https://cpost.uchicago.edu/publications/u.s_restraint_and_the_sharp_decline_of_suicide_attacks_around_the_world

е дека и бројот на жртви од овие напади во овој регион ќе биде доста висок.




[107]

Рекорден број на жртви од терористичките напади, вклучително и од самоубиствените напади во МЕНА во периодот од 2012 до 2022 година имало во 2016 година. Вкупно бројот на жртви од терористичките напади во 2016 година изнесувал близу 6 000, а дел од оваа бројка поточно околу 2 000 од нив биле жртви од самоубиствените терористички напади. Од функционалниот крај на калифатот Исламска Држава во 2017 година бројот на самоубиствените напади постојано е во опаѓање.

Во 2022 година забележан е најмал број на жртви од терористичките напади во МЕНА за истиот период, односно вкупно бројката изнесува близу 1 000. Додека пак бројот на самоубиствени напади изнесувал рекордни 6 напади, во кои имало само 8 жртви.

Во 2022 самоубиствените напади во светот го доживеале најниското ниво од пред 2002 година. Во време кога биле најмасовни во 2015 година имало близу 700 самоубиствени напади на светско ниво, од кои 300 во Ирак и Авганистан. За компарација, во 2022 на глобално ниво имало вкупно 75 самоубиствени напади, од кои 14 во Ирак и Авганистан. Од 2015 до 2022 година самоубиствените напади биле намалени за 90 % на светско ниво и за 95 % во Ирак и Авганистан[108].

[107] Global Terrorism Index 2023, p.52. Institute for Economics and Peace, Sydney, достапен на: https://reliefweb.int/report/world/global-terrorism-index-2023

[108] Robert A. Pape, "*U.S. RESTRAINT AND THE SHARP DECLINE OF SUICIDE ATTACKS AROUND THE WORLD*", Chicago Project on Security and Threats, Chicago, March 2023, p.2, достапно на: https://cpost.uchicago.edu/publications/u.s_restraint_and_the_sharp_decline_of_suicide_attacks_around_the_world

### 4.2.3. Промоција на феминизмот и кршење на стереотипите

Истражувањата откриваат дека самоубиствениот тероризам е посмртоносен и поефикасен бидејќи ги користи човековите тела како „систем за прецизни насоки“ за да ги зголеми веродостојноста и точноста на нападите врз ранливи цели[109]. Луис[110] предлага дека „самоубиствениот бомбашки напад функционира толку добро, бидејќи му дава на бомбашот можност да ги приспособи точната локација и времето на детонацијата во реално време за да ги максимизира жртвите.“

Жените, како и децата вообичаено се сметаат за невини, а нивната облека може да биде корисна за да се покрие муницијата којашто ја носат на себе, како на пример експлозивен елек. Затоа мажите терористи самоубијци започнале да се маскираат во жени за да можат полесно да се приближат до целите и да не привлекуваат големо внимание. Додека безбедносните експерти бараат некој „млад човек, препотен, кој разгледува наоколу сомнително, носи ранец и е премногу облечен“[111], жената ќе ги помине сите контроли и никој нема ни да се посомнева на неа. Пример со трансформација на маж бомбаш самоубиец во жена имало во 2017 година кога терорист убил 14 луѓе во Ирак[112] и во 2015 година во Чад каде што биле убиени 15 луѓе[113]. Токму поради оваа ефикасност и лесна продорност до главните мети терористичките организации се наклонија кон регрутирање на женската популација.

Блум забележал дека за жените кои кријат бомби под своите алишта, може да се помисли дека се бремени, со што им се олеснува достапноста до целта. Исто така безбедносниот персонал не сака да претресува жени муслиманки. Употребата на жените како терористи самоубијци може да ги засрами мажи кои

---

[109] Berman, Eli*, "Radical, Religious, and Violent: The New Economics of Terrorism"*, MIT Press, 2011.
[110] Lewis, Jeffrey W. *"Precision Terror: Suicide Bombing As Control Technolog"*, Terrorism and Political Violence 19, 2007 (2):227
[111] Charlotte Edwardes, "*So How, Exactly, Do We Spot a Suicide Bomber*?" The Telegraph, 24 July 2005.
[112] Andrew Griffin, *"Suicide Bomber Dressed As Woman Kills Fourteen in Iraq Refugee Camp,"* Independent, 3 July 2017
[113] Madjiasra Nako and Moumine Ngarmbassa,"*Suicide Bomber in Burqa Kills Fifteen People in Chad Capital*," Reuters, 11 July 2015.

волонтираат во овие напади. Блум исто така го истакнал пропагандниот слоган во Чеченија: Женската храброст е срам за модерните мажи[114].




Учеството на жените во бомбашките напади во период до 2015 година [115]

Терористичките организации на Блискиот Исток, Јужна Азија, Северна Африка ја воочија предноста на женскиот тероризам и доживеаја историска промена и за првпат во своите редови имаа жени кои се спремни да војуваат и да го дадат својот живот. Меѓу првите организации кои регрутирале жени терористи самоубијци биле палестинските терористички групи за да можат да ги избегнат израелските безбедносни препреки. Во 2004 година Хамас, кој дотогаш ја одбивал регрутацијата на жените терористи, за првпат ги инфилтрирал во своите редови.




Процент на женското учество во самоубиствените напади по региони [116]

[114] Mia Bloom, "*Mother, daughter, sister, bomber*". Bulletin of the Atomic Scientists Vol.61 Iss.6, Research Article, 2005, p.57.
[115] Okowita, Samantha Louise, "Female Suicide Terrorism: An analysis of trends and group motivations linked to the increase in female participation as suicide bombers", Master's Thesis, University of Tennessee, 2017, p.2.
[116] Исто, p. 42

Според истражувањата на базите со податоци на GPOST за самоубиствените напади, забележливо е дека жените бомбаши самоубијци често се саморазнесуваат во земјите каде што масовно се прекршуваат човековите права, односно во оние земји каде што речиси и не постојат права за женската популација.




[117]

Во многу земји самата култура не им дозволувала на жените да учествуваат во организациите. Водачот на Тамилските тигри Велупилаи Прабакаран бил меѓу првите лидери на терористичките организации кој повикал на еднаквост и на активно учество и прифаќање на жените терористи. Ова донело до културални промени и формирање на Црните тигри (Black Tigers) – исклучиво женски одред на бомбаши самоубијци.

Уште еден познат женски одред се жените терористи самоубијци во Чеченија познати како Црните вдовици (Black Widows), бидејќи во својот состав имале сестри, мајки и жени на чеченските мажи убиени во битки со федералните сили. Историски гледано, најрелевантната улога на жената во чеченското општество била да ги воспитува децата, да ги формира нивните карактери и да ги направи силни, така што тие станувале воини за исламската вера (муџахедини) кога ќе пораснеле. Дури и откако им било дозволено да бидат дел од битките, жените првично биле користени само за снабдување со медицинска помош, храна и вода на мажите; тие исто така носеле оружје и муниција низ непријателската територија и го одржувале моралот на герилците[118]. Црните вдовици се бореле

[117] Преземено од официјалниот сајт Chicago Project on Security and Threats, https://datavizuat.uchicago.edu/t/CPOST/views/SDF2021Dashboards/dsat_online
[118] Mia Bloom, “*Female Suicide Bombers: A Global Trend*“, Published by: The MIT Press, American Academy of Arts and Sciences, April 2023, достапно на: https://www.jstor.org/stable/20028092

да ги скршат овие предрасуди и да докажат дека треба да бидат еднакви во однос на мажите, односно дека и тие можат на себе да стават експлозивен елек и да се саморазнесат нанесувајќи дури и поголема штета отколку мажите.

Забележано е дека сите организации започнале масовно да регрутираат жени оперативци, па така 3/4 од терористите самоубијци на ПКК (Курдистанска работничка партија), 2/3 од Чеченските бомбаши, 1/4 од ЛТТЕ (Ослободителни тигри на Тамил Елам) и 1/2 од ССНП (Сириска социјалистичка национална партија) биле жени бомбаши самоубијци[119].

Покрај употребата на жените како бомбаши самоубијци, постои и нов тренд кој се состои од користење бомбаши самоубијци со други (традиционално) неагресивни профили. На пример, ал-Каеда во Ирак користи деца и ментално дефицитарни луѓе кои слободно или несвесно учествуваат во самоубиствени операции[120].

## 4.3. Разузнавачки активности за справување со самоубиствениот тероризам

Какви сѐ активности опфаќа разузнавањето за да помогне да се намалат терористичките самоубиствени напади?

- Се следи начините на регрутација и радикализација на терористите и поранешните терористи самоубијци (Директно на терен и во сајберпросторот);
- Се следат активностите на терористичките организации;
- Се одредуваат карактеристиките на самоубиствените напади за соодветните терористички организации;
- Се следат состојбите во регионите со најголема застапеност на самоубиствени напади;

[119] Jakana L. Thomas, "*Wolves in Sheep's Clothing: Assessing the Effect of Gender Norms on the Lethality of Female Suicide Terrorism*", Published online by Cambridge University Press: 16 march 2021, p. 8

[120] Luis de la Corte, Andrea Gimenez-Salinas, *"Suicide Terrorism as a Tool of Insurgency Campaingns: Functions, Risk Factors, and Countermeasures*", Research paper: Perspectives on Terrorism, April 2009, Vol.3 No.1, p.16.

- Се идентификуваат можните поддржувачи на некоја од терористичките организации;
- Се следат лица повратници од земји со висок степен на тероризам и криминал;
- Се градат бази на податоци за извршените самоубиствени терористички напади;
- Се следат развојот на технологијата и начините на изведување на самоубиствените напади;
- Се следат сајбернападите на терористичките организации и нивните изјави по социјалните мрежи;
- Се воочуваат индикатори и тригери при започнување на самоубиствените терористички напади.

Еден пример за база на податоци за самоубиствените напади е изработен од Универзитетот во Чикаго, во којашто се заведени основни информации за терористите самоубијци (име и презиме, датум на раѓање, пол, националност, на која терористичка група биле членови доколку е потврдено), нивната мотивација за саморазнесувањето, датум на извршување на нападот, начинот на кој е извршен самоубиствениот напад (експлозивен елек, возило...), во кој регион е извршен нападот, повредени/загинати, која била целта што сакала да се постигне со самоубиствениот напад, против која држава или нација, дали одредена организација го признала нападот, итн. Оваа база е достапна на официјалниот сајт на Чикаго проектот за безбедност и закани (CPost): https://d3qi0qp55mx5f5.cloudfront.net/cpost/i/docs/dsat_dist_2020_10.xlsx[121].

Врз основа на анализите за самоубиствениот тероризам може да се одредуваат предупредувачките симптоми и сигнали за можните терористички самоубиствени напади, да се одреди очекувачкиот регион, државата непријател, како и можниот начин на извршување.

Евидентно е дека регионот на Јужна и Централна Азија (особено Пакистан и Авганистан, Шри Ланка) и регионот на Блискиот Исток (посебно Ирак) ќе

[121] Повеќе информации на Официјална веб-страна на Универзитетот од Чикаго. Chicago Project on Security and Threats: https://cpost.uchicago.edu/research/suicide_attacks/database_on_suicide_attacks/

претставуваат и понатаму региони со најголема застапеност на самоубиствените терористички напади, па затоа и вниманието на разузнавачките служби треба да биде насочено кон терористичките групи кои егзистираат на тој регион.

# 5. МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА НА ТЕРОРИЗМОТ И САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Водењето на една држава и нејзиниот народ свесно за сите ризици кои може да се појават на тој пат претпочитува огромна способност и активност на лидерите на државите и нивните разузнавачки служби.

Контраразузнавачки служби работат на спречување на продорот на терористичките разузнавачи во активностите на разузнавачките служби (кои пак работат на откривање и превенција од тероризам, како и самоубиствен тероризам) и спречуваат терористите самоубијци да дојдат до потребните информации за успешно изведување на своите бомбашки напади. Доколку има некој загрижувачки настан кој можеби е поврзан со активноста на некој терорист, тие го истражуваат тоа. Исто така тие се занимаваат и со убедување и придобивање на терористите на своја страна.

Способноста успешно да се експлоатираат прибраните информации да се преработат во кристално јасни, разбирливи и употребливи информации, како и нивно рангирање според приоритет претставува суштествена потреба за спроведување една успешна и делотворна антитерористичка програма[122].

Разузнавачките и контраразузнавачките служби пробуваат да изнајдат начини да се влезе во срцето на самоубиствениот тероризам и да се пронајдат начини за спроведување на антитерористичките програми и намалување на нападите од терористите, а особено од терористите самоубијци.

[122] Котовчевски Митко, „*Менацирање на закани од тероризам*“, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 191.

## 5.1. Програми и стратегии за справување со самоубствениот тероризам

### 5.1.1. Ефикасна стратегија за справување со нападите од „доброволците на смрт“[123]

Со цел да се стопира развојот на новиот феномен на тероризам, т. е. самоубствениот тероризам, разузнавачките служби работат на создавање програми и стратегии со цел да се превенираат нападите од него. Доколку се успее во тоа, терористичките организации ќе се пренасочат кон некој друг вид неконвенционално војување и ќе се дојде до намалување на нападите од терористите самоубијци.

Ефикасната стратегија за борба против самоубствениот тероризам бара постепен пристап кој функционира на три нивоа, на координативен начин:[124]

1. Последната линија на одбраната вклучува обид за заштита на населението и критичната инфраструктура од напад. Со развој и примена на научна технологија, се прават напори за оневозможување на самоубствените терористи да ги погодат нивните цели или да ги ублажат (преку подготовка) ефектите од нападот кој не бил спречен.
2. Средната линија на одбраната инволвира превентивно пробивање и уништување на терористичките организации и мрежи, најчесто преку комбинација на разузнавачки и воени акции.
3. Првата линија на одбраната подразбира разбирање и дејствување против основните причини за тероризам со цел драстично да се намали подложноста на потенцијалните регрути на пораките и методите на организациите кои го спонзорираат тероризмот, најчесто преку политички, економски и социјални акциски програми.

Спроведувањето на стратегијата и противмерките кои би произлегле од оваа стратегија со цел ублажување на последиците и превенција од нападите би ги чинело државите милијарди долари.

---

[123] Поимот доброволци на смрт, претставува синоним на поимите терористи-самоубијци, бомбаши-самоубијци, луѓе бомби, и како таков се споменува во (цитирам):
Gerard Chaliand; Arnaud Blin; *“HISTOIRE DU TERRORISME - De l’Antiquite a Al Qaida“*, Bayard Editions, Montrouge Cedex, 2006, p.421

[124] Милошевска Тања, „*Глобален тероризам*“, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр. 90.

Програмата за контрамерки при напади од бомбаши самоубијци презентира мерки на тактичко/оперативно и стратегиско ниво, поделени во 4 категории: набљудување (мониторинг), анализи и кооординација; проактивни мерки; одговор на инцидент (базирано на инциденти); и управување со последиците (исто така базирано на инциденти)[125].

| | Тактичко/оперативно | Стратегиско |
|---|---|---|
| **Мониторинг,** разузнавање. | Колекција од разузнавање. | - Колекција од |
| **Анализи и Координација** | Анализа на заканите. Меѓуагенции врски (оперативен простор). | - Анализа на заканите. - Меѓуагенциски врски (регионално до глобално). |
| **Проактивни мерки** | Способност за превенција/ тимови ловци за фаќање[126]. Способност за дизајн. Обука за подигнување на одговорни лица и цивили. Иницијални јавни понуди: книги за играње и избрани фолдери. Безбедносни мерки при книгите за играње. Електронско војување. Операции со информации. Специјализирана опрема и тренинзи. | - Редефинирање на интернационалното и националното право. - Одвраќање на непријателските сили. - Врска на целите со непријателските сили. - Врска на целите со извршителите. - Операции (религиозни). - Хјуминт/групна пенетрација и информери. - Елинт/групно набљудување. - Систем за рано преду-предување за опасност (ќелија/пејџер). |

[125] Peter Katona, Michael D. Intriligator and John P.Sillivan, *"Countering terrorism and WMD: Creating a Global Counter-terrorism Network*", Routledge, New York, 2006, p.107.
[126] Од англиска терминологија hunter-capture teams.

| | | |
|---|---|---|
| **Одговор на инцидент** (базирано на инцидент) | Заштита на силата.<br>Единица за отстранување експлозивни средства.<br>Тим со специјални оружја и тактики (SWAT teams).<br>Тим обучен да се справува со опасни материи (HAZMAT teams).<br>Тимови за контранадзор. | - Систем за известување на инциденти (ќелија/пејџер). |
| **Управување со последици** (базирано на инцидент) | Медицински третман.<br>Гаснење пожар и извлекување жртви.<br>Чистење од HAZMAT-тим/ деконтаминација.<br>Форензика по експлозија.<br>Криминално истражување.<br>Известување на јавноста.<br>Придобивки од осигурување.<br>Обнова на услугите. | - Ограничување на социјалното нарушување.<br>- Системот за известување при Програмата за доверливи патници (Trusted Traveler Program)[127]. |

Она што е важно за успешно справување со самоубиствените напади е фактот до кој степен всушност ќе се спроведат ваквите програми и стратегии.

### 5.1.2. Мерки за справување со самоубиствениот тероризам

Справување со самоубиствениот тероризам опфаќа голем број мерки кои можат да доведат до спречување или одвраќање на терористичките организации за извршување на самоубиствените напади. Ваквите мерки може да се поделат на дефанзивни и офанзивни мерки.

[127] Повеќе за оваа програма може да се најде на официјалниот сајт за Царинска и гранична заштита на САД: https://www.cbp.gov/travel/trusted-traveler-programs

## Дефанзивни мерки[128]

Дефанзивните мерки се обидуваат да ги спречат бомбашите самоубијци да стигнат до своите цели. Тие вклучуваат поставување физички бариери, поставување камери и системи за надзор, како и имплементација на блокади на патиштата, гранични контролни пунктови, итн. Може да се воведат некои ограничувања за да се блокира пристапот до информациите потребни за планирање самоубиствени напади (т. е. информации за клучната инфраструктура и рути или информации за цели). Воените единици во конфликтните зони можат да применат дополнителни одбранбени мерки: градење периметри, оклопување лесни возила, употреба на огнено оружје за одбивање на приближувањето на автомобили бомби итн. Не случајно самоубиствените операции извршени неодамна во Ирак предизвикаа повеќе цивилни жртви отколку воените, што не значи дека тие операции не ја оштетиле работата на сојузничките контрабунтовнички операции. Меѓутоа, со принудувањето на воените единици да ги зголемат мерките за самоодбрана, самоубиствените кампањи придонесоа за изолација на воените единици од цивилното население.

## Офанзивни мерки

Офанзивни мерки се оние мерки кои се обидуваат да го спречат или намалат спроведувањето на самоубиствените напади. Прелиминарна офанзивна мерка може да бидат превентивни напади против групи кои промовираат самоубиствени бомбашки напади со цел да ги намалат нивните ресурси и способности, т. е. уништување на нивната инфраструктура за обука, заробување на нивните водачи и милитанти, намалување на нивните извори на финансирање итн. Но, таквите активности вклучуваат ризици. Искуствата како израелско-палестинскиот конфликт исто така сугерираат дека офанзивните операции би можеле да помогнат да се зголеми бројот на симпатизери кои се подготвени да ги заменат бунтовниците кои се уапсени или убиени[129].

---

[128] Corte, Luis de la, and Andrea Giménez-Salinas. "Suicide Terrorism as a Tool of Insurgency Campaigns: Functions, Risk Factors, and Countermeasures." *Perspectives on Terrorism* 3, no. 1 (2009): 11–19. Available on: http://www.jstor.org/stable/26298395.

[129] Mia Bloom, "*Dying to kill. The Allure of Suicide Terror*", New York: Columbia University Press, 2005.

Секундарна офанзивна мерка која не смее да се потцени е собирањето на разузнавачките информации за радикалните организации. Самиот пристап до информациите за нивните намери, планови, ресурси, инфраструктура, и сл. ќе биде од клучно значење за да се застане на патот на идните вакви напади.

„Конечно, исто така од клучно значење е да се користи секој расположлив ресурс за да се намалат способностите на бунтовничката група за регрутирање. Пред сè, оваа цел бара имплементација на мерки за намалување на факторите на ризик кои придонесуваат за процесите на радикализација и поларизација. Следниве контрамерки ја продолжуваат оваа конечна цел:

1. Ублажување на секоја политичка, културна или социо-економска состојба што може да промовира чувство на закана или чувство на понижување, одмазда или омраза во реалните или виртуелните колективи кои можат да ги поддржат бомбашите самоубијци и нивната бунтовничка организација.

2. Примена на конкретни оперативни мерки за намалување на пристапот до пропагандата дистрибуирана за ширење на супкултурата на мачеништвото.

3. Спроведување информативни и контрапропагандни активности за да се спротивстави на аргументите и идеите што се користат за легитимирање на самоубиствено насилство. Треба да се напомне дека шансата за спротивставување на џихадистичкото самоубиствено насилство бара интензивна соработка со умерените лидери, институции и членови на муслиманската заедница“[130].

За успешно справување со нападите од терористите, треба постојано овие стратегии, програми и мерки да се ажурираат и целосно и детално да се имплементираат.

[130] Corte, Luis de la, and Andrea Giménez-Salinas. “Suicide Terrorism as a Tool of Insurgency Campaigns: Functions, Risk Factors, and Countermeasures.” *Perspectives on Terrorism* 3, no. 1 (2009): 11–19. Available on: http://www.jstor.org/stable/26298395.

## 5.2. САД и меѓународните организации во борба против тероризмот и самоубиствениот тероризам

Нападите од 11.9 во САД целосно ги променија светското гледиште и пристапот во однос на тероризмот. Америка беше само сон за терористите (како што многумина сметаа), но во 2001 година стана реалност.

Тероризмот и во години пред 2001 бил присутен во Америка, но немал некое значајно влијание врз политичкиот и општествениот живот на Соединетите Американски Држави.

Безбедносните експерти во САД посветувале големо внимание на тероризмот. Со оглед на претходните напади на настаните со голема концентрација на народ, напади врз инфраструктурата на Њујорк, план за соборување на 11 американски авиони врз територијата на Азија и првичните обиди да се урнат двете кули близначки, безбедносните аналитичари сигнализирале голема загриженост и ги насетувале терористичките напади на 11 септември.

Настаните на 11.9 во кои загинаа 2 977 лица вклучија четири координирани самоубиствени напади на исламските терористи, членови на ал-Каеда. Раководството на ал-Каеда го потврдило нападот велејќи дека САД биле цел на одмазда за нивната империјалистичка агресија против муслиманскиот свет[131].

Во 2002 година била донесена Стратегијата за национална безбедност при што прво барање било симнување на режимот во Ирак предводен од Садам Хусеин. Во 2003 година е донесена Националната стратегија за борба против тероризмот.

Стратегијата на САД за борба против тероризмот се состои од четири столба:

(1) да се поразат терористите и нивните организации,

(2) да се одбијат спонзорството, поддршката и засолништето на терористите,

---

[131] Официјален веб-сајт на медиумот Al Jeezera: https://www.aljazeera.com/news/2004/11/1/full-transcript-of-bin-ladins-speech

(3) да се намалат основните услови и

(4) да се бранат граѓаните и интересите на САД, дома и во странство[132].

Во глобалната војна против тероризмот особено загрозени биле териториите на Авганистан, Ирак и нивната околина, каде што се спроведувале антитерористичките операции на САД. Оваа војна против тероризмот САД пробуваше да ја легализира и на некој начин му успеваше. Собра голем број меѓународни сојузници кои им помагаа да го срушат режимот во Авганистан и Ирак и да ги елиминира територијалните бази на ал-Каеда. Одговорот за нападите од 11.9 всушност беше помасовна употреба на вооружените напади.

САД придаваат значење и на алатките за „мека моќ", кои всушност биле именувани први во списокот – „дипломатски, економски, спроведување на законот, финансиски, информациски, разузнавачки и воени"[133] инструменти – сите се користат во борбата против тероризмот.

Европската Унија по нападите од 11.9 донесоа неколку документи кои требаше да се борат против тероризмот, такви биле: Декларацијата за борба против тероризмот (2004), стратегијата за борба против тероризмот (2005), концептуална рамка за димензијата на ЕСДП за борбата против тероризмот, стратегија за антирадикализација (2005), акциски план на ЕУ за борба против тероризмот (2004) земени заедно од антитерористичката политика на ЕУ. Поделбата на антитерористичката стратегија на ЕУ на стратегија за борба против тероризмот и стратегија за антирадикализација укажува на важноста што ЕУ ја придава на идеолошкиот аспект на справувањето со тероризмот.

Стратегијата за борба против тероризмот на ЕУ се состои од четири столба: спречување, заштита, следење и одговор, и пред сѐ вклучува алатки за „мека моќ" (информации, разузнавачки информации и внатрешно споделување, колективни политички одговори, правни и полициски инструменти и меѓународна соработка). „Тешките мерки" за ЕУ вклучуваат, на пример,

[132] U.S. National Strategy to Combat Terrorism, February 2003.
[133] Исто.

„забрана на сателитски преноси кои поттикнуваат тероризам“[134]. Улогата на цивилните агенции како Европол и Европравда е силно нагласена.

Обединетите нации ја нагласуваат својата Глобална стратегија за борба против тероризмот која се состои од 4 столба:

• Столб (I ) за решавање на условите погодни за ширење на тероризмот;

• Столб (II) спречување и борба против тероризмот;

• Столб (III) градење на капацитетите на државите за спречување и борба против тероризмот и зајакнување на улогата на системот на ОН во овој поглед; и

• Столб (IV) кој обезбедува почитување на човековите права и владеењето на правото како основна основа на борбата против тероризмот[135].

## 5.3. Дали стратегиите за борба против тероризмот доведуваат до негово намалување?

Донесувањето стратегии, програми и мерки против самоубиствениот тероризам се сметало дека ќе доведе до негова превенција и намалување на бројот на самоубиствените напади. Но, дали тоа би донело намалување на агресијата и воопшто стагнација на терористичките напади и нивната промовираност?

Намалувањето на самоубиствените напади може да доведе до зголемување на другите начини за искажување на терористичкото лудило. Самоубиствениот тероризам може да биде заменет со други форми на тероризам (на пр. НХБ тероризам). Новата форма на тероризам може да биде уште поразорна од претходната, па затоа државите треба да се борат да пронајдат стратегии со кои ќе се доведе до намалување на употребата на терористичките акти.

---

[134] Communication from the Commission to the European Parliament and Council, concerning “Terrorism Recruitment: Addressing the Factors Contributing to Violent Radicalization,” September 21, 2005, достапно на: http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/site/en/com/2005/com2005_0313en01.pdf).

[135] “Implementing the United Nations Global Counter-Terrorism Strategy in Central Asia“, Concept Paper, достапно на: https://www.un.org/es/terrorism/ctitf/pdfs/centr_asia_implementing_concept_note_eng.pdf

Во теоријата и во практиката за борбата против тероризмот се наведени три различни димензии или модели за реакција на тероризмот:

1. Употреба на политика и дипломатија;
2. Употреба на спроведување закони и системи за казненото законодавство;
3. Употреба на вооружени сили[136].

Дали ова ќе помогне да се намали активноста на тероризмот? Според критиките од јавните мислења, не само што не се намалува туку и се зголемува.

За ова е доказ спроведената кампања за борба против тероризмот на САД за која „агенциите за разузнавање проценуваат дека последователната инвазија на Ирак повеќе го зголемила отколку што го намалила бројот на транснационалните терористи“[137].

Кампањата на САД за окупација на регионите во Блискиот Исток и делови од Јужна Азија во период по објавувањето на војната против тероризмот доведе до масовна експанзија на самоубиствените терористички напади, кои терористите ги сметаа за најповолен одговор со кој ќе се докаже нивниот отпор против американската окупација. Последователно на ова, Ирак, Авганистан и Пакистан ги заседоа првите три места (топ3) на држави во светот во кои најмногу се употребуваат бомбашките напади[138].

Џефри Д. Сајмон заклучил дека клучна поука од искуство за тероризмот е „не објавувај никаква официјална ’политика‘ за тероризмот“[139]. Тој посочува дека всушност борбата против тероризмот треба да се одвива тајно, без многу зборување, а повеќе да се прикаже на терен.

[136] Милошевска Тања, „*Глобален тероризам*“, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр. 167
[137] Joseph S, Nye, Jr, “*Understanding International Conflict“,* Logman classics in political science, превод-Академски печат, Скопје, 2008, стр. 343.
[138] Извор: Global Terrorism Index 2023
[139] Одри Курт и Џејмс М. Лудс, „*Напад на тероризмот: Елементи на грандиозна стратегија*“, (превод: Менка Нелковска Кезуновска), Нампрес, Скопје, 2009, стр.79.

## 5.4. Справување со новиот тероризам

Евидентно е дека терористичките организации денес го искористуваат брзиот развој на информатичката технологија и преку неа креираат нови техники за докажување на терористичката моќ. Тероризмот доби нова форма, односно е надополнет со нови видови тероризам (пр. сајбертероризам). Она што во минатото беше приоритет кај терористичките организации за да може директно да биде погодена целта беа нападите преку техниките за самоубиствени напади и физичките гаѓања со оружјата за масовно уништување, при што целта не може да не биде остварена. Денес вакви гаѓања се заменија со употреба на дроновите кои, освен за прецизно гаѓање, може да се користат и за извидувања, односно набљудувања на територии далеку од нас. А интернетот денес се користи како средство за брза комуникација на терористите од целиот свет. Терористичките организации преку своите спонзори, односно извори на финансирање (често може да бидат и држави) се во постојан тек со најновите технологии и лесно доаѓаат до најсофистицирана опрема.

Антитерористичката стратегија треба да ги земе предвид следниве препораки:

- Континуирано следење на начините на користење информациски технологии на терористичките организации и разликување на влијанието на нивните организациски и офанзивни можности;
- Противмерките и соодветните анти/контратерористички активности мора да бидат насочени кон текот на информации (попречување, прекин на текот, дезинформации и др.);
- Неопходна е заштита на информатичката структура бидејќи нејзината солидна заштита резултира со успешно одвраќање на нападите[140].

Ефективниот антитероризам ќе биде резултат на координирана, интегрирана стратегија со повеќе слоеви кои вклучуваат: одбрана на критична инфраструктура и одговор при итни случаи; собирање разузнавачки информации; и политички, социјални и економски програми кои се занимаваат

[140] Милошевска Т., „*Глобален тероризам*“, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр. 179

со основните причини за самоубиствениот тероризам и се насочени кон намалување на потенцијалните регрути[141].

Навременото комуницирање, континуираното и ажурно пренесување на информациите меѓу меѓународните организации за безбедност, макотрпното анализирање на валидните информации кои се клучни за одредени настани во светски рамки ни носат добра превенција и подготвеност за каква било закана.

Иако не постои демократски, задолжен и признат внатрешен столб за антитерористичка борба и стратегија во организациите на Европската Унија, државите треба да се поврзат преку своите институции за безбедност со соодветните на нив во државите во светот. Борбата против тероризмот бара мултидимензионален пристап кон сите видови тероризам, преку колективни напори на глобалната заедница. Сите цивилизирани општества мора да ги искористат своите дипломатски, информациски, воени и економски способности за да ги поразат терористичките организации насекаде, да ги одвратат државните и недржавните финансирања на терористичките организации и да ги уништат причините за тероризам[142].

[141] Harmon, Vanessa, Edin Mujkic, Catherine Kaukinen, and Henriikka Weir. *"Causes and Explanations of Suicide Terrorism: A Systematic Review"*, Homeland Security Affairs 14, Article 9, p.42 (December 2018), достапно на: https://www.hsaj.org/articles/14749.

[142] Котовчевски М., *„Борба против тероризам"*, Македонска Цивилизација, Скопје, 2004, стр. 278-284.

# 6. ЗАКЛУЧОК

Самоубиствените терористички напади се покажаа како најсмртоносната форма на тероризам со нападите на 11.9 во САД во 2001 година која донесе пресвртница во светот во однос на борбата против тероризмот. Но, наместо намалување, дојде до масовна експанзија на тероризмот и особено на самоубиствениот тероризам во регионите на Јужна Азија и Блискиот Исток каде што се чини овој тренд ќе се задржи уште „долги“ години.

Денес самоубиствениот тероризам сè уште претставува загрижувачки феномен во Пакистан каде што самоубиствените терористички напади во 2023 година доживеале пораст за 93 % во однос на нападите во 2022 година, а бројот на жртви се зголемил за 226 % и на повредени за 101 %[143].

Војната во Газа ги врати самоубиствените напади повторно на таа сцена. Палестинските терористички групи испраќаат бомбаши самоубијци против израелските трупи, а, со оглед на нивната ефикасност и големата медиумска покриеност, во иднина се очекува да се зголемат самоубиствените напади против копнените сили на Израел[144]. Во Авганистан во октомври 2023 година, Исламската Држава го потврдила извршениот бомбашки напад врз авганистанското малцинство Шиити со што ја продолжува фаворизација на ваквите напади особено против ова малцинство[145]. Овие податоци го привлекуваат вниманието на медиумите и на светските организации за мир и безбедност кои бараат итни мерки и санкции.

Во светски рамки самоубиствените терористички напади се насочија повеќе кон меките цели и објекти (како што се: трговските центри, хотелите, музеите, стадионите и сл.), бидејќи штетата и фаталноста во овие објекти е поголема. Со ваквите напади, терористичките организации ја покажуваат својата моќ и се

[143] Steven Ganot, “Pakistan Witnesses Decade-High Suicide Attacks in 2023“, *The Media Line Ltd.* Објавено на: 26.12.2023. достапно на: https://themedialine.org/mideast-daily-news/pakistan-witnesses-decade-high-suicide-attacks-in-2023/

[144] Joe Truzman, “Gaza war: Palestinian terrorist groups dispatch suicide bombers against Israeli troops”, *Long War Journal*, Public Multimedia Inc. Објавено на: 19.12.2023. достапно на: https://www.longwarjournal.org/archives/2023/12/gaza-war-palestinian-terrorist-groups-dispatch-suicide-bombers-against-israeli-troops.php

[145] „Islamic State Claims Responsibility For Deadly Suicide Bombing At Mosque In Afghanistan“, by: RFE/RL’s Radio Azadi, *RadioFreeEurope RadioLiberty*, објавено на: 14.10.2023. достапно на: https://www.rferl.org/a/afghanistan-shiite-mosque-bombing-islamic-state-responsibility/32637481.html

спротивставуваат на политиките на државите цел на напад, кои вообичаено се борат против тероризмот, но истовремено и го спонзорираат.

Стратегиските цели поради кои најчесто се извршуваат самоубиствените операции се следните: протерување на странските окупаторски сили; добивање национална независност; дестабилизација или замена на политички режим; во тек е интензивирање на насилен конфликт; и прекинување некој процес на мирни решенија за политички, етнички или верски конфликт[146].

На прашањата во врска со психологијата на терористи самоубијци, дали тие се одмаздољубиви, нарушени личности, заведени или пак разумни луѓе, се доаѓа до заклучок дека терористите самоубијци се „нормални" поединци, но нивните активности се „ненормални", односно екстремни. Не постои еден универзален тип на личност што би го опишал терористот самоубиец, бидејќи тие може да се појават во различни форми и облици.

Она што го објаснува високиот степен на поврзаност помеѓу религиозните екстремистички групи и самоубиствените терористички напади и нивната подготвеност да го жртвуваат својот живот е тоа што тие ги гледаат своите дела како морално исправни, дури и како божји дела. Она што во други услови би било очајнички чин станува верска должност во свеста на верски мотивираниот терорист.

Волонтерството е еден начин да се „искаже" поддршка или противење на активностите на милитантите. Ако постои логика на индивидуално ниво за напаѓачите самоубијци – ако е вистина дека ќе се слави самопожртвуваност и дека луѓето учествуваат во самоубиствени напади затоа што сакаат да бидат прославени како маченици – тогаш потенцијалните придобивки од овие напади ќе се намалат со намалување на веројатноста за успех на нападот. Ова исто така е во согласност со идејата дека намалувањето на самоубиствените бомбашки напади е поврзано со намалувањето до пристапот на целите[147].

[146] Corte, Luis de la, and Andrea Giménez-Salinas. *"Suicide Terrorism as a Tool of Insurgency Campaigns: Functions, Risk Factors, and Countermeasures." Perspectives on Terrorism* 3, no. 1 (2009): 11. Достапно преку: http://www.jstor.org/stable/26298395.

[147] Schmid, Alex P. Free Online Publication: „*Handbook of Terrorism Prevention and Preparedness*". The Hague: ICCT Press, 2021. p. 777-778. Достапно преку: https://www.jstor.org/stable/27030913

Аналитичарите, научниците и експертите за контратероризам немаат кристални топки за да видат кои напади се неизбежни и кој се подготвува да изврши самоубиствена мисија[148]. Но, може да ги откријат и разберат атрибутите на самоубиствениот тероризам со цел да може да се осмислат ефективни стратегии за борба против него.

Разузнавањето ни претставува клуч за осмислување успешни стратегии кои ќе доведат до намалување на самоубиствениот тероризам. Со истражувањата во однос на идентитетите, мотивациите, целите на напад, начините на регрутација, како и начините на извршувањето на нападите од терористите самоубијци, ние сме веќе чекор пред нив.

На нас е да осмислиме како да дознаеме дека одреден терорист ќе изврши самоубиствен напад и да го спречиме пред да се оствари тоа. Доколку се следат активностите на терористичките организации и нејзините членови терористи, нивната комуникација, доколку попречуваме во нивните напади и ги пронајдеме нивните слабости, самоубиствениот тероризам и воопшто тероризмот со сигурност ќе дојде до опаѓање.

Од огромно значење е да се знаат оперативното опкружување на терористите, нивниот начин на работа и потенцијалните жртви. Општо земено, напаѓачите самоубијци речиси никогаш не дејствуваат сами, тие се „сервисирани“ од огромна и сложена логистика, затоа е важно не само да се фокусираме на потенцијалот, туку и на инфраструктурата на организацијата која е од суштинско значење за започнување и одржување на операциите за самоубиствени напади. За сето ова, неопходен е интердисциплинарен и координиран пристап на сите државни безбедносни агенции, сите информации треба да се споделат што е можно поскоро, планираните антитерористички акции да се направат во координација со сите државни и локални безбедносни агенции[149].

---

[148] Alakoc, B. P. “*When Suicide Kills: An Empirical Analysis of the Lethality of Suicide Terrorism*”. *International Journal of Conflict and Violence (IJCV)*, vol. 11, Dec. 2017, p.14, doi: 10.4119/UNIBI/ijcv.493
[149] Hofman B., *“The Logic of Suicide Terrorism”*, RAND Corporation, Reprinted with permission from Atlantic Monthly, Vol. 291 No. 5, June 2003.

Разузнавачките и безбедносните служби треба да ја зголемат комуникацијата помеѓу себе и постојано да ги следат новите трендови кои ги пратат терористичките организации. Во борбата против самоубиствениот тероризам особено би било од корист доколку разузнавачките служби воспостават посебни оддели за истражување и спречување на самоубиствените терористички напади, бидејќи секоја форма на тероризам се одликува со посебни специфики, па затоа и самото справување со неа подлежи на посебни мерки и стратегии.

Терористичките организации се борат против глобализацијата и глобалното здружување, а за успешно да се справат со глобалните предизвици и закани како што се тероризмот и самоубиствениот тероризам, државите мораат да го скршат сонот на терористите и глобално да им одговорат. Само здружени со постојана комуникација и соработка може да се спротивставиме и да ги спречиме заканите и нападите од самоубиствениот тероризам.

И покрај развојот на новите технологии и иновациите во начини за војување, самоубиствениот тероризам останува многу атрактивна, фатална тактика за терористичките организации.

Но, доколку истражуваме – ќе дознаеме, а доколку дознаеме – ќе превенираме, доколку превенираме – можеме да спречиме.

Пред сѐ, се работи за нашата безбедност и мир – за нас!

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Adams J. “*Exploring the Frontiers of Espionage*“, Pimliko, London, 1995.
2. Alex P. Schmid, *“Political Terrorism: A Research Guide to Concepts, Theories, Data Bases and Literature“*, Amsterdam: North-Holland, 1984.
3. Alakoc, B. P. “*When Suicide Kills: An Empirical Analysis of the Lethality of Suicide Terrorism”*. International Journal of Conflict and Violence (IJCV), vol. 11, Dec. 2017, p.14, doi: 10.4119/UNIBI/ijcv.493
4. Andrew Silke, *“Terrorists, Victims and Society – Psychological Perspectives on Terrorism and its Consequences”,* Wilke, England, 2003.
5. Ami Pedanzur, “*ROOT CAUSES OF SUICIDE TERRORISM: The globalization of martyrdom*”, Routledge, New York, 2006.
6. Benjamin R. Davis, “Ending the Cyber Jihad: Combating Terrorist Exploitation of the Internet with the Rule of Law and Improved Tools for Cyber Governance” Vol.15 COMMLAW CONSPECTUS 119, 2006, достапно на: https://scholarship.law.edu/commlaw/vol15/iss1/7
7. Bolz, Frank, Kenneth J Dudonis, and David P Schulz. *“The Counterterrorism Handbook: Tactics, Procedures, and Techniques“*. 3rd ed. Boca Raton (Fla.): CRC press, 2005.
8. Capan Ergun, “*An Islamistic Perspective: Terror and Suicide Attacks*“, Mega Basim, Istanbul, 2004.
9. Corte, Luis de la, and Andrea Giménez-Salinas. “*Suicide Terrorism as a Tool of Insurgency Campaigns: Functions, Risk Factors, and Countermeasures*.” Perspectives on Terrorism 3, no. 1 (2009): 11–19 достапно на: http://www.jstor.org/stable/26298395.
10. Central Intelligence Agency, *“A Consumers Guide to Intelligence*“, Office of Public Affairs, 1999.
11. Communication from the Commission to the European Parliament and Council, concerning “*Terrorism Recruitment: Addressing the Factors Contributing to Violent Radicalization,*” September 21, 2005. достапно на: http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/site/en/com/2005/com2005_0313en01.pdf).
12. Derrick Tin, Jordan Galehan, Vesna Markovic and Gregory R. Ciottone, “*Suicide Bombing Terrorism”*, Published online by Cambridge University Press, October 2021, достапно на: https://doi.org/10.1017/S1049023X21001151

13. Diaz Gustavo, Alfonso Merlos -Research Paper- *“The role of Intelligence in the Battle against Terrorism on the Internet: Revisiting 3/11*” – Research paper No.117, January 2008.
14. Duvenage P., Hough M., *“The conceptual structuring of the intelligence and the counterintelligence processes: Enduring holy grails or crumbling axioms–quo vadis?”,* Strategic Review for Southern Africa, University of Pretoria, Pretoria, 2011.
15. Donald Pearson, *“Tracking Terrorists Throught Open Sources*”, Journal of Counterterrorism & Security International Vol: 6 Iss: 1, 1999 достапно на: https://www.ojp.gov/ncjrs/virtual-library/abstracts/tracking-terrorists-through-open-sources
16. George Rosie, *„International Terrorism: a New Mode of Conflict“*, Los Angeles, 1975.
17. Gerard Chaliand; Arnaud Blin; “*HISTOIRE DU TERRORISME - De l’Antiquite a Al Qaida*“, Bayard Editions, Montrouge Cedex, 2006.
18. Graeme R. Newman & Ronald V. Clarke, „*Outsmarting the Terrorists*“, Praeger Securi.
19. Gunaratna R., “*Suicide Terrorism: A Global Threat*”, Senior Research Associate, Centre for the Study of Terrorism and Prevention of Political Violence, University of St. Andrews, 2000. ty International, 2006.
20. Fahri Erenel, Nuriye N. Happani*, “The Human Body Becoming a Terrorist’s Weapon: The Phenomen of Suicide Terrorism”,* 2021, p. 189, достапно на: https://dergipark.org.tr/tr/download/article-file/1785274
21. Institute for Economics and Peace, *Global Terrrorism Index 2023,* Sydney, 2023.
22. “Implementing the United Nations Global Counter-Terrorism Strategy in Central Asia“, Concept Paper, достапно на: https://www.un.org/es/terrorism/ctitf/pdfs/centr_asia_implementing_concept_note_eng.pdf
23. Halder Radhika, *„Understanding Suicide Terrorism“*, Routledge, Taylor and Francis, 2020.
24. Harmon, Vanessa, Edin Mujkic, Catherine Kaukinen, and Henriikka Weir. “*Causes and Explanations of Suicide Terrorism: A Systematic Review*.” Homeland Security Affairs 14, Article 9, p.42 (December 2018), достапно на: https://www.hsaj.org/articles/14749.

25. Herman Michael, „*Intelligence Power in Peace and War*“, Cambridge University Press, United Kingdom, 2006.
26. Hoffman B., “*Inside Terrorism*“, New York: Columbia University Press, 2006.
27. Hofman B., “*The Logic of Suicide Terrorism”,* RAND Corporation, Reprinted with permission from Atlantic Monthly, Vol. 291 No. 5, June 2003.
28. Jakana L. Thomas, “Wolves in Sheep’s Clothing: Assessing the Effect of Gender Norms on the Lethality of Female Suicide Terrorism“, Published online by Cambridge University Press: 16 march 2021.
29. Javorovie B., Milandzic M., „Poslovne informacije i business intelligence“, Golden marketing-Technicka knjiga, Zagreb,2007.
30. Jared Edgerton, *“WHO REALLY CHOOSES TO BECOME A SUICIDE BOMBER?*“, Institute of Wodern War at West Point, 2021, достапно на: https://mwi.westpoint.edu/who-really-chooses-to-become-a-suicide-bomber/
31. Johnson, L.K., “*Essentials of Strategic Intelligence*“, Santa Barbara, CA, 2015.
32. Johnson, William R., “Thwarting Enemies at Home and Abroad: How to Be a Counterintelligence Officer”, Bethesda, MD: Stone Trail Press, 1987.
33. Joseph S, Nye, Jr, “Understanding International Conflict“, Logman classics in political science, превод-Академски печат, Скопје, 2008.
34. Kessler, R.*, “Inside the CIA“*, Simon and Schuster, 1994.
35. Keegan, J., *“Intelligence In War*“, Random House, 2010.
36. Luis de la Corte, Andrea Gimenez-Salinas, “*Suicide Terrorism as a Tool of Insurgency Campaingns: Functions, Risk Factors, and Countermeasures*”, Research paper: Perspectives on Terrorism, Vol.3 No.1., April 2009.
37. Mariusz Antoni Kaminski, “Intelligence Sources in the Process of Collection of Information by the U.S. Intelligence Community” – Security Dimensions No.32, December 2019.
38. Michael Herman, “*Intelligence power in peace and war*“, Royal Institute of International Affairs, Cambridge, United Kingdom, 1996.
39. Mia Bloom, “*Female Suicide Bombers: A Global Trend“,* Published by: The MIT Press, American Academy of Arts and Sciences, April 2023, достапно на: https://www.jstor.org/stable/20028092
40. Mia Bloom, “*Mother, daughter, sister, bomber”*. Bulletin of the Atomic Scientists Vol.61 Iss.6, Research Article, 2005.

41. Mia Bloom, "*Dying to kill. The Allure of Suicide Terror*", New York: Columbia University Press, 2005.
42. Momayezi, Nasser and Momayezi, Michael Lewis, "Suicide Terrorism: Motivations beyond Religion and the Role of Collectivism," *The Journal of Public and Professional Sociology*: Vol. 9: Iss. 1, Article 4.,2017 достапно на: https://digitalcommons.kennesaw.edu/jpps/vol9/iss1/4
43. Mobley W. Blake, "*Terrorism and Counter-Intelligence*", Columbia University Press, August 2012.
44. Miloshevska Tanja, Mirsad Buzar, "Media Coverage of Urban Terrorism-New Challenges and Prospects". *Security Dialogues,* 2019.
45. Miloshevska Tanja, "The Islamic State-a terrorist organization, a criminal organization or an insurgency?" *Contemporary Macedonian Defense*, Ministry of Defense, Republic of Macedonia, Vol. 17, December, No.33, 2017.
46. Okowita, Samantha Louise, *"Female Suicide Terrorism: An analysis of trends and group motivations linked to the increase in female participation as suicide bombers*", Master's Thesis, University of Tennessee, 2017.
47. Peter Katona, Michael D. Intriligator, John P. Sullivan, „*Countering terrorism and WMD: creating a global counter-terrorism network*", Routlegde, New York, 2006.
48. Polmer, N. & Allen. B.T. „*Enciclopedia of Espionage*", Gramercy Books, New York, 1997.
49. Radoslaw Fiedler, "*Suicide Terrorism in the Strategy of Hamas and al-Qaeda*", Institute of Political Science and Journalism, Adam Mickiewicz University, Poznañ, p.95, достапно на: http://studiastrategiczne.amu.edu.pl/wp-content/uploads/2010/10/02-fiedler.pdf
50. Ranelagh, J., "*CIA: A History*", BBC Books, 1992.
51. Rex A. Hudson, "*Who Becomes a Terrorist and Why?*", Lyons Press, Guilford, 2002.
52. Riaz Hassan, "*Suicide bombing*", Routledge, New York, 2011; достапно на: https://books.google.mk/books?id=DgQ_opkHdJ0C&printsec=frontcover
53. Robert W. Taylor; Charles R.Swanson. *"Terrorism, Intelligence and Homeland Security*" – Second edition – Copyright 2019, 2016 by Pearson Education.
54. Robert A. Pape, *"U.S. RESTRAINT AND THE SHARP DECLINE OF SUICIDE ATTACKS AROUND THE WORLD",* Chicago Project on Security and Threats,

Chicago, March 2023, p.6, достапно на:
https://cpost.uchicago.edu/publications/u.s_restraint_and_the_sharp_decline_of_suicide_attacks_around_the_world
55. Prunckun H., *“A Grounded Theory of Counterintelligence“,* American Intelligence Journal, Vol. 29, No. 2, 2011, p.8, достапно на: https://www.jstor.org/stable/26201945?searchText=counterintelligence&seq=3
56. Schmid P. Alex, „*The Routlegde Handbook of Terrorism Research*“, Routlegde, New York, 2011.
57. Schmid P. Alex, Free Online Publication: „*Handbook of Terrorism Prevention and Preparedness*“. The Hague: ICCT Press, 2021. p. 777-778, достапно на: https://www.jstor.org/stable/27030913
58. Schmid P. Alex; Jongman, J. Albert, „*Political Terrorism: A New Guide to Actors, Authors, Concepts, Data Bases, Theories and Literature“*, Amsterdam: North-Holland Publishing Company, 2008.
59. Schweitzer, Yoram, *„Suicide Terrorism: Development & Characteristics“*, International Institute for Counter-terrorism, 2000.
60. Subramanyam M., “Motivation leading to radicalization in terrorists“, Research Article: *Forensic Research & Criminology International Journal*, Volume 6: issue 4, 2008. DOI: 10.15406/frcij.2018.06.00221
61. Silke Andrew, *„Terrorists, victims, and society: psychological perspectives on terrorism and its consequences“*, Wilke, University of Leicester, UK, 2003.
62. Tesi di Laurea, *“The Role of Intelligence in the Fight Against International Terrorism: Legal Profiles“,* Ca`Foscati University of Venice, 2011/2012.
63. Todd Sandier, *“Terrorism: what everyone needs to know”,* Oxford University Press, New York, 2018.
64. Townsend E., “Suicide terrorists: are they suicidal?”, Suicide LifeThreat Vol.37 ISS.1, *Official Journal of the American Assocation Suicidology*, 2007, p.35–49, достапно на: https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1521/suli.2007.37.1.35
65. U.S. National Strategy to Combat Terrorism, February 2003.
66. Батковски Т., *„Разузнавачка и бездносно - контраразузнавачка тактика*“, Јофи скен, Скопје, 2008.
67. Божиновски Владимир, *„Организацијата и улогата на современите разузнавачки служби во справувањето со новите безбедносни закани“,* Магистерски труд, Скопје, 2021.

68. *Војно дело*, Министерство за одбрана на Република Србија, издание 3/2017.
69. Дојчиновски Методија, Фердинанд Оџаков*, „Разузнавачки операции и асиметрични закани“,* Соларис Принт, Скопје, 2010.
70. ДЦАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор, ТЕМАТСКО РЕЗИМЕ | “*Функции на контраразузнавањето и прогонот во разузнавачкиот сектор*“, 2020 год., достапно на: https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/CI_LAW_Enforcement_MKD_Feb2021.pdf
71. Жерар Шалијан и Арно Блин , „*Историја на Тероризмот од антиката до денес*“, (превод: Елизабета Трпковска), Скопје, 2009.
72. Котовчевски М., Котовчевска Б., „*Англиско-македонски речник на разузнавачка и контраразузнавачка терминологија*“, Филозофски факултет, Скопје, 2013.
73. Котовчевски М., „*Менаџирање на терористички закани*“, Филозофски факултет, Скопје, 2011.
74. Котовчевски М., „*Основи на разузнавање*“, Филозофски факултет, Скопје, 2013.
75. Котовчевски М., „*Современ тероризам*“, Македонска цивилизација, Скопје, 2003.
76. Котовчевски М. „*Современи разузнавачки служби*“, Македонска цивилизација, Скопје, 2002.
77. Котовчевски М., „*Борба против тероризам*“, Македонска Цивилизација, Скопје, 2004.
78. Мајк Мегваер, Род Морган и Роберт Рајнер, „О*ксфордски прирачник за криминологија*“, (превод од англиски: Адријана Папиќ, Гордана Пејковска, Ема Кузмановска);, Нампрес Скопје, 2010.
79. Мајкл Херман, *„Моќта на разузнавањето во мир и во војна“*, (превод:Данче Анастасовска), Скопје, 2009.
80. Мандиќ М., *„Самоубилачки тероризам у савременом свету“*, Задужбина Андриевиќ, Београд, 2014.
81. Милошевска Т., „*Глобален тероризам*“, Филозофски факултет, Скопје, 2018.
82. Милошевска Т., „Терористи-самоубијци“, *Годишен зборник*, Филозофски факултет, Скопје, 2008, достапно на: https://repository.ukim.mk/

83. Нацев, З, Петрески Т. „*Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика*“, Европа 92, Кочани, 2013.
84. Одри Курт и Џејмс М. Лудс, „*Напад на тероризмот: Елементи на грандиозна стратегија*“, (превод: Менка Нелковска Кезуновска), Нампрес, Скопје, 2009.
85. Оџаков Ф., „*Разузнавачките служби во борба против тероризмот и организираниот криминал*“, Соларис Принт, Скопје, 2010.
86. Томас Квигин, „*Да се види невидливото - Разузнавање за национална безбедност во несигурно време*“, (превод од англиски јазик Марија Џонс), Магор, Скопје, 2009.
87. Џонатан Р. Вајт (Jonathan R. White), „*Тероризам*“, Александриа прес, Београд, 2004.

## Веб-страници:

1. Женевскиот центар за управување со безбедносен сектор, достапно на: https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/DCAF_BG_12_Intelligence%20Services.pdf
2. Американската агенција за дефанзивно контраразузнавање и безбедност (DCSA), достапно на: https://www.dcsa.mil/
3. Федералното биро за истражување (ФБИ), достапно на: https://www.fbi.gov/investigate/counterintelligence
4. Chicago Project on Security and Terrorism Suicide Attack Database, достапно на: https://web.archive.org/web/20160124010022/http://cpostdata.uchicago.edu/search_new.php
5. Националната безбедносна агенција на САД, достапно на: https://www.nsa.gov/Signals-Intelligence/Overview/
6. Универзитетот од Чикаго. Chicago Project on Security and Threats, достапно на: https://cpost.uchicago.edu/research/suicide_attacks/why_study_suicide_attacks/https://cpost.uchicago.edu/research/suicide_attacks/database_on_suicide_attacks/
7. Царинска и гранична заштита на САД, достапно на: https://www.cbp.gov/travel/trusted-traveler-programs

8. Медиум Al Jeezera, достапно на: https://www.aljazeera.com/news/2004/11/1/full-transcript-of-bin-ladins-speech
9. Медиум Линкед Ин, достапно на: https://www.linkedin.com/pulse/4-tactical-advantages-suicide-bombings-endro-sunarso-
10. Steven Ganot, "Pakistan Witnesses Decade-High Suicide Attacks in 2023", The Media Line Ltd. Објавено на: 26.12.2023. достапно на: https://themedialine.org/mideast-daily-news/pakistan-witnesses-decade-high-suicide-attacks-in-2023/
11. Joe Truzman, "Gaza war: Palestinian terrorist groups dispatch suicide bombers against Israeli troops", Long War Journal, Public Multimedia Inc. Објавено на: 19.12.2023. достапно на: https://www.longwarjournal.org/archives/2023/12/gaza-war-palestinian-terrorist-groups-dispatch-suicide-bombers-against-israeli-troops.php
12. „Islamic State Claims Responsibility For Deadly Suicide Bombing At Mosque In Afghanistan", by: RFE/RL's Radio Azadi, RadioFreeEurope RadioLiberty, објавено на: 14.10.2023. достапно на: https://www.rferl.org/a/afghanistan-shiite-mosque-bombing-islamic-state-responsibility/32637481.html